СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-7742/86
22.12.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

Денеска ја одржуваме 21-та седница на Советот на Општина Кавадарци последна за оваа тековна 2022година. Донесуваме важна одлука за наредната година,а тоа е донесување на Буџетот на Општина Кавадарци. Затоа во каков правец сакаме да се движи нашата Општина во наредната година. Пред почетокот на самата седница да ве известам дека седницата ќе оде онлајн во живо на телевизија КТВ и е пуштена, така да во однос на цигари и во однос на начин на комуникација меѓу советниците, ве молам на едно повисоко и подостоинствено ниво, бидејќи не гледат граѓаните, а за тие нас да не ценат треба да се почитуваме и ние тука едни кон други.

На денешната седница присуствуваат 18 советници, со тоа што советникот Ристе Сакалиев ми се јави, ми кажа дека ќе дојде за едно 10-15 минути. Имаме присутни 18 членови на Советот на Општина Кавадарци.

Со тоа констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува за денешниот предложен дневен ред.

Со Решение за свикување на денешната седница доставен е и Записник на 20-тата седница од Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2022 година.

Ве молам дали има забелешки по Записникот на 20-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Бидејќи нема забелешки Записникот на претходната седница го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 20-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работата на седницата закажана за денес и тоа:

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2023 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023;
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2023 година;
5. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на платите на вработените во ТППЕво Општина Кавадарци за 2023 година;
6. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;
7. Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2023 година;
8. Предлог-Одлука за измена на распоредот-пренамена на средствата на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
9. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
10. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (првородено дете во 2023);
11. Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2023 година;
12. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година;
13. Извештај за реализација на Програмаза изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2022 година;
14. Предлог-Програмаза изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2023 година;
15. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;
16. Предлог-Програма за комунални дејности за 2023 година;
17. Предлог-Програмаза активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2023 година;
18. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2023 година;
19. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини за 2023 година;
20. Предлог-Програмаза заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот - за 2023 година;
21. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година;

22. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;
23. Предлог- Годишна Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;
24. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Деталeн урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Народен фронт", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци 2021-2026
25. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Деталeн урбанистички план за УЕ 7, дел од Блок 7.1 „Велком Трејд„ Општина Кавадарци;
26. Предлог-Одлука задонесување на Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 „Дисанска„ КО Кавадарци, град, Општина Кавадарци планиран развој 2020-2025 година;
27. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2023 година;
28. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6kW за 2023 година
29. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6 kw за 2023 година;
30. Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2023 година;
31. Предлог-Програма за Нова Година„СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА НОВАТА 2023 година„
32. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година;
33. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице;
34. Предлог- Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице;
35. Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2023 година;

36. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2023 година;
37. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2023 година;
38. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на,, Комуникација со јавноста,, во 2023 година;
39. Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2023 година;
40. Предлог-Програма заобезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци;
41. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 46/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
42. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 44/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;
43. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во постапка на медијација;
44. Предлог-Одлука за одобрување на барање за исплата на побарување по основ на неисплата и помалку исплатени надоместоци од плата(барање од поранешен вработен во ТППЕ Кавадарци);
45. Предлог-Одлука за примање донација – зимзелени дрва од Друштво за трговија и услуги "КАЈАК АГЕНЦИЈА" ДООЕЛ Кавадарци;
46. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци;
47. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (лекување);
48. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (книга);
49. Предлог-Одлука за утврдување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Управниот Одбор на ЈП „Комуналец„ " Кавадарци
50. Предлог-Одлука за утврдување на паричен надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорен Одбор на ЈП „Комуналец„ " Кавадарци;

Поради поврзаност со наредните точки , согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:

51. Одлука за измена на Финансиски план за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред.Кој е за. Едногласно усвоена. Со тоа точката за Одлука за измена на Финансиски план за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци ја ставам на денешниот дневен ред.

52. Извештај за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
53. Предлог-Програма за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
54. Финансов План за 2023 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци
55. Извештај за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци Кавадарци за период од 01.01-30.09.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
56. Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци
57. Финансов План за 2023 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
58. Одлука за распределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
59. Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка(судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар;
60. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
61. Програма за работа на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарциза 2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
62. Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
63. Предлог-Одлука за давање на трајно користење, стопанисување и одржување на урбана опрема –автобуски постојки без надомест на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

64. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман;
65. Програма за работа за 2023 година со Финансов План на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
66. Информација од Директорот на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
67. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;
68. Одлука за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
69. Одлука за утврдување на Трасата на движење на автобусите за школски превоз на ученици во Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
70. Одлука за утврдување на ценовник за отстапување на рекламен простор на автобуските постојки на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
71. Програма за работа на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2023 година;
72. Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
73. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
74. Статут (пречистен текст) на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
75. Финансов План за 2023 година на ЈОУДетска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈОУДетска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци;
76. Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци за јануари-декември за 2022, донесен од Управен Одбор на КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци Јадро;

77. Годишна Програма со финансов план на Установа од областа на културата КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен Одбор на КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци Јадро;
78. Предлог-Одлука за придружување на Општина Кавадарци кон Заложбата за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилството врз жените во политиката;
79. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци, донесен од Директорот на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци ;
80. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
81. Извештај за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2022 година;
82. Програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2022 година;

    Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
83. Предлог Програма за работа за 2023 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Едногласно усвоено.

84. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, ДЕЛ ОД БЛОК 6.11, „СРЦ ЈАСМИН" КО Кавадарци Град , ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот изменет вака дневен ред .Кој е за. Значи има уште една точка доставена сега. Тоа е точката за Примање донација од "ЖИКОЛ"

85. Предлог-Одлука за примање донација – садници од Друштво за градежништво и трговија "ЖИКОЛ" ДООЕЛ експорт импорт Струмица.

Дали точката ја ставаме на гласање. Прифатена е точката.

Дали има и други предлози и измени за дополнување на досегашниот вака изменет дневен ред. Бидејќи нема овој вака предложен изменет дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

Почитувани советници пристапуваме кон реализација на денешниот Дневен ред.

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2023 година;

По првата точка до Претседателот на Советот се поднесени 14 Амандмани. Еден е предлагач советничка група на ВМРО ДПМНЕ Кавадарци, доставен на 14.12.2022 година до архивата на Општина Кавадарци и 13 Амандмани поднесени од советничкта група на СДСМ. Тие се поднесени сега непосредно и се доставени пред самата седница. Во однос на Деловникот на работа, Деловникот гласи следново:

Значи по Правилникот Амандманот може по правило да се поднесе најдоцна 3 дена пред денот определен за одржување на седницата на Советот на Општина Кавадарци и ќе се претресува предлог по одлука амандман по амандман, а се поднесува преку Претседател на Совет на Општина Кавадарци, меѓутоа член 151 вика: Членови на Совет може по исклучок да поднесе Амандман на Предлогот на одлуката на седницата на Советот во текот на претресот по овој предлог. Така да бидејќи се доставени амандманиуте ќе бидат сите амандмани, 13 амандмани од СДСМ и Амандманот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ лиферувани. Прво ќе одиме амандман по амандман, усвојување амандман по амандман, а потоа ќе одиме кон реализација на првата точка. Тоа е:

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2023 година;

Предлагам да го образложам првиот амандман на Предлог - буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година, а потоа, значи да го ставиме на гласање, па да одиме амандман по амандман на колегите од СДСМ.

Почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник, почитувана општинска администрацијо. Советничката група на ВМРО ДПМНЕ при Советот на Општина Кавадарци во Предлог- Буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година ги предлага следниве измени и дополнувања по одредени ставки. Тоа се две измени. Со овој Амандман се предлага зголемување на ставката 471 110 Програма АО за износот од 780 000 денари, наменети за 350 првачиња во основните училишта во Општина Кавадарци. Оваа одлука во текот на оваа година ја донесовме негде во септември месец за сите првооделенци. Доста благороден амандман, вроде со плод. Значи се работеше за 356 првачиња на територијата на основните училишта на Општина Кавадарци и оваа година решивме да порано го внесиме како амандман во буџетот на Општина Кавадарци, да не правиме со ребаланс како во текот на оваа година. Исплатата по едно дете изнесува 2000 денари, зголемено за персонален данок. Исплатата се врши на

сметка на еден од родителите врз основа на доставени списоци од страна на основните училишта на Општина Кавадарци за запишани деца во прво одделение во учебната 22-та и 23-та година. Тоа е еден амандман и уште еден има, вклоп е во првиот. Тоа е истовремено се врши намалување на стапката за репрезентазии на Советот на Општина Кавадарци. Тоа е ставка 42 62 10 Програма А0 за износ од 2000 денари и ставка 46 49 90 Програма К4 во износ од 580 000 денари. Ви благодарам за вниманието.
Почитуван Градоначалник како татко на Општината кој го предлагате буџетот на функционирање на Општината, ние како советничка група ВМРО ДПМНЕ сакаме, еве ве запознавме со овој амандман ваше гледиште околу овој амандман.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Претседателе. Почитувани советници, почитувани служби, директори значи амандманот кој што го поднесовте како советничка група од ВМРО ДПМНЕ со коалицијата, ние го дискутиравме заедно со службите и го предвидовме едноставно како амандман сума дека е прифатлива за нас за да влезе во делот наидниот буџет за 2023 година.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалниче. Почитувани советници Предлог -Амандманот на Буџетот на Општина Кавадарци го ставам за гласање. Кој е за. 13 за. Кој е против. Кој е воздржан. 5 воздржани. Во ред. Со тоа е усвоен амандманот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата. Почитувани советници пристапуваме кон разгледување на амандманите на советничката група на СДСМ. Ќе одиме амандман по амандман. Повели Павле Маневски.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Како претставник на советничката група на СДСМ јас ќе испрезентирам дел од амандманите, вкупно 5, кои ги доставивме до Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци. Вака. Првиот амандман се однесува.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко советниче. Значи бидејќи Деловникот мора да се произнесуваме преку амандмани би било добро образложението да биде амандман за амандман. Значи твојот амандман од првиот кога ќе се лиферува од ваша страна, тука завршуваме, значи нема по 5, еден по еден.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Добро, добро. Сакам да кажам вкупно пет се во моето излагање. Да. Едно по едно. Добро. Значи првиот амандман се предлага до Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци амандман кон Предлогот Буџет за 2023 година за зголемување на средствата наменети за програмата за

примарна здравствена заштита во висина од 1 000 000 денари и тоа од конто 427 110 од Привремени вработувања 1 000 000 кон други трансфери конто 464 990. Со тоа ќе постигниме иста сума на средства кои беа наменети за програмата за превентивна здраствена заштита како и минатата година, затоа што со овој буџет се предидува намалување од 1 000 000 денари. Сметаме дека треба тоа да остане исто како и минатата година и предходните години уназад. Тоа е првиот амандман.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро. Почитуван Градоначалник советничката група на СДСМ значи предлага амандман за Предлог буџет за 2023 година за зголемување на средства за Програма за примарна здраствена заштита. Повели.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Со оглед на тоа што ние немавме кординација за амандманите и заедно со службите во делот на здраствената заштита јас ја оправдувам дискусијата за зголемување на финансиските средства, меѓутоа тоа би го направиле во првиот ребаланс според потребите на наредната година на нашата Општина нормално заедно со здраствената организација Општа Болница Кавадарци. Досега никогаш не сме ги оставиле без подршка. Нема да ги оставиме ни ова година. Ставена е сума од 500 000 денара. Така да со иден ребаланс значи може ќе требат уште 2 000 000, уште 3 000 000 да се додадат, со оглед на годината која што ни следи, не знаеме воопшто каква ќе биде. Делумно е прифатлив, но не како амандман, да биде во 23-та со ребаланс во буџетот.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници амандманот го ставам на гласање. Кој е за. 8. Кој е против. 11 против.Со тоа амандманот не е усвоен. Повелисоветниче наредниот.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Вториот амандман се однесува за реконструкција на фудбалското игралиште во Ваташа. Нашите предвидувања се дека тоа е некаде околу 1 500 000 денари и средствата се предложени да се трансферираат од конто 721 219Други добивки од други институции кон конто 482 930 реконструкција на други објекти.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалник повели.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Пак ќе кажам немајќи кординација ние во програмата за 23-та година го ставивме Дреново фудбалско игралиште со моите соработници, Глишиќ и Јасмин.. Со завршувањето на Глишиќ и со завршувањето на Дреново ќе имаат можност ФК од Ваташа и другите да тренираат и да имаат утакмици на тие

фудбалски игралишта . Со ребаланс ќе ни влезе и Ваташкото игралиште, не само реконструкција на ваташкото игралиште, меѓутоа ние ќе го предложиме тоа за месец април и соблекувалната треба да биде отстранета од постоечката позиција, пошто таму се носи нов ДУП и таа улица треба да биде проодна, која што во моментот не е проодна за сообраќај. Така да службите се задолжени и веќе имаат изготвено идејно решение и проектна програма и задача да се работе за реконструкција на самото игралиште, соблекувалната и влезот на игралиштето и тоа би го оставиле за 23-та во април.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници вториот амандман од советничката група на СДСМ го ставам на гласање. Кој е против. 10 против. Кој е за. 7. Воздржани. Двајца.

Повели советниче.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Третиот амандман се однесува за изградба или реконструкција на потпорен зид на улица Ќиро Митрев кој е во висина некаде околу 150 000 денари. Се предлага тие средства да се обезбедат од конто 733 111 Приход од продажба на неизградено земјиште за изградба на други објекти, конто 482 920.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи пак немаминформација за овој дел . Еве ако службите имат информација за кои лица станува збор да се произнесат молам да се произнесат.....Доколку станува збор за некое приватно земјиште или ограден ѕид од приватен карактер ние не можеме да го ставиме во буџет на Општина Кавадарци. Така да еве ако имат службите повеќе информации, нека кажат.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ: Потпорниот ѕид е направе во 2 фази. Последната фаза направен е уште ..., а првата фаза ....Ако е над Слога значи на Киро Митрев што излева на Страшо Пинџур. За тој ѕид ли правиме муабет.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ:Има дел таа улица ѕид кој што не е направен и ги загрозува куќите кои што се под патот.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ: Ѕидот е направен урбанистички. Ако ѕид, ние не можеме да го направиме. .......... може барањето е за дооформување на некоја парцела.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Не, не има ѕид, меѓутоа ѕидот е попукан и ја загрозува безбедноста и треба да се обнове, или да се урне тој дел да се направе нов. Ѕидот го има, не од сега од претходно и има оштетувања кои што мора да бидат санирани. Дали е подобро да се реконструира или да урне или да се направе ново, тоа ќе се увиде.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Тоа како амандман значи не би можел да го ставам во буџет. Еве нека си земат службите за задача, нека излезат на терен, нека видат и утврдат санација на штета на ѕидот ако воопшто ја има и која. Јас знам дека таму ѕидот претходната година 2021 ми се чине дека е завршен комплетно, али ако има потреба од некакво дејствие тоа можеме да го ставиме и во интервенции во тековната година. Така да коко такво го оставаме на службите да го проверат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 12. Кој е за. 4. Кој е воздржан. 5. Се извинувам. Тројца воздржани.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Следниот амандман се однесува за реконструкција на Булевар Видео Смилевски . Сме предвидиле негде проценка на проектот околу 1 700 000 денари од Надомест за уредување на градежно земјиште 717 137 кон Реконструкција на улици и патишта и автопати од 482 130.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Според нашите согледања и увид на лице место и дискусијата верувајте дека градот и цела општина ја имаме на дланка и ги имаме информациите за сите патишта. Видео Смилевски како булевар со изградувањето на жардинериите и со правењето сега на мини кружно текче кое што е предвидено во 23-та преку Комуналец горе на Шишка не е за реконструкција во асфалтниот дел. Таму направивме реконструкција комплетна на канализацијата и реконструкција на колекторскиот систем, меѓутоа асфалтниот дел сеуште има своја активност и не е за реконструкција.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 12. Кој е за. 5 за. Кој е воздржан. Двајца.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Последниот амандман кој ќе го презентирам јас се однесува за пробивање на крак од улица Орце Николов за која сме предвиделе некаде 600 000 денари, пренаменети од шифра 717 137 Надомест за уредување на градежно земјиште на Изградба на улица и патишта и автопати 482 120. За ова е запознат и Градоначалникот од претходно дека

го има во Урбанистичкиот План, Генералниот и беше ветено дека ќе се реализира, меѓутоа еве чекавме официјално да се стави во програма и сметам дека ќе биде прифатено барем ова.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да советниче го разговаравме тоа. Бевме на терен и ниту една куќа таму не е без пристап. Да ставено е во ДУП за изградба, меѓутоа од страна на службите е изготвен записник дека не е неопходен и дека секој има пристап со возило ие со нормално функционирање на секојдневието така да имаме поприоритетни работи кои што треба да ги спроведиме, а нормално тоа како алтернативно улицата за да има влез од две страни една куќа, која што не викам дека не, меѓутоа во догледно време можеме да ја ставиме во програма. Значи сега во моментов никој не е загрозен и имаат сите комплетен влез и излез.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 10 против. 11 против. Кој е за. 8 за. Воздржан. 1.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака првиот амандман кој што сметам дека е најбитен за нас како советничка група, тоа е амандманот за бесплатен оброк за секој ученик, кој што беше дел од предизборните програми и на ВМРО ДПМНЕ и наша. За реализација на тој проект планираме 50 000 000 денари, врз основа на бројот на деца кои што учат во основно образование и мислам дека треба да се прифате овој амандман заради тоа што и во вашата изборна програма имате ставено период на реализација 2023 година, а го немате испланирано во буџетот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Баш денеска службите од Општина Кавадарци се во основно училиште во Скопје, работиме на целокупниот проект, работиме на создавање на услови за оброк на дете од 1-5 одделение. Сумата која што ја имате произнесено, не знам дали ви е 50 000 000 денара. Сумата моментално е некаде 35 000 000 за годишната година 23-24-та. Значи во тој дел оде во прилог на снабдувањето на деца со храна. Во соработка со Агенција за храна и ветеринарство, во соработка со Санитарниот испекторат имаме неколку усогласувања на самите училишта каде што доколку има топол оброк секое училиште треба да има чајна кујна. Доколку нема топол оброк може да нема чајна кујна и самите деца да се хранат во училниците. Денеска нашите служби ќе го видат начинот и функционирањето на тоа основно училиште во Скопје и врз основа на тоа ќе направат проектна програма и задача и со ребалансот кој што ќе го правиме ќе влеземе комплетно во

образованието со оброк за секое дете од прво до петто одделение што е ветено, а мислам дека ќе имаме пилот проект кој што ќе го почниме пред завршување на 22-ра, 23-та учебната година, а тоа ќе биде негде април, мај, а 23-та 24-та ќе биде во целост опфатена со оброк за секое дете од прво до петто.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ; Градоначалник еве ја програмата ваша и тука пише инвеститор Општина Каваадрци. Вредност на проект 50 000 000 денари. Ова сте го предвиделе вие во вашата програма. Рок на реализација 2023 година и мислам дека денеска разговараме за точка на дневен ред усвојување на буџет. Сега вие од една страна не прифаќате ништо и велите го прифаќаме, али за во ребаланс. Значи денеска не го прифаќате.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да денеска не го прифаќам затоа што немав никаква информација денеска за амандманот. Значи амандманот како амандман не ме интересира, ние работиме на таа работа. Имаме група од 5 луѓе во Општина Кавадарци кои што денеска се во Скопје и воопшто не е едноставен процес да го воведиме. Ќе го воведиме и од кога ќе го воведиме ќе има и трајност. 23-та, 24-та учебната година ќе имаат цела година оброк децата од прво до петто одделение, а април и мај месец значи ќе биде пилот за таа работа да го спроведиме. Значи не бегаме од обврската која сме ја ветиле, во 23-та ќе се отпочне.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници амандманот го ставам на гласање. Кој е против. Против 10. Кој е за. 8 за. Воздржани. 1 воздржан.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вториот амандман се однесува на предлог исплата за еднократна парична помош на 15 000 денари на лица со попреченост што живеат на територија на Општина Кавадарци. Такви лица по моја информација се околу 300 во Кавадарци така да за оваа мерка предвидуваме 4 500 000 денари.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Само не го сфатив ова, лица со попреченост.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да лица со попреченост, телесна и ментална.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тие се под Социјално и веќе си имаат примања од Социјалното.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Општина Кавадарци има програма за социјална заштита така и може да исплаќа еднократна парична помош и во однос на овакви работи. Да ви бројам општини каде што ја има оваа мерка

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не јас за Општина Кавадарци се грижам, не за другите. Општина Кавадарци за социјалниот ризик и карактер

има ставено во програма 6 000 000 денари во делот за заштита на социјалните семејства. 6 300 000 имаме ставено.Така да нема потреба од други средства.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 11 против. Кој е за. 8. Воздржан.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Следниот амандман е за реконструкција на улица Карпош, која што се наоѓа во М.З. Слога, за информација од граѓани станува збор за улица што е доста пати сечена, крпена и сметам дека треба истата да се реконструира. Истата се наоѓа во прилично лоша состојба.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа е тоа што недостасуваше, а бевте поканети да дојдите во урбаните заедници, да видете дека тоа не е така. Ние знаеме точно каде е улицата и не е во таква кондиција и не е за реконструкција воопшто таа улица. Така да амандманот како амандман не би го прифанал, заради тоа што улицата не е за реконструкција. За каква реконструкција правиме муабет. За канализациона, за атмосферска.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За реконструкција на асфалт.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Асфалтната маса на таа улица не е за реконструкција, пошто нема ниту една отворена дупка. Често пати ја посетувам оваа улица, а и на барање на граѓаните урбаните заедници токму тука бевме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ова е амандман врз основа на барање на граѓани.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не знам од кои граѓани. Значи официјално преку месните и урбаните заедници такво нешто кај нас нема дојдено, не сме дискутирале и така да таа улица не е ставена за реконструкција.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 11 против. Кој е за. 6. Кој е воздржан. 2.

Одиме со наредниот амандман.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Исто така следен амандман е за улица Божо Димов. Тоа е во МЗ Кула која што е исто така сметаме дека станува збор за улица која што е во поприлично лоша состојба и треба реконструкција на истата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ај ве молам еднаш да се произнесе некој. Сега да не испадне јас ги одбивам амандманите по мое лично видување и толкување. Еве од инжинерите тука.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не може и да ја скратиме работата. Да ги одбиете и сите наеднаш и да не дикутира ниеден.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани колеги се договоривме на почетокот, амандманите одат на гласање и деловнички е така, еден по еден. Така ќе ве замолам за трпение, сте се измачиле, 13 амандмани сте направиле, редно е да гиислушаме. Повелете без нервози сите ќе поминете. Има ли некој од службите.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Може ли јас да ги испрезентирам до крај, па нека се изјасне за сите наеднаш.
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ : Добар ден на сите. Значи Божо Димов улицата нема. Значи сите улици што се за реконструкција.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само момент. Почитувани колеги ве молам. Седницата оде во живо. Ве гледаат сите граѓани на Општина Кавадарци. Сите ние сите се обраќаме на нашите граѓани без разлика на политичка ориентација. Битно е да држиме некое ниво на достоинство. Ајде ве молам. Повели.
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ: Сите улици кои што се за реконструкција и кои што се ставени во Програмата за комунална изградба за 23-та година се токму од барање на граѓаните. Кога ги шетавме сите месни заедници, урбани и селски заедници, секој ден после шетањето сите граѓани што имаа проблем со улицата доаѓаа токму кај нас за да сето тоа го разгледаме . За Божо Димов улицата значи ниту е во лоша состојба, ниту некој има побарано, ниту пак има проблем во таа улица. Ако проблемот е во атмосферска канализација, или фекална или не знам што. Тоа е друга работа. Имам сознанија дека на Божо Димов улицата каде што завршува, пред спојот со Блажо Алексов дека има проблем со атмосферска канализација. Значи не е улицата за реконструкција.Затоа е прашањето. Што е проблемот со Божо Димов улицата. Луѓето што живеат на Божо Димов улицата ниту еден нема дојдено кај мене да се пожали од улицата дека е, не знам дупки или не знам што. Значи да дојдат кај вас, советниче значи можете слободно и вие како што можете да отидете во било која канцеларија во Општината и да ги донесите и да ја разгледаме цела ситуација. Досега до овој момент никој нема дојдено, а и улицата лично јас ја минам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници Предлог амандманот поднесен од советникот Вуко Мелов го ставам на гласање. Кој е против. 10. Кој е за. Во ред. Кој е воздржан. Двајца воздржани.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Тука станува збор за поправки и одржување на детско игралиште кое што се наоѓа на улица Слога на спој на улица Браќа Џунови и улица Преспа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа е веројатно до самата трафостаница тука. Тоа игралиште ставено е во Комуналната програма на ЈП Комуналец. Од постоечките реквизити кои што сега ги вадиме и правиме 18 игралишта, се репарираат и на тоа игралиште ќе бидат ставени заедно со градежната група Комуналец. Еве го и Директорот на Комуналец тука. Тоа е ставено во План за да се стават реквизити и за негово понатамошно одржување. Инаку само за ваша информација советниче. Истото игралиште мислам дека по четвртти пат ќе го правиме одново. Многу се уништува тој дел тука и ќе побараме и од службите и од полицијата да малку има повеќе контрола во делот на заштита на општествениот имот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани Предлог амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 11 против. Зоки. 12 против. Кој е за. 6. Воздржан 1. Одиме на реализација на наредниот амандман.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Последниот амандман е за асфалтирање на улици во село Сопот. Дел од овие улици кои што ќе ги набројам одредени делови се асфалтирани, меѓутоа одредени делови не се асфалтирани Илинденска, Маршал Тито, Гоце Делчев, Коле Василев и Кочо Рацин.И само уште секунда мислам дека состојбата инфраструктурно посебно во руралните средини е значително запоставена и мислам дека во следниот периодтреба повеќе средства да инвестираме во периферијата, во селата кои се дел од Општина Кавадарци. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во село Сопот оваа година имаме 3000 м2 асфалтирање што така не знам како бројка што ви значи. 3000 м2 улица после 30 години до самата Винарија се направи, Маршал Тито главната улица негде во должина од 200 метра се доправи, другиот дел се санира, мислам дека с. Сопот во моментовод приоритетните работи уште да ги довршиме, а тоа се веќе ставени во програмата. Тоа е спортската сала, детската градинка. Тоа е изградбата на дел на атмосферска канализација и продолжување на колекторскиот систем што имат проблем и нормално ..... а по сугестијата за руралните и селските средини советниче оваа година,

ако сте го разгледале буџетот, нормално дека сте го виделе предлог буџетот има над 35 000 000 денара ставено токму за руралните и селските средини, што мислам дека во изминативе 10 години немаше таква сума ставено во селските средини. Да советниче 21 се, затоа што во Дреново и во Возарци е Програмата за салата. Кога ќе ги ставиме тие се вкупно 35. Инаку 21 се во Буџетот за 23-та година.И се што бараа месните селски заедници ние тоа го ставивме во Програма. И не заборавајте уште една работа, дека ова е програма на Буџет Предлог на Општина Кавадарци. Излегуваат програмите повикот преку Агенција за рурален развој. Тоа се мерки 3213, 3223 кај што имаме веќе проекти обезбедено што аплицираме. Значи излегуваат мерки за делот на канализации, водоводи по селски средини, подржани од Министерството за транспорт и врски и Министерството за екологија така да сразмерно нашите капацитети како Општина и сразмерно на бројот на жители, тие пар ние веќе ги планираме во кординација и корелација со Министерството затоа што тие средства тие мора преку општините да ги презентираат во делот на руралните средини.Така да ќе имаме добра комунална изградба во селските рурални средини.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Го ставам амандманот на гласање. Кој е против. 11 против. Кој е за. 8. Во ред остануваат уште два амандмани. Повели Веса.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани советници, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Значи останаа уште два амандмани предложени од советничката група на СДСМ. Едниот од тие е амандман со кои што ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за еднократна парична награда на спортисти од Општина Кавадарци. Со овој амандман ние предлагаме да се обезбедат скромни 200 000 денари, со кои што би ги наградиле нашите спортисти, кои освојуваат награди на државни или меѓународни натпревари. Овие средства се планирани да се обезбедат по основа на приходи од данок на имот на правни лица 713 13, додека да се обезбедат дополнителни средства за други трансфери 464 990.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи почитувана советничка. Значи во кординација со секторот за финансии во Програмата за спорт 5 000 000 денари ги имаме како пари нераспределени и Планот и кога ќе се изготве Програмата да 200 или 300 000 денара бидат токму за таа намена. Тоа би било ставено во Програмата за спорт.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 11 против. Кој е за. 7. И последниот амандман советничке.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Последниот амандман значи е предлог со кој ќе се обезбеди еднократна парична надокнада, помош. Значи последниот амандман е амандман со кој ќе се обезбедат средства од буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за исплата на парична помош од 1500 денари на пензионери кои имат месечни пензии до 13 000 денари. За овој амандман за 3 месеци на територијатата на Општина Кавадарци. За овој амандман предлагаме 9 000 000 денари кои ќе се обезбедат со зголемување на приходите данокот на промет на недвижности на ставка 713 311. За предлог овој амандман бевме инспирирани од тоа што видовме дека во Општина Центар има таков проект, таква мерка за помош на граѓаните, па така што сметаме дека и ние како една од поуспешните општини треба да испадниме во пресрет на пензионерите кои примаат помали месечни пензии. Може износот е голем што го предлагаме, но сепак сметаме дека треба да имаме ваков проект во нашиот буџет.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советничке многу убаво звуче амандманот. Тука и јас се тангирам лично. Мојата мајка зима 10 500 денара пензија, али верувам како централна Влада и залагањето дека пензиите ќе ги качите, а за брзо време ако не успеете, за 9 месеци јас лично ќе бидам во централна Влада и ќе го исполнам и таму ќе...Не можеме од Општина Кавадарци да бараме 9 000 000 за покачување на пензиите. Дај ве молам да се движиме во раките на законитоста и ингеренциите на самата општина. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани амандманот го ставам на гласање. Кој е против. 11 против. Кој е за. 6. Кој е воздржан. 1 воздржан.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Законска можност имаме само треба да имаме желба.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници исцрпена е дискусијата на денешниот дневен ред околу амандманите за буџетот на Општина Кавадарци околу Амандманите за буџетот на Општина Кавадарци. Преминуваме кон реализација на првата точка на дневен ред. Тоа е Предлог буџет на Општина Кавадарци за 2023 година. Самото излагање за предллог буџетот на Општина Кавадарци ќе го отворам јас со мое излагање и гледиште околу буџетот, а потоа ќе отвориме дискусија.

Почитувани советници, почитуван Градоначалник, почитувана општинска администрацијо, почитувани жители на Општина Кавадарци. Во предлог буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година опфатени се транспарентноста, отчетноста, фискалната дисциплина, добро буџетско планирање, преку дефинирани програми и транспарентно планирање и искористување на капиталните расходи. Буџетот има опфатено рационалност и одговорност во трошење на буџетските средства. Не се сомневам дека и во 2023 година ќе имаме одлично извршување на буџетот, тренд кој го продолжуваме низ годините кои минуваат зад нас. Само за потсетување во првата година од нашиот мандат основниот општински буџет од 545 000 000 денари има реализација од 535 000 000 денари, што укажува на реализација поголема од 98%. Да не ја заборавиме и Програмата за комунална изградба за 2022 година која бележи реализација од 95%. Сакам да го поздравам делот од основниот општински буџет за капитални расходи во износ од 246 660 000 денари, со што општинскиот буџет има дополнителен комунален и инфраструктурен карактер, односно акцент се става на комуналната изградба. Посебно сакам да го поздравам делот за изградба и капацитети во енергетиката. Во време на енергетска криза, а тоа е инвестиција за фотонапонски панели на 10 општински јавни објекти во износ од 9 490 000 денари. Во овој правец сакам да го поздравам и делот на посебниот буџет Програма Ј Локален Економски развој каде се планирани субвенции за поставување на фотоволтаици, на индивидуални и станбени објекти во моќност од 6 kw, каде се предвидени вредности од износ од 5 000 000 денари. Во групата на развојниот дел од буџетот би го спомнал и износот од 20 000 000 денари за 2023 година. Реализацијата на развојната програма за изградба на јавни објекти ќе се реализира преку 2 капитални проекти наменети за подобрување на условите на живот во Општина Кавадарци, чија реализација се планира во период од 2023 до 2025 година. Реализацијата е преку следниве 2 проекти. Прв проект изградба на кеј на реката Луда Мара од нова болница до мостот на улица Видео Смилевски Бато. Вкупната инвестиција на проектот изнесува 53 000 000 денари, а во буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година се планирани 5 000 000 денари. Вториот проект е изградба на спортски сали во склоп на подрачните училишта во с. Сопот и с. Марена. Во 2023 се планирани во буџетот 10 000 000 денари. Во групата на капитални расходи во општиот дел на буџетот за 2023 година би го издвоил и изградбата на Спомен куќата 12-те Младинци и документарен филм кои ќе бидат сервисирани со дел

од донации токму во годината во која се навршуваат 80 години од овој грозоморен настан. Во овој дел на капиталните расходи би го спомнал и потпорниот ѕид на улица Клинска фаза 2 во износ од 1 500 000 денари,. Потоа пренамена на објектот за Домот за социјално загрозени лица во износ од 9 500 000 денари, изградба на фонтана на кружниот тек Сашко Гешовски со вредност во износ од 3,2 000 000 денари, адаптација на објект на детска градинка во с. Возарци и с. Дреново во износ од 4 000 000 денари и Западен Булевар до Коњски Дупки, втора фаза во износ од 8 000 000 денари. Во посебниот дел на буџетот расходите кои се финансираат од блок дотации се усогласени според потребите и барања на локалните јавни институции. Посебно за поздравување во оваа програма насочувам кон Програмата Геоекономски развој во износ од 90 000 000 денари. Исто така Програмата Ј Локален Економски развој за локални дејности, со нејзини комунални програми имаат многу со што да се пофалат во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Посебно би ја поздравил Потпрограмата за одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим за сообраќајот со вкупни расходи за оваа Програма во износ од 14 000 000 денари. Бидејќи потекнувам од мојата урбана заедница Љубаш сакам да ги поздравам неколку проекти предвидени во оваа урбана заедница за 2023 година. Поплочување и реконструкција на тротоари и улици, партерно уредување на зградите на Бул. Никола Минчев, улица Гоце Делчев тротоар и улица Балканска, асфалтирање и реконструкција на улица Индустриска, улица Западен Булевар крак и Гимназија Добри Даскалов двор. Сите проекти се со предвидена вредност за УЗ Љубаш во износ од 17 600 000 денари . Почитувани советници, почитуван Градоначалник, почитувани жители на Општина Кавадарци денешниот ден на донесувањето на буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за мене е своевиден празник. Затоа во кој правец ќе се движи нашиот град во наредната 23-та година. Истиот буџет е развојен за модерно, урбано и достојно место на живеење во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Ви благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, медиуми, почитувани граѓани. Посебна чест и задоволство мие што сум дел од Совет на Општина која што има вака прекрасен и добар буџет. За оваа година вкупниот буџет, знаеме сите, го гледаме Извештајот за колку е планиран, планиран е за 1168 596 000, буџет

кој што е за 5 520 000, точно не ме држите за збор е поголем од минатогодишниот, кој што знаеме досега е реализиран 98,2%, буџет кој што ретко која општина може да се пофали со ваков буџет, со ваква реализација и со овакви остварени проекти и работа на општинската администрација. Посебно би се задржала на делот на основниот општински буџет, кој што изнесува 574 037 000 денари буџет кој што е од самофинансирачки активности. Кои се тоа приходи од самофинансирачки активности. Ова го кажувам со цел да ги запознаам нашите граѓани колку се однесуваат приходи од дотации, приходи од донации и основниот општински буџет од 574 037 000 денари се состои од даночните приходи предвидени од 248 750 000 денари, неданочните приходи 159 433 000 денари капитални приходи од 74 168 000денари и трансфери во кои се вклучени ДДВ-то што го плаќаат нашите обврзници од нашите фирми во нашата Општина од 91 686 000 денари. Исто така знаеме дека другиот дел се приходи од дотации, а приходи од трансфери и капитални приходи. Во делот на капиталните расходи ќе зборувам само за оној дел кој што се во износ од 246 661 000 денари. Овој буџет како што знаеме и што ги гледавме од сите програми, што ги имаме кај нас е доминантен буџетот за комунална и инфраструктурна изградба, односнокако што спомна и претходно Претседателот има комунален и инфраструктурен карактер. Посебно не би сакала да ги повторувам проектите што ги кажа Претседателот на Совет во кој дел ќе се однесуваат. Сакам да напоменам дел од проектите кои што се од интерес, мислам кои ќе ги интересираат нашите граѓани во делот на Локалните патишта и улици. Се планира 101 500 000 денари. Потоа реконструкција во делот на тие улици, ова е за изградба, а реконструкција за 3 745 000 денари. Исто така во делот на реконструкцијата на фекалната и атмосферската канализација има предвидено буџет од 8 955 000 денари. Исто така во делот не заостанува и делот на водоснабдувањето каде што се планирани 7 985 000 денари. Во делот на социјалните надоместоци исто така овој буџет од минатогодишната програма е зголемен на 6 300 000 денари. Исто така ќе напоменам мал дел, бидејќи не можам да ги зборувам сите програми. Има зголемување и во делот на одржувањето на парковите и зеленило од буџет кој што во претходниот буџет беше 11 000 000, а сега е зголемен на 12 827 000 денари. Не би сакала да должам повеќе. Само сакам да кажам дека со ваков буџет треба да се гордееме сите советници, без разлика од која советничка група доаѓаме ради тоа што тоа е бууџет кој што ќе

го користат сите граѓани и ќе биде за доброто на сите граѓани на нашата општина. Сметам дека ваквиот буџет и ваквите програми што ни се понудени се за поздравување. Ви благодарам.
СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, колеги советници, служби во Општина Кавадарци, медиуми, драги сограѓани. Измина една година откако е овој состав на Совет во Општина Кавадарци. една година со многу работа, со многу вложен труд, со многу успешно реализирани проекти се со цел за подобрување на животот на граѓаните на Општина Кавадарци. Во оваа веќе измината 22 година имаме реализација на буџетот од високи 98,5%, со што е најголемото реализирање на еден буџет на една државно ниво со што ова ме прави особено горд што сум дел од овој состав на Совет на Општина Кавадарци, а уште поголем мотив во наредната 2023 година за уште повеќе работа, за уште многу успешно реализирани проекти само и само во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Денес на денешната седница на Совет пред нас како точка на дневен ред го имаме Предлог буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, кој што е со рекореден износ од 1 168 000 000 денара. Пред нас имаме еден развоен буџет за многу проекти кои се во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Во овој буџет како што се предвидени изградба од комунален карактер во урбаните заедници, исто така Општина Кавадарци во овој буџет има предвидено и реализација на многу проекти во руралните и месните заедници, со кој што со овој буџет се планирани и високи 21 000 000 денара. Во овој буџет значи се опфатени сите рурални, месни заедници и како никогаш досега се вложува во овие месни и урбани заедници, месни и рурални средини, а со самото тоа се подобруваат условите за живеење на граѓаните кои што живеат таму, а вооедно и за развивање на туризмот во Општина Кавадарци. Исто така Општина Кавадарци во овој предлог буџет како и секоја годинатака и оваа година има предвидено и средства во делот на екологијата, од кои што би го одвоил Проектот за субвенционирање за индивидуалните домувања за инсталирање на фотонапонски централи од 6 kw со кои што граѓаните кои би ги искористиле овие субвенции, би добиле по 1500 евра. Субвенција да. Исто така спортот во Општина Кавадарци, би го спомнал и спортот затоа што спортот во Општина Кавадарци изминатата година ја доживува својата ренесанса затоа што општинските спортови и клубови кои што се натпреваруваат во своите лиги се високо позиционирани. За таа цел како никогаш досега во

овој предлог на буџет за поддршка на спортот се издвоени високи 20 000 000 денара со тао што, значително уште толку ќе се подобрат условите на спортските клубови во Општина Кавадарци. Има уште многу што да се зборува за овој предлог буџет на Општина Кавадарци за 2023 година затоа што се опфанати сите сегменти на општестевното живеење на граѓаните на Општина Кавадарци. Затоа за крај би сакал да истакнам дека цврсто сум уверен дека овој буџет ќе има исто така висока реализација како претходниот и затоа давам силна поддршка на овој буџет и затоа ќе гласам за овој буџет на Општина Кавадарци. Благодарам.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, администрација, медиуми, граѓани. Денешната 21 седница иако е последна во 2022 година се однесува за буџетот што го планираме и да го реализираме буџетот за 2023 година и со тоа ќе се задоволат потребите на граѓаните за подобар живот. Буџетот во 2023 година и како дефиницијата буџет претставува приходи и расходи, односно во конкретниот случај согласно Закон за финансирање на Единиците на Локалната Самоуправа, приливи и расходи, односно сите приливи нели што доаѓаат во буџетот се приходи и сите предвидени одливи се расходи. Тој претставува акт кој ние како највисоко тело во Општина Кавадарци го донесуваме. Буџетот во Општина Кавадарци е во износ од 1 168 596 000 денари или нели за полесно објаснување на јавноста 19 000 000 евра, но тој буџет не е целиот буџет со што располага Општината. Општината располага со основниот буџет.Општинскиот основен буџет во износ од 574 037 000 денари. Остатокот од другиот буџет се дотации, донации од 594 559 000 денари кои што се наменети од државната администрација, од државата и се исплатуваат за плати во основни училишта, школи, градинки и тој е наменски. Значи Општината располага со буџет од 574 000 000 денари и тој буџет е 49% од вкупниот буџет или во евра 9 333 000 евра. Значи од тој буџет значи за реализација, односно бројка која што најмногу сакам да ја дискутирам и која е за доброто за граѓаните каде што го осеќаат секој граѓанин ефектот и претпријатијата се капиталните инветиции. Значи тие капитални инвестиции оваа година се на износ од 246 661 000 денари или во проценти 43% од основниот буџет, што е навистина висока бројка и сметам дека е реална, бидејќи скоро баш ја видовме реализацијата на претходниот буџет односно приходната страна каде што во буџетот реално Општината не само што ветува, прави буџет туку

реално и го исполнува. Значи во тој дел значи сакам да се осврнам на неколку работи. Пред една година знам имавме излагање баш јас и колегата Јован каде што дадовме некои замерки за руралните средини. Сега гледам за поздравување е што овој буџет баш се вложува во тие рурални средини и таму е предвиден буџет од 21 800 000 денари. Значи има за изградба и реконструкција на улици 62 000 000 денари, изградба на јавни објекти 36 750 000 денари или вкупно со другите ставки да не ги набројувам 129 300 000 е програмата за градежно уредување на земјиште. Исто за поздравување е Програмата за Локален економски развој каде што таму исто има предвидено заедно со Општините од Неготино, Глишиќ па до Долни Дисан, тоа се надевам дека ќе биде со помош на Владата, бидејќи знаеме дека Каваадрци е втор град што учествува по број на жители, допринува во централниот буџет. Значи знаеме дека ќе се граде голем од Локален Економски развој стационар кој што ни е подршка исто, грант и тука едно големо поздравување имам до општинските служби и до Градоначалникот каде што можев да приметам има инвестиции со кои што се предвидува надвор од буџетот што се ќе се реализираат со одредени други средства, односно тие се во износ од 41 000 000 денари и тие средства се типска спортска сала во село Возарци од 25 000 000 денари каде што се предвидува надвор од буџетот, значи да се обезбедат средства од донации, дотации или од други места. Значи Градскиот стадион Тиквеш знаеме дека се реконструира, пак да се дообезбедат уште 8 000 000 денари надвор од овој буџет. Изградба на кружен тек на Западен Булевар од 8 000 000 денари каде што исто со менаџирање на Градоначалникот и службите, значи од некој приватен инвеститор изградба на картинг тек, изработка на техничка документација и тоа е баш за поздравување бидејќи Градоначалникот надвор од тоа што е само Градоначалник по Закон за Локална Самоуправа тој треба да ги има и менаџерските способности каде што може да донесе и да постои таа јавна одговорност од приватни субјекти, од субјекти од државата што стварно сакат да помогнат за подобар живот на градот и граѓаните. Јас сметам дека овој буџет дека е развоен, бидејќи ја содржи таа развојна компонента од 43% капитални инвестиции и уште еднаш сакам исто како што претходно мојот претходник, Претседателот на Советот спомна за неговата урбана заедница. Значи јас потекнувам од урбаната заедница Кула каде што за оваа година без малку 11 000 000 денари се предвидени за урбанизирање односно реконструкција. Тоа станува збор за

поплочување на улици и тротоари, партерно уредување на улица Зелен пазар и Цано Поп Ристов, улица Ѓорѓи Соколов, спој со Северен Булевар, улица Орце Николов, улица Кочо Рацин пристапни патеки, реконструкција на пешачки патеки, училиште Тошо Велков Пепето, партерно уредување на улица Блажо Алексов, улица Пелагонија тротоар, партерно уредување на згради, Булевар Македонија, реконструкција и асфалтирање на Ѓорѓи Соколов, улица Орце Николов прва фаза. Значи сметам дека сите урбани заедници се опфатени каде што реално имат проблеми и кои улици се за реконструкции и каде што има проблеми . И за овој буџет ќе гласам како мнозинството, значи за да реално ги задоволиме потребите на граѓаните на нашиот град. Благодарам.

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги, почитувани сограѓани. Само неколку реченици. Ако се земе во предвид дека од буџетот за оваа тековна 2022 реализиран скоро 100%, а и буџетите претходно во годините наназад исто така ми дава за право да гласам за буџетот за 2023-та што се вели со две раци. Второ чесно е да се каже денеска дека живееш во Кавадарци. Град кој не од година во година, туку од ден на ден пред нас очигледно прераснува во можеби најдобриот град за живеење во Република Македонија. Ако тоа не е доволна причина да се продолжи со исто темпо и без разлика кој од каде доаѓа политички и да се изгласа за буџетот едногласно, тогаш останатото сметам дека е само за собирање на политички поени.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Диме. Почитувани советници дали некој друг бара збор околу првата точка на предлог буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година.Повели советниче.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од она што може да го видиме во буџетот на Општина Кавадарци, а тоа е дека на пр. во делот на приходите повторно се става приходи од добивки на јавни претпријатија кои што минатата година ми се чине дека не реализиравме ништо и тоа се прави се со цел да се дуе буџетот, а после да се наоѓаат солуции да од друг приход, ако се најдат истата дупка се закрпе. Тоа е еден момент . Вториот момент во делот сакам да споменам за дотациите каде што се зголемени дотациите во однос на минатата година од 460 000 000 на 527 000 000 кое што највише се должи заради зголемувањето на платите во образованието и исто така зголемена е дотацијата на приходи за поврат на ДДВ од 75 000 000 на 79 000 000. Друга работа која

што ја имам за замерка. Минатата година зборувавме дека трошоците кои што Општината ги прави за привремени вработувања ќе се намалат со добивањето на согласности од страна на Министерството за труд и социјална политика, а сега гледаме дека во буџетот не само што не се намалени, туку истите се зголемуват за оваа година. Иако се добија 19 согласности од страна на МТСП и тогаш изговорот на Градоначалникот беше Не можам више да давам пари за привремени вработувања, не можам јас да го финансирам МТСП, а гледаме дека сега ги оставил на исто ниво. Во развојниот дел на буџетот јас не гледам дека истиот е развоен заради тоа што во најголем дел ниту еден капитален објект сем ако рачунате развоен дел, санации, поплочување на улички. Мислам дека тоа не е развоен дел, нигде немате крупен капитален проект кој што финансирате од страна на буџетот. Тоа е во дел на буџетот на Општина Кавадарци. Ако ја земите Изборната програма ваша поднесивме ние дел и амандмани на пр. не прифаќате бесплатен оброк за секој ученик од 5 одделение и одите со ребаланс, велите дека тоа ќе го предвидите во ребалансот на буџетот ако веќе одредена работа се планира да се направи уште во временскиот период кога се гласа буџетот се предвидуваат средства и подоцна во текот на годината се оди на реализација на проектот меѓутоа претпоставувам дека сакате да играте на кратко паметење на граѓаните, да сега го отфрлите амандманот и мислите дека граѓаните ќе заборават и нема да прашуваат кога ќе биде оброкот кој што им го ветивте. Друга работа која што не ја гледам во буџетот е во делот на проектот кој што го најавувате два пати во две изборни кампањи. Тоа е за дестилеријата и гледам дека не сте го испланирале во буџетот и не знам што планирате на пр. со тој проект. Ќе го спроведувате, не го спроведувате. Од оноа што може да го видиме во Програмата за ЛЕР може да видиме дека како капитален проект кој што е финансиран од страна на МТСП, тоа е Дневниот центар кој што МТСП ќе го гради во Општина Кавадарци, а вие во овој буџет кој што толку многу го изнафаливте немате ништо и последно на крај, од 13 поднесени амандмани не прифативте ниту еден. Значи Градоначалник јас не знам дали ја разбирате улогата на Советот овде. Советот ги носе одлуките. Значи вие треба да се консултирате со Советот, а не ние да доаѓаме кај вас да се консултираме со вас дали одредена работа да влезе. Значи Советот на Општина Кавадарци носи одлука, а не вие. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Јован Златевски.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Благодарам. Почитуван Претседавач на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, почитувана јавност. Во врска со буџетот и неговото предвидување за 2023 година сакам да кажам дека бројката е солидна. Предвидени се приходи, околу 19 000 000 евра и предвидени се исто така и расходи околу 19 000 000 евра, што значи дека за 6% е поголем буџетот во однос на минатата година. Тоа за мене е добро и така треба да биде. Треба постојано да се зголемува износот на приходите што треба да влезат во буџетот за да може така и расходната страна да се зголемува, односно повеќе да имаме можност за некои инвестиции. Во овој дел само би напоменал оти скоро секоја година, скоро секој Совет што го одржуваме се спомнува и се праве разлика помеѓу централна и локална власт, ова, она, се препукува. Сакам да кажам дека ако основниот буџет е 574 000 000 претставува некаде околу 49% од вкупниот буџет на Општината, останатиот дел се средства кои што од централната власт, идат во нашиот буџет од централната власт и мислам дека тој дел сега за сега централната власт си го сервисира и така треба да биде и така мора да биде . И тија дел од нивна страна мора да се сервисира, мора да пуштат пари за да се измируваат трошковите од расходната страна, ама и ние во основниот дел каде што се предвидени приходите и расходите мора максимално да се заложиме за да може да се реализира, да се обезбедат приходите за да се реализират тие програми што се предвидени. Во приходната страна на основниот дел, нашиот дел така да го наречам 574 000 000 денара само ми се сомнителни и климави неколку ставки Претприемачки приходи и Приходи од имот, планиран износ од 143 000 000 добивка од Комуналец. Јас и минатата година разговарав за тоа. Дај боже да имаме приходи по други основи и дај боже да нема потреба да се барат средства од ЈП Комуналец. И други две ставки Приходи од продажба на општински имот, Објект Гурман околу 15 000 000 предвидува и тоа е прашање колку ќе биде. Може да биде повеќе, може да биде и помалку. И очекувани приходи од Продажба на неизградено градежно земјиште во износ од 36 000 000. Сите овие 3 ставки се некаде околу 200 000 000 денара кои што се значителен износ . Ако биде може и ќе биде добро, ќе го реализираме буџетот.Ако не се реализират овие приходи прашање е колку ќе можеме да подмириме, да извршиме во расходната страна од планираните проекти. Во делот на расходната страна од вкупните

574 037 000 денари зафатнината за администрација, Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци планирани се 91 856 000 денари или 27% повеќе од минатата година или околу 20 000 000 денара повеќе во однос од минатата година. Ако дадам мое мислење за овој дел сум општинската аминистрација да зима повисоки плати, меѓутоа не сум сите да зимат исто високи плати. И во мојата фирма и во сите фирми, па и во аминистрацијата има некој кој што заслужува многу повеќе, има некој кој што не ја заслужуваат ни таа плата. И затоа ќе ги молам раководителите по сектори да ги наградуваат и да ги казнуваат тие што. Мое мислење е такво. Оти не се малку 20 000 000 денари што се повеќе од минатата година и не треба да се доведиме во ситуација ако од приходната страна не се обезбедат средства да дојдиме во ситуација да не може и општинската администрација да земе плата, односно тоа што му следува. Во однос на трансферите за невладините организации има предвидено 3 960 000 денари. Според мене тоа е малку. Треба да се планират повеќе средства, со таа цел што ние сите треба да бараме од невладините организации поголема активност наредната година за нив да ги мотивираме да можат да извлечат и да направат програми, проекти и да извлечат повеќе средства од некои донатори за реализирање на нивните програми, а за да ги мотивираме мора да учествуваме и ние во тие програми,да се влијае преку невладините организации, односно при поднесувањето на нивните програми да се изготват критериуми за наградување и доделување на средства за такви проекти кои што ќе влијаат да се зголеме свеста кај населението за зачувување на екологијата и разубавување на нашиот град, а тие можат тоа итекако да го направат, но мислам дека минатата година не беа доволно искористени невладините организации. Во однос на уредувањето на градежното земјиште во Општина Кавадарци би го напоменал процентот, односно износот тоавеќе го спомнавме за изградба и реконструкција на улици на други објекти во селските руралните месни заедници предвидени се 21 800 000 денари или 3,8% од вкупниот наш основен буџет. За мене тоа е сепак малку. Ние бевме со Градоначалникот и со други советници по сите месни заедници, барањата нивни се многу поголем износ. Јас имам во обзир дека треба сите да бидиме умерени во ова време при барањето за изградба на некој објект или нешто, меѓутоа основните барања беа во многу поголем износ одколку ние што средства имаме обезбедено. Затоа имам забелешка до Градоначалникот добронамерна. Јас сакам кога би се изготвувал ребаланс на буџетот

или кога би се изготвувал оваков буџет за 2024 година навремено да не известите и мислам дека има доволно квалитетен кадар тука меѓу нас советниците да може консултативно да се договараме и со секторите од финансии и со секторите кои што ги изготвуваат проектите за да немаме ваква ситуација како сега на почетокот на Советот еден голем број на амандмани одбиени, вака ќе се направе, онака ќе се направе. Дајте тоа да го правиме заедно. Ние сакаме како советници да помогниме. Јас така мислам, а ваше едали ќе не викните, да не биде само како да вие го предлагате буџетот, нека биде предложен и од вас и од нас, не мора да биде вие го предлагате буџетот, а ние сме должни да го гласаме или да не го гласаме. Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Веса Богева.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани едно кратко излагање мое во врска со предложениот буџет на Општина Кавадарци за 2023 година. Значи буџетот е многу сличен со претходно предложениот буџет за 2022 година и во износот на приходите и во износот на расходите постои ризик, тоа го зборувавме и претходната година,дека во случај на неостварување на приходите дека ќе трпат капиталните расходи, заради тоа што немаме простор сигурно, пак во намалување на оперативните расходи ќе треба да се насочиме во намалување на капиталните расходи, затоа целта треба да биде, јас мислам дека треба да бидат насочени како Општина во остварување на овие предложени приходи. Знаеме дека тоа, го зборувавме и минатата година дека добивката од ЈП Комуналец не можеме да ја третираме како сигурен приход, него тука можиме процент од таа добивка,од тој приход, но да се надеваме и да очекуваме дека ќе се обезбедат средства од друг извор на финансирање за да може да се потполне буџетот таков како што е предложен. Јован спомна советникот дека се препиукуваме тука, централна, локална власт. Значи тоа не е препукување тука централна, локална власт тоа не е препукување, но според мене е да бидат граѓаните точно информирани и тоа е убаво да има еден натпревар меѓу централната и локалната власт кој повеќе ќе вложи во Кавадарци и тоа е во интерес на сите граѓани во Општина Кавадарци. И ние како претставници од СДСМ се бориме за што повеќе инвестиции од централниот буџет бидат потрошени во Кавадарци. Исто и вие како претставници на локалната власт сакате да квалитетно бидат потрошени средствата од општинскиот буџет во Општина Кавадарци. Во овој приход, сите

сигурно приметивте дека има зголемување на приходот на дотации по основ на ДДВ од 4,5 на 5,5%. Износот што е пресметан според некоја методологија, разговаравме на Комисија за финансирање, јас лично очекувам дека тој износ ќе биде и поголем. Исто има зголемување на дотациите за покривање на трошоците за плати на вработените во локалните институции кои се финансират од централниот буџет, тие дотации се зголемени пошто има зголемување на платите, но сакам да споменам дека има многу проекти кои се финансират, тоа ќе го образложам после во програмата за ЛЕР кои се финансираат од министерствата и тие средства ние не можеме да ги видиме во самиот буџет. Имаме за тоа разговарано со претставниците од финансии бидејќи тие инвестиции директно се плаќаат од соодветното министерство, дали тоа е Министерство за локалана самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјални политики, Министерство за Локална Самоуправа, но во секој случај токму тие средства значително ги зголемуваат капиталните расходи, односно инвестиции во Општина Кавадарци. Точно со бројки тоа ќе го видиме од Програмата за ЛЕР на Општина Кавадарци. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Дали некој друг бара збор.Градоначалник повели ти си последен.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници, почитувани сограѓани, администрација, медиуми и останати. Плодна дискусија околу буџетот. Јас нема да навлегувам многу во делот на она што е сработено 22-ра, дека е буџетот остварен и во приходи и во расходи речиси 100% и покрај тоа што ланскиот период во овој период од годината бевме критикувани бурно од опозицијата дека ова е нереален буџет, надуен како што го викаш или напумпан како го кажувате, али ете остварлив буџет во делот на 100%. Така да може тука да се извините само за критиките што ги имавте ланската година, да се заблагодарам на сите советници кои што длабоко навлегле во анализата на буџетот и во неговото извршување и во буџетот за 23-та година и за потребите на граѓаните и на урбаните, на руралните средини. И советникот Златевски кој што кажа дај да седнимезаедно да го направиме буџетот. Значи буџетот и по закон го предлага Градоначалникот и Градоначалникот и го спроведува самиот буџет со Локалната Самоуправа, вие како советници го гласате или не го гласате буџетот. Како Општина сме трајно транспарентни и објективни и

во делот на спремањето на овој буџет 21 ден работен, активно работевме на терен покрај секојдневното работење на Мој Општинар, другите служби и сите останати јавни претпријатија да ги сумираме и да ги собериме сите барања на граѓаните и врз основа на тоа на нивни барања јас го предложам овој буџет кај вас и стигне тука на гласање. Општина Кавадарци во изминативе 4 години само ќе ве потсетам дека со моето доаѓање на функција Градоначалник основниот буџет беше 210 000 000 . Денеска е 540 000 000 или 570. Не сакам да зборам по таа тема. Значи два пати е зголемен. Во делот на приходите и расходите мислам дека капитално најодговорно ги спроведуваме и ги трансферираме директно кај граѓаните. Тое се оценки и од нашите граѓани. Тоа се оценки од нашите сограѓани и други општини кои што го гледат градот во кој правец се движи. Советникот Златевски кажа дека руралните средини се само со некој процент. Јас пак ќе напомнам и ќе кажам дека 23-та година е пред нас . Имаме многу простор за аплицирање, во повеќе агенции, повеќе амбасади за развој на руралните средини така да тие проекти како што е патот до Чемерско, патот до Бојанчиште, патот до Дабниште ќе бидат на дневен ред на некој нареден Совет кога ќе ни бидат одобрени од некоја трета страна или некоја агенција или преку Вардарски Плански Регион итн. Кажавте дека ќе се гради Домот за деца.Да Домот за деца е проект кој што ние го изготовивме пред две години за деца со посебни потреби и макотрпно работиме заедно со сите служби и со Општа Болница и со министерствата да стигниме до градежна дозвола, да се ставе таа програма да се изграде за општо добро за целокупното население, поготово за тие дечиња што треба таму да се развиваат и да се негуваат. Јас нема да прашам само ќе кажам еве на советникот од СДСМ Вуко дека дестилеријата, да, ја зборувам втор мандат и немам ингеренции ниту ти, ниту јас да ја изградиме како дестилерија. Прочитај го Законот за акциза. Прочитај го Законот за акцизни добра. Прочитај ги сите услови. Тоа може да биде само во еден транспарентен заеднички отчетен начин со Министерството за земјоделие, Царинска управа, Министерството за финансии, а финансирањето на дестилеријата е трета работа. Така да Општината како Општина не може да се спушти во градење само на дестилерија, али добро тоа ќе ви биде еден податок кој што пак ќе го демантирате и ќе кажувате ете Општината треба да ја изграде дестилеријата, а Министерството за земјоделие да ги собира другите средства од земјоделието итн. Ние сме само една Општина која што има развиено земјоделие. Напротив имаме доста

подршки во делот на малите семејни винарии, во делот на лозарството, во делот на смарт земјоделие, во делот на метеоролошките земјоделски станици и секојдневна подршка за сите земјоделци на кои што можеме да им помогниме. Оброкот за секое дете е ставен пак ќе повторам, не е едноставна работа, значи треба 4 институции, да ги соединиме. Тоа е Санитарниот Инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, МОН и Локалната Самоуправа. Тоа значи дека треба да ги видиме сите правилници и прописи и работиме на тоа интензивно и ти кажав дека април, мај ќе имаме пилот проект од 2 месеци, а после ќе имаме тендерирање, комплетно на целокупната учебна година која што фаќа 23-та, 24-та, затоа што не се они нели годишни, него се долгогодишна учебна година. Ветувавме и друго советниче. Ветувавме и затворен базен за нашите деца од основно, средно образование. Изгледа ви е заборавен или не сакате да кажете дека е извaден од финансиска конструкција. Патот Мајден, Рожден кој што е во непроодна функција во моментот. Ветувавме и заобиколница. Да. Се од регионално значење и регионални патишта. Ќе си ги извадите ингеренциите на Општината, ќе си ги извадите ингеренциите на ЈП ДП, ќе си ги извадите ингеренциите на Министерството за транспорт и врски и ќе видете кој што може да граде, да проектира и да направи. Како Општина се што е во ГУП и во ДУП ние имаме обврска да го спроведиме и да го направиме. За 23-та година нема узалуд да ги потрошиме парите. Јас им гарантирам на граѓаните она што е ветено во нашата програма дека здрави, живи до крајот на 23-та ќе биде 95% остварливо, а и доколку не ги вратите средствата, финансиските средства за градскиот базен затворен Општина Кавадарци ќе си обезбеде свои средства и ќе направе базен. Е сега вие ако сте толку добронамерни еве имате мотивација да успеете да го поништите тој тендер да не го направите базенот, ќе го направиме со општински средства, али ако сте избрани од граѓаните и мислите за граѓаните треба напротив да се изборите таму кај вашите да базенот не го извадат од програма и го направат како базен за потребите на децата од основно и средно образование пред се, а нормално и за рекреативците кои што треба да функционираат во Општина Кавадарци. Јавниот превоз ќе почне од јануари месец да функционира. Имаме план и програма и проект за Старечки дом со 90 легла, кои што во корелација со МТСП интензивно се работи и после тоа вие ми се чине не знам која точка ДУП-от баш за малиот дел на Дисанска маркицата за Старечкиот дом кој што треба да се изгласа, да помине и да се

извади градежна дозвола за да може да го спроведиме тоа сето. Тука ќе им помогниме многу и на пензионерите, на изнемоштени лица, на лица кои што не можат секојдневно да функционираат сами итн, а со еднократна помош и самиот збор еднократна помош тоа значи од денеска за утре, а после 2 месеци пак сме со истиот проблем. Ние како одговорни луѓе сакаме темелно да ги решаваме работите и да темелно ги решиме долгорочно и трајно да луѓето го осетат бенефитот од нашата заложба. Имаше излагање доста и од советниците на ВМРО ДПМНЕ со коалицијата кои што ете го видоа нивното согледување и гледање на буџетот. Јас можам само да се заблагодарам на сите советници кои што денеска имавте излагање без разлика и на позитивните критики и на негативните сепак толку можевме да направиме, а од 100% повеќе јас мислам дека не постои нешто што може да се направе. Соработката ја имаме комплетна и сите советници навремено сте известени, дури и јавно повикани за сите спремања на буџет, спремање на програми и спремање на стратешки работи, меѓутоа еве оваа советничка група која што е тука во мој втор мандат, на некој втор и повеќе, или прв мандат на некој е единствена до сега која што нема координација од кординаторите на советничките групи пред закажување на Совет и пред ставање точки на Совет. Како јас можам да предвидам ти денеска тука од говорница што амандман ќе ми кажеш и со која сума ќе рсполагаш, кога веќе буџетот е припреман, ставен и е во рамките на законските регулативи кој што треба да го спроведиш. За што и да прифанам треба нешто да извадиме. Тоа е буџетот. Значи буџетот не се амандманот. Амандманот се поднесува на време. Значи не викам дали е добар или не е добар. Секој амандман заслужува внимание да се разговара. Рековте ги одбивте сите амандмани. Ги одбивме затоа што од една причина што не можеме и да ги прифатиме денеска. Некординацијата, некомуникацијата е ваша слабост, не е моја. Јас сум си тука достапен повелете. А дека јас ќе дојдам кај тебе како советник за да ми кажеш како се праве буџет, ќе почекаш малку да помине време. Зазимањето на стратегијата политичка на Општина Кавадарци чувал Господ од полошо. Добро е што вака е составот на советници инаку ќе бевме бетер и од Скопје. На штета на граѓаните со односот што го гледам према вас. Вие како прво како советник немате доблест да се обратите Почитуван Градоначалник. Јас сум само моментално Градоначалник и го застапувам градот. Утре ќе биде втор, трет, четврт, пет и никогаш нема да ја деградирам функцијата Градоначалник, ниту пак

советник, ниту граѓанин, ниту пак административец. Соработката треба да се дигне на повисоко ниво. Треба да сме среќни во една најтешка година сореализација на буџетот од 550 000 000 и многу добро спомна советникот Јован 49% учествуваме со сопствени средства во вкупниот буџет. Тоа е лоша работа. Нашиот буџет не треба да биде повеќе од 20%. Значи Владата треба да ги дигне блок дотациите и треба да ги дигне наменските средства према Општина Кавадарци. Проверете ги другите општини колку учествуваат со сопствен буџет, а колку учествуваат со државен буџет 25-30% е сопствен буџет, а 70-80% е блок дотации од Владата. Нема да ви ги именувам општините. Еве најсоседна општина ни е Велес со повеќе жители од нас има основен буџет од 305 000 000 денари, а вкупен буџет 1 400 000 000. Така да кај нас треба да се дигнат блок доцациите, пошто Општина Кавадарци е економски равиена општина, втора по БДП со најмал број на невработени и ние тоа ќе си го бараме соодветно како што следува и верувам дека Владата понатаки ќе има слух за подигање на блок дотациите и давањето на децентрализацијата. Она со ЈП Комуналец кое што го зборуваме подолго време со отварањето на Петтата мини Хидроцентрала и со излегувањето на пазар на отворена енергија на продажба ЈП Комуналец очекуваме во првите 4 месеци да направи многу поголема реализација и добивка од продажба на ел. енергија, а за наредната година во истото претпријатие имаме предвидено изградба на 2 mw или 2000 kw инсталирана моќност на фотопанели за производство на ел. енергија при истата јавна институција МХЕЦ Кавадарци. Јас би сакал тука денеска како последна седница. Нема да навлегувам пак ќе кажам многу во проектите, во ингеренциите, во она што е сработено, ќе оставам тоа да го зборуват граѓаните и да го судат. Само сакам да за оваа 22-ра изминатата максимално прво да ви се заблогодарам вас на сите советници, на корпоративноста, на соработката и на се она пак ќе кажам направивме заедно за Кавадарци. Исто да се заблагодарам на јавната администрација која што во целост беше посветена и ги следеше нашите односно моите и вашите одлуки за да ги спроведе и имплементира на терен, на јавните претпријатија Комуналец, Паркинзи и останатите спортски објекти кои што упорно и напорно работеа со сопствени ресурси и директорите и сите вработени во едни малку потешки времиња, за да ја иследат и да можеме да направиме 100% реализација на буџет. 100% реализација на буџет не се праве само со носење на буџет, не се праве само со прибирање на средства, него треба некој тоа и да го

изреализира на терен и едноставно тие пари да ги потрошиш. За да ги потрошиш парите требаат многу сегменти и моменти за да сето тоа се имплементира во еден класичен проект и биде ставен во функција. 550 000 000 денари извршување на буџет, ако го земите на дневна основа од работни 250 дена значи ние имаме околу 20 000 денари реализација дневна буџет. Значи тоа е работа што некој преку нас ја имплементирал и ја спроведил. Така да воопшто не е малку. 23-та имаме предизвик, затоа ги земавме со резерва многуте проекти затоа што и самата Агенција за рурален развој доцнеше со извршувањето на буџетот и објавувањето на мерките 323321 и333 и затоа рековме тие што се за руралните средини ќе ги ставиме со иден ребаланс доколку ги добиеме од Агенцијата за рурална средина, а тоа сигурно ќе ги добиеме затоа што тие се даваат по дефолт на секоја општина што им следува и преку Вардарскиот Плански Регион. Не би сакал да го оптеретиме буџетот непотребно, да ги резервираме средствата, а после да не го реализираме, а после со самата реализација ќе дојдиме пак на едно мало ниво на реализација. Ќе излезат и другите буџети, ќе ги видете, ќе излезат и државните буџети и капиталните расходи и капиталните добивки. Општина Кавадарци се движи во прав правец и тоа мислам дека го гледате и сами и време е во ова невреме, пак ќе повторам да малку ако можеме барем во Каваадарци, а мислам дека сме на добар пат комуникацијата да си ја подобриме, кординацијата биде на повисоко ниво во интерес на граѓаните, не во интерес на никој друг, а сето тоа ќе вплоде со плод за да успееме заеднички кога сме сложни и кога ќе тропниме во Скопје, дали е министерство, дали е Влада, дали е Агенција ќе имаме поголема тежина, него ако се натегаме како партии, ако се натегаме како советнички групи и како Градоначалник. Чиј е успехот за изградба на градинката во Општина Кавадарци. Успехот е на нашите сограѓани, на нашите дечиња кои што одат таму. Толку. Тука треба да ставиме точка. Во моментов Градоначалник е Митко, вие сте советници. Следните избори ќе видиме кој што амбиции има. Може ќе се сменат работите, па јас ќе дојдам советник, ти Градоначалник пример. Значи апсолутно оставаме на интерес на граѓаните. Така да уште еднаш се заблагодарувам за целокупната плодна соработка за 2022 и очекувам овој буџет очекувам да биде изгласан од сите без разлика на политичките определби и партии пошто мислам дека е од големо значење. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика, па Ристе.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник јас секогаш ви се обраќам со должна почит према функцијата која ја извршувате. Третманот од ваша страна со постојано прекинување од вашата советничка група спрема мене мислам дека е некоректен и се надевам дека тоа ќе го надминимеи ќе помине. Друга работа, во делот на ингеренциите минатата седница ја извадивте оваа програма, што ја имам и јас Гарантираме за Кавадарци, промени, проекти, победи и викате овака. Еве ви го лидерот. Еве вика моите обраќања и од тука натаки се проектите така. И тука имате наведувано пак ќе го извадам воа капитални инвестиции. Тука се наведени сите овие што ме прашувате сега до каде е реализацијата. Треба да биде обратна работата јас да ве прашам вас, пошто вие сте ги ветиле, вие сте гарантирале на почетокот. Гарантираме. Вие сте гарантирале. Не сте викале гарантираме, ама немаме ингеренции. Гарантираме. Сте ставиле оброк, сте ставиле кино, сте ставиле заобиколница. Еве јас да ве прашам имате ли урбанизација на обиколницата ставено, направено. Немате. Знам дека немате.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Урбанизацијата може да ја праве само Министерството за транспорт и врски. Значи ние како потенцијални кандидати за градоначалници, советници, било што не смееме да предвидуваме работи капитални кои што се заеми со Владата.... Во документите отворете го подробно каде што пишува заобиколница и ќе ви биде јасно таму како пишува.Во соработка со Владата и Министерството за транспорт и врскаи.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: И сега викате јас го ветувам овоа, јас гарантирам за воа, меѓутоа тоа треба да го спроведе Владата и ресорните министерства. Јас така ве разбирам. И сте ставиле и дестилерија. Имате минатата година на локалните избори прес конференција ќе ја направиме дестилеријата по секоја цена. Јас не сум убеден дека тоа ќе го реше проблемот со грозјето, со откупот на грозјето, меѓутоа имавте прес конференција на која што викавте дека по секоја цена ќе ја реализирате и мислам дека ако се тргне овака мислам дека е неодговорно да излеваме, да даваме ветување, да гарантираме за реализација на одредени проекти и после да си ја префрламе топката на другата страна. Ај сега вие централана власт помогните да си ја реализирам јас мојата програма која што сум ја ветил. Не е спорно дека сите работиме во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Ме праша за базенот Ла Луна. Од страна на директорот добив информација дека ќе се реализира во 2023 година. По мои информации знам дека минатата година пропадна тендерот заради ставени пониски цени на градежни

материјали. Точно. По информацијата последна треба да помине на Влада и 23-та година треба да биде. Ајде да видиме. И последна работа во делот на амандманите вие може да го предлагате буџетот. Буџетот го носи Совет на Општина Кавадарци, значи буџетот го носат советниците. После наша одлука излева во Службен Весник и тргнува реализација. Ако не помине денеска буџетот водите современо финансирање. Така е законот. Значи ние ја носиме одлуката, вие го предлагате само и зошто ако вие предлагате, да ние немаме право на амандмански корекции. Па ниту еден амандман. Јас не гледам што е спорен ниту еден од тие амандмани. Амандманот за Општа Болница. Што е спорно да се дадат повеќе финансиски средства за Општа Болница. Имате тројца лекари овде. Сите видиме колку е битен здравствениот сектор во време на ковид криза. Што е проблемот со еднократен надоместок за лица и оние социјални мерки кои што ги предлагаме за лица со попреченост, да им дадеме 3 месеца на пензионерите со ниски пензии помош. Што се спорни тие моменти. Ние имаме и програма за социјална заштита. Овие не се работи кои што сме ги измислиле. Овие работи се спроведуваат и во некои други општини. Оброкот за секое дете. Велите со ребалансот. А зошто да не предвидиме средства сега. Што е спорно. Ќе предвидиме средства сега и ќе го реализираме во текот на годината. Јас мислам дека се игрforce на линија на кратко паметење на граѓаните. Да после 3 месеци заборавиме. Не заборавaме. За ребалансот ако го нема, па ќе го поднесиме истиот амандман. Пак ќе го поднесиме. Не оставаме оноа кое што сме го дадиле како врвен приоритет за бесплатен оброк на децата, да не се реализира оваа година. И тоа мора да биде. Пошто верувајте тоа е едно од најклучните работи кои што ги бараат граѓаните. И по анкетите кои што ги правевте по школите 99,9% .Значи сите граѓани го бараат бесплатниот оброк. И таа работа мора да се реализира оваа година. Толку би имал јас.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван советник со целиот респект кон тебе, бидејќи ме повика за тоа дека сум лекар и точно е тука е Павле, тука е Тони.Тројцата сме лекари во Општа Болница Кавадарци и сите допринесуваме за подобрување и желба на сите тројца лекари како членови на Совет за подобрување на здравствената заштита и помош. Прво Општина Кавадарци секогаш за здравствената заштита во нашиот град има еден партнерски однос. Еве како за информација на јавноста Општа Болница Кавадарци инвестираше во набавка на апарат 2011 година во Општа Болница Кавадарци, потоа беа сменети прозорците

повторно преку буџетот на Општина Кавадарци во Здравствен Дом. Општина Кавадарци учествуваше и во субвенционирање на средства за медицински сестри во руралните средини и најбитно во текот на минатата година за подобро тековно финансиско функционирање ЈЗУ Општа болница Кавадарци како стожер на здраствената заштита во Општина Кавадарци повторно преку еден партнерски однос со менаџментот на Општа Болница успеавме иако тие пари беа земени со ребалансот повторно треба да се вратат и оваа финансиска потешкотија што е можно полесно ја преброде болницата за добробит на граѓаните на Општина Кавадарци. Јас лично ве уверувам како Претседател на Совет и како лекар дека здравјето на пациентите и здравјето на граѓаните на Општина Кавадарци е врвен приоритет на сите политички партии. Било какви наменски средства или било какво барање да има од менаџментот на ЈЗУ Општа Болница Кавадарци со проширена дејност итекако ќе биде разгледано, а верувајте дека за здравјето на пациентите Општина Кавадарци нема да штеди средства, тоа и во минатото е докажано. Така така и ќе биде. Ви благодарам. Повели Градоначалник.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Баш во тој контекст сакав да кажам. Краткото памтење на граѓаните, имат добро памтење, и нашите се интелегентни граѓани Него не го спомнувате едниот сегмент каде што таа Општа Болница е Регионална Општа Болница. Ќе си го повикате вашиот Градоначалник од СДСМ според број на жители да даде субвенции на Општата Болница колку што даваме ние. Да си го повикате вашиот Градоначалник од СДСМ од Росоман да даде според број на жители субвенции на нашата болница. Исто и Градоначалникот од ВМРО ДПМНЕ од Неготино. Не може да се шлепаат они на наши субвенции, а да не даваат они субвенции за Општа Болница, пошто тоа е болница регионалана за сите пациенти, а она што го спомна и Претседателот на Совет и вие и на полноќ ќе испадниме во пресрет за болницата, нема да ја оставиме и да дозволиме да остане на штета на граѓаните.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас сакам да го спомнам проектот за предвидените средства, 500 000 денари за овогодишната здравствена заштита. Тоа е еден многу благороден проект кој опфаќа 1700 деца на територијата на Општина Кавадарци од прво до петто одделение за иследување на моторичката активност и држење на рбетниот столб. Тоа е нешто што како превентива донација итекако може да помогне на нашите дечиња од прво до петто одделение. Така да овие 500 000 денари

во буџетот на Општина Кавадарци се наменски наменети токму во тој правец. Повели Ристе Сакалиев.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници, гости од нашите институции, директори, медиуми и граѓани. Буџет никогаш не било да гласам против. Секогаш имало нешто амандман, или некоја замерка, али буџетот имаме морална обврска према граѓаните да го гласаме. Тоа што каков буџет ќе реализират Градоначалникот и министерствата ние треба да напаѓаме или да браниме. Колеги оваа дискусија денеска се претвори во кампања меѓу Вукето и меѓу Градоначалникот како најистурен играч на Социјалистичката партија со коалицијата. Не е добро. И ние како независни можеме да дадиме амандман, ама ради тоа што не минат амандманите 10 луѓе даваат наредба на Градоначалникот. Градоначалник ти мора да си наш. Немој ниеден амандман да му поминеш на овие оти одма мислиме дека си 10% нивен. Не наседнувај на провокација. Ти си Градоначалник треба да балансираш. Редно е од 15 амандмани, ако сакаш да учествуваат и они во буџетот и во реализацијата на мижечки фати 3 и одобри. Испадни џентламен. На лотарија. Градоначалник. Ај Вуке слушај ме. На лотарија треба да ги влечиш и овие по 1500 евра што ги даваш, не кој прв дошол. Тие што први што доаѓаат се пак од нив нарачани. Јас тоа го знам. Имавме така точаци, грејни тела. Јас бев првиот што реков дај не бива оваа работа вака.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ристе дозволи. Како претходен Претседател на Совет мораме и на почетокот спомнав дека гледаноста на денешната седница е на сите граѓани, вклучена и телевизијата. Значи ве молам со цел респект ако можеме да се надминиме, да биде достоинствено, пред се заради тоа не е добро што ние ќе се продвикуваме,гледаат секаква категорија на луѓе. И помали деца гледат. Малце некое ниво да задржиме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Претседателе благодарам на советот. Ама ти сакаш да ме правиш да бидам послушен и да мислам како тебе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не мораш како мене да мислиш.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ама треба да те напаѓам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ама биди културен во говорот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: На кој говор. Кој збор е некултурен.. Што реков.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Како може да зборуваш некои невистини.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Кои невистини. Ти не беше во Совет, а имавме прв дојден, прв услужен. Видовме дека тоа е аномалија. У пола саат у архива дошле 300 .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Што има врска со буџетот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: За да влезиш во буџетот , да видиш како го кроиш буџетот и како одлучував за буџетот морам да те спремам Претседателе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи добро е што.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: И видовме деека за пола саат дошле во архива заверени 300 луѓе што треба да купат точак, а 300 луѓе треба да ги пишиш 3 дена. Аномалијата ја отклонивме и рековме на ждребовање. Бараме 100 точаци, идат 99, сите зимаат и сега ние , тоа за поздрав е да дадиме по 1500 евра субевенција на граѓани. Тоа е голема работа и Кавадарци е прв град што тоа го дава. Ако биде на влечење сите граѓани се исти. Ако биде прв дојден, прв услужен во партиски штабови спискови се даваат 7 дена предвреме. Така и за вработување, така и за гласање на Совет и сега може вас да ве лажат што сте по еден мандат. За тебе и за да речам Вукето и за Тасев лесна работа. Ќе ти рече Градоначалникот ќути и ти има да ќутиш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас не ми е планот да влезам во твојата матрица на размислување, оти тоа делува на мојот углед и на моето достоинство. Јас како Претседетел на Совет ќе те замолам ако можеш да се надминиш самиот себе, да дискусијата према мене како Претседавач на Совет ја тераш на подобро ниво и према Градоначалникот и према сите советници јас би ти бил благодарен, ама јас не можам со сила да те направам нешто што јас сметам дека треба достоинствено и дека треба така да биде.Тоа е твој начин на размислување инаку јас сум тука да те сослушам и те молам држи се до Предлог -буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година и ве молам во однос на конверзијата према советниците, према градоначалниците и према самите себе да си бидеме на едно ниво. Ако можеме. На крај крајева нашиот однос тука го гледаат граѓаните на Општина Кавадарци и они судат, не е проблем што ти тука Претседателот на Совет тука ќе го омаловажиш или ќе го навредиш. Јас нема да дозволам да ја продолжиме расправата во тој правец..

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Јас пак уште еднаш викам благодарам. Вие пошто сте Претседател. Функција голема е Претседател, ми рековте дека не можетеда ме направиш со сила. Јас со милост моќе да те направам да бидиш добар Претседател како што бев јас. Значи ретроактивно, ти враќам. Како ми рече ти со сила, јас со милост. Претседателе ако ти мислиш дека јас се брукам, дека губам политички поени ти ќе се радуваш, ќе викаш овој нека се избори. Сега збориме реалности.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ние сме сите минливи, само ти си вечен.

СОВЕТНИК РИСТО САКЛИЕВ: Не не сум вечен јас. Не сум вечен. Само имаш трауми од мене. Поминува тоа. Ми смета мене тоа што ниеден амандман не помина. Затоа станав, а инаку буџетот го гласам.Малку ми смета тоа што ниеден амандман не беше добар. Добри беа амандманите, ама не беше усвоен барем еден. И повеќе ми смета тоа што Градоначалникот се изрази дека фала богу. Значи Господ е најголем што овие се десет, ако не беа десет Градоначалникот од нас беше готов. Не мислеше така цела година, ама сега со притисок. Значи притисок има Градоначалникот и ВМРО му врши притисок и он подлегнува на притисок, ама не ми личи на човек што трпе притисок, ама еве го падна. И му реков пред две седници дека ти ќе бидеш првата жртва на фашизмот. И Градонаначалник испадна така нешто, али тоа е твое, твој е изборот. Да си го изгласаме буџетот и да си продолжиме другите точки да си ги гласаме, не да водиме кампања. Не можеш мене Претседателе да ме советуваш. Јас сум 20 години, ти си 5 месеци тука и ти смета тоа што јас те напаѓам. Дали сакаш да те фалам. И да си најдобар, пак ќе те напаѓам. Ме слушна.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не сакам да коментирам од место. Дали може да продолжам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Јас зборам. Како ти ќе продолжиш место мене. Не, не сум завршен. Релацијата со централната власт да ја градиме какви и да се, до кога и да се, да не ги напаѓаме од тука, пошто ретроактивно се враќа. Кој сака нека биде во централната власт јас го почитувам, кој и да е Премиер, кој и да е Министер, кој и да е Градоначалник го почитувам. Исто и Претседател. Тоа што ние ги почитуваме нив, тие 10% не почитувале нас. Сега јас ако зборам 10 минути, Претседателот 15 место мене да ти докажам, да ти кажам, да те предупредам. Не ме предупредувај. Нека се давам. Или пак мислиш дека тебе те давам или Градоначалникот, па сакаш да се спасиш. Тоа ми беше насоката.

Буџет се гласа. Да не мешаме централна дава во Велес толку, во Кавадарци толку. Па може јавна администрација општинска, ние имаме 300, тие може да имаат државна администрација 1000 души и по основ на дотации добиваат повеќе пари. Тоа што ние основниот буџет го имаме голем, тоа е заслуга на администрацијата на Градоначалникот и на советниците. Тоа што на некој мандат назад сме имале 200, 300 000 000 за комунална изградба, сега се 500, нафтата е зголемена дупло, градежните материјали се зголемени и истото го правиме што го правиле ппретходно. Кавадарци има традиција и стратегија сите градоначалници да се добри, не е овој најдобар и само се фали сам. Го нема никој пофалено. Претходниот Градоначалник не чине и претходниот Совет не чине. Сега и пола Советот чине, уште пола не чинат. За најубав да. Ама само мажи ти викат дека си најубав. Да речат жените дека си најубав. Се слагаш Градоначалник или пак самиот се фалиш. Мислам дека доволно ме разбравте што ми беше намерата. Намерата ми беше да не се рчкате. Многу е рано за избори и изборите одат на одлука на третата страна. Вие сте и двете страни скоро нула. Значи не одлучувате вие за парламентарни избори. Народот одлучува. У партиите имате по некој број на луѓе што урлаат и лепат таму плакати и прават тепачки, гужви. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Почитувани советници дали има уште некој збор за првата точка на дневниот ред. Тоа е Предлог буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година. Бидејќи е исцрпен претресот по првата точка на предложениот дневен ред, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за предвидениот буџет на Општина Кавадарци за 2023 година. Молам со гласање. Кој е за. 12 за. Кој е против. 5 против. Кој е воздржан. Нема воздржан. Со тоа е усвоена првата точка на денешниот дневен ред. Тоа е Предлог буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година. Нека ни е честита и дај боже да сме живи и здрави и реализација како претходната 22-ра.

Одиме на втората точка на денешниот дневен ред. Тоа е:

2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели советниче.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Ви благодарам. Во врска со оваа точка имам забелешка на член 14 од Одлуката и во делот Исплата и надомест на 13-та плата да се врше од Програмата таа и таа

итн. за 2013 година. Сакам да напоменам, пак ќе повторам прегеска спомнав нека има награда, нека има и казни и за наредната година да се преформулира овој износ. Да не биде 13-та, односно како награда. Јас верувам, сум убеден дека има заслуга и дека треба да земат, меѓутоа исто така сум убеден па дека не треба сите да земат подеднакво. Тија што е заслужен нека земе повеќе. Тија што не е заслужен нека земе помалку. Само за тој дел имам забелешки и за оваа точка ќе гласам воздржано.Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Кој е против.5. Кој е воздржан. 1.

3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно.

5. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на платите на вработените во ТППЕво Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно.

6. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

7. Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2023 година;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно.

8. Предлог-Одлука за измена на распоредот-пренамена на средствата на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

9. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Не бара никој збор. Ја ставам на гласање. Едногласно.

10. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (првородено дете во 2023);

Отварам претрес по оваа точка. Едногласно усвоена. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ако не помине буџетот како ќе му дадиме пари на децата....

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Пауза 5 минути.

Продолжение на денешната седница. Значи одиме на 11 точка од денешниот дневен ред.

11. Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2023 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

12. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Молам кој е за. Александар Мукаетов. 11 за. Против. 4. Воздржани нема.

13. Извештај за реализација на Програмаза изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2022 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против. 4.

14. Предлог-Програмаза изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за ве молам. Едногласно усвоена.

15. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

16. Предлог-Програма за комунални дејности за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

17. Предлог-Програмаза активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

18. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Едногласно усвоена.

19. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Едногласно усвоена.

20. Предлог-Програмаза заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот - за 2023 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор ја ставам на гласање.

21. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

22. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи не бара збор, ја ставам на гласање. Точката едногласно е усвоена.

Пристапуваме кон реализација на 23-та точка од денешниот дневен ред. Тоа е

23. Предлог- Годишна Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Точката е едногласно усвоена.

24. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.5, „Народен фронт", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци 2021-2026

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Тоа е за Урбанистичкиот План на Народен Фронт. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

25. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за УЕ 7, дел од Блок 7.1 „Велком Трејд„ Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

26. Предлог-Одлука задонесување на Детален урбанистички план за УЕ 12, дел од Блок 12.1 „Дисанска„ КО Кавадарци, град, Општина Кавадарци планиран развој 2020-2025 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

27. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2023 година;

Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи колеги Програмата за ЛЕР на Општина Кавадарци е од посебно значење. Значи самото име кажува дека од активностите што се предвидени со оваа програма и од степенот на извршување на тие активности во 2023 година зависи економскиот развој на нашата општина. Како прво сакам да потенцирам, тоа се гледа и од самата програма дека извори за финансирање на активностите од програмата за економски развој се Буџет на Општина Кавадарци, Буџет на Вардарски Плански Регион, Буџет на Р. С. Македонија, меѓународни донатори присутни во нашата држава, фондови достапни по програми на Европска Унија и донации од приватниот сектор. И јас сакам да ги потенцирам некои позначајни проекти кои се со поголема капитална вредност и од посебно значење општо за сите граѓани во нашиот град и во нашата општина. Како прво тоа е проектот за изградба и рехабилитација на локални патишта. За овој проект се планирани 29 000 000 денари и тие се целосно финансирани од Министерството за транспорт и врски. Тука за 2023-та година се планирани 5 улици во нашиот град Максим Горки, Димката Ангелов Габерот, Вељко Влаховиќ, Слога и 25-ти Мај. Значи и претходната година исто имавме реконструкција на улици кои исто така беа целосно финансирани од Министерството за транспорт и врски. Средниот проект е Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство. Исто така и овој проект е со голема вредност и од посебно значење за нашата општина, кој што го посакуваме подолг период. Планиран е за 2023 година во износ од 20 916 000 денари и финансиран од страна на Министерството за Локална Самоуправа и Швајцарската Амбасада. Нормално дека тука учество има и Општината со обезбедено земјиште и одобрение за градење Следниот проект што сакам да го потенцирам е Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор. Овие средства се обезбедени од Министерството за финансии со цел да се направат фотоволтаични системи на јавни

институции. Тоа се неколку училишта во селските средини. И градинката Рада Поцева. Значи конечно и на градинката Рада Поцева ќе имамме фотоволтаични системи, како што имаме и на сите други 10, 11 колку беа јавни институции во нашата општина, нотогаш минатата година беа финансирани од Бирото за регионален развој. Следниот проект е проект преку Министерството за животна средина и просторно планирање. Тоа е реконструкција на атмосферска канализација во с.Возарци. За овој проект се планирани 22 000 000 денари. Следен проект е преку Министерството за труд и соицијална политика. Тоа е објектот Дневен центар за телесна и ментална попреченост. Тука се 33 000 000 денари. И на крајот би го спомнала уште и проектот кој исто така е целосно финансиран од МОН. Во врска со реконструкција на спортски сали во училиштата Гоце Делчев и Гимназијата Добри Даскалов. Токму овие вредности кога зборував и за буџетот спомнав дека не ги гледаме како вредности во самиот буџет, бидејќи се финансирани директно од соодветните министерства, но е од посебно значење и како износ и како капитални објекти. Нормално дека Општината и општинската администрација имаат удел во остварување на овие инвестиции со изработка на квалитетни проекти и во некои од тие проекти нормално учествуваат и со некој процент финансиски, многу понизок по однос на вкупниот износ на вредност на овие објекти. Тоа било и претходно. Ќе биде и оваа година. Треба да биде и наредниот период. Дел од овие проекти се готови и одобрени, дел се очекува одобрување. Се надевам дека ќе продолжиме со успешни проекти од страна на општинската администрација кои што можеби ќе бидат одобрени во 2023, предложени, ќе правиме ребаланси, токму во таа насока дасе зголемуваат овие капитални инвестиции. Исто така нека се прават во 2023-та, нека се одобруваат и во наредниот период значи се со цел да имаме навистина вистински капитални инвестиции во нашиот град кои се од посебно значење за Општина Кавадарци. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ви благодарам советничке. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

28. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физички лица за купена и инсталирана фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија од 6kW за 2023 година

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Градоначалник.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Поради тоа што станува збор за првпат Општината се впуште во коофинансирање во делот на изградба на фотонапонски централи за производство на ел. енергија до 6kW согласно законот сакам да потенцирам и да кажам дека Правилникот за работа и избор е земен од Министерството за економија кој што имаат веќе пракса и практика во делот на доделување на субвенции за коофинасирање на вакви објекти. И за граѓаните да појасниме. Општина Кавадарци е прва општина пратејќи го трендот на енергетската криза и трошковите на граѓаните и токму она што го потенцирав претходно сакаме да коофинансираме нешто што ќе има траен бенефит на самите граѓани. Значи според Правилникот кој што го имаме и според повикот кој што ќе биде донесен, еве ако се изгласаат овие точки. Тоа значи дека секој заинтересиран граѓанин на територијата на Општина Кавадарци прво доаѓа во Општина Кавадарци и поднесува апликација со проект за изградба на фотонапонска централа. Проектот го поднесува во архива. Ќе се состави комисија, најмалку од тројца до пет члена и со надворешни соработници од електро инжинери. По поднесување на проектот, комисијата ќе излезе на терен, ќе виде дали се соодветствува проектот со самиот објект, по одобрението од таа комисија има рок од 3 месеци, ми се чине дека го ставивме, 4 се извинувам, во самото одобрение да граѓанинот ја изгради таа фотонапонска централа. Од кога ќе ја изграде фотонапонската централа, аплицира кај нас за кофинасирање со максимална сума од 90 000 денари, излегува комисија на терен, ја евидентира фотонапонската централа, ги зима документите од ЕВН дека е приклучена во функција самата централа и пред да му се исплатат средствата на поединецот кој што аплицирал и ја завршил последната фаза, секој поединечно ќе биде даден на Совет, со одлука на Совет да биде изгласано за да ги занемариме оние факти нели, на прв дојден, прв услужен, па не знам од други причини или било како, така да и на почетокот и крајот, секој индивидуалец ќе оде со секоја одлука на Совет за секое коофинансирање на индивидуалец. По одлуката на Совет и по објавувањето во службеното гласило, службата за финансии има комплетни аргументи и право да ги исплате коофинансирањето на семејството или граѓанинот кој што наместил таква централа. Максимално се потрудивме да биде транспарентно, објективно и да сите бидете вклучени во оваа работа за да нема никакви сомнежи,

пошто сепак јавните пари се пари на сите, кои што треба транспарентно и отчетно да ги трошиме, односно ги дадиме за кофинансирање и Општина Кавадарци со овој проект очекува да поголем дел од семејствата кои што ќе наместат фотонапонски централи го заменат своето греење ако до денеска биле на понесоодветно грејно тело дали се дрва, нафта или било што со еколошко грејно тело, не е тоа обврска, сепак производството на енергија би ги принудил и ги ослободило да си земат ел. уреди кои што се во моментов најеколошки и во делот на екологијата, меѓутоа и во делот на пристапот на подигање на самиот стандард на нашите граѓани. Интересот очекувам да биде голем.Општина Кавадарци во моментов резервира сума почетна од 7 000 000, од 5 000 000 денари, меѓутоа таа сума ќе ја зголемуваме се со потрошувањето, затоа што ние ветивме дека ќе одиме со сума до 30 000 000 денари за кофинансирање за 23-та година, али не сакавме да ги резервираме сите 30 000 000 пошто стварно не знаеме каков ќе биде интересот од граѓаните и од самото поставување на фотонапонски централи. Досегашното искуство и анкетите кои што ги имаме направено јас ги охрабрувам сите граѓани да се консултираат со соодветни личности и дека инвестицијата која што ние ќе ја дадиме како Општина од 1500 евра, а ситемот не кошта повеќе од 6-7000 евра, во зависност од кровната конструкција дека е повратна во однос на потрошувачката на ел. енергија од 6-7 години. Така да секој граѓанин кој што има интерес да си направе една економска анализа и мислам дека 25 години трајноста на фотонапонските централи е од големо значење така да еден благодет за сите граѓани и нормално пак ќе потенцирам и ќе кажам да тоа коофинансирање биде најтранспарентно, најјавно, во неколку фази и мислам дека нема простор за сомнеж. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалниче. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.. 28 точка. Кој е за. Едногласно. Одиме на 29 точка. Тоа е баш тоа што го кажа сега Градоначалникот. Тоа е

29. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија до 6 kw за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Мелов Вуко.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака јас ќе дадам тука еден предлог со цел регулирање на Правилникот. Јас не се согласувам да имаме принсцип прв дојден, прв услужен до исцрпување на средствата. Значи ние може да дискутираме врз основа на она што е планирано сега, а не што би планирале во иднина. Јас мислам дека ние како Општина Кавадарци треба да вметниме одредени други критериуми кои што се врзуваат врз основа на приходот на граѓаните на Општина Кавадарци и да ги финансираме и да им помогниме на тие луѓе кои што имаат пониски приходи да кај нив оде субвенцијата, бидејќи кај нив е како да кажам подобро да се субвенционираат граѓани кои што и да се помогнат граѓани кои што имаат пониски приходи кои што сакаат да местат фотоволтаици, да на тие граѓани да им помогниме и истите ги финансираме. Значи да се стави место прв дојден, прв услужен да има временски период од месец, два или три, во зависност од како ќе процениме да во тој временски период се соберат сите апликации врз основа на документ издаден од Управа за јавни приходи за годишни приходи од минатата година да ги финансираме врз основа на буџетот само оние кои што имаат пониски приходи. Мислам дека така е фер. Мислам дека така е коректно и само на тој начин ќе градиме фер и праведно општество за сите . Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Градоначалник.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче не можеме да ги делиме луѓето по тој основ според примањата. Значи не станува збор за социјална категорија. Станува збор за една мерка, која напротив значи кофинансирање на производство на ел. енергија, баш оној кој што троше повеќе ел. енергија ќе има математика да ставе фотонапонска централа. Оние кои што трошат малку ел. енергија и не е исплатливо наредните 15 години да наместе, пошто тоа го барат и укажуват економските анализи според потрошувачката на ел. енергија, а и правилникот кој што е носен, пак ќе потенцирам и ќе кажам е безусловен. Сега не сакам да потенцирам, меѓутоа можам да кажам дека во Кавадарци имаш жители кои што немат ниеден ден работен стаж, што немат приход,а возекола од 50 000 евра и според тие критериуми ако ги ставиме ќе испадне дека е најподобен, а уствари реалноста укажува нешто друго. Така да прв дојден, прв услужен можеби лошо звучи, меѓутоа Општина Кавадарци, јас сакам да ве уверам во таа работа и да ги уверам жителите, ако се појави интерес над овие средства што ги предвидуваме ние нема да застаниме, нема да застаниме, ќе го услужиме до последниот граѓанин. Значи буквално кажано тоа се

тарифи од третти, четвртти блок кој што најмногу имат интерес да стават фотонапонски централи. Од прв и втор блок затоа што Владата и ЕСМ дава поголем дел на коофинансирање на ел. енергија, а малтене е неисплатливо да наместат централа за производство на ел. енергија. Сепак станува збор за 7000 евра инвестиција, али даваме кофинансирање од 1500 евра. Другите 5500 евра треба граѓанинот или семејството да ги обезбеде или по основ на кредит или по основ на негово финансирање. Јас сум убеден во оваа работа дека ќе има интерес. Повикот трае 365 дена. Намерно е ставен така, да не го ограничиме и само после ќе дофрламе средства во делот на бенефитот на граѓаните и верувам дека секој еден граѓанин можеме да го удоволиме, во Кавадарци имаш бројка според податоците на Комуналец и решенијата на данок на имот, не повеќе од 10 000 семејства, а во еден европски добро развиен град, во најразвиените градови, значи нема повеќе поставено од 15% на фотонапонски централи на семејствата. Тоа значи дека во такво ниво да постигниме ние 15% би биле околу 1500 корисници на фотонапонски централи, а 1500 ние можеме во овие 3 години пред нас сукцесивно полека да ги сите удоволиме на некој начи и дај боже да стигниме до таа цел. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Видете вака. Нема дилема дека светот и енергетската криза со која што се соочуваме денеска ни создава потреба на создавање и зајакнување на потенцијалите на онаа зелена енергија, односно алтернативните извори на енергија. Проблемот е во тоа кого ние ќе субвенционираме Градоначалник. Овака ставено ние ги ставаме сите на исто рамниште и оној кој што има како што викаш ти и што вози мерцедес од 50000, од 100 000 евра и оној кој што ќе земе кредит за да наместе фотоволтаици, ние ги ставаме на исто ниво, дури со овој Правилник му даваме предност на оној кој што има повеќе финансиски средства ако побрзо поднесе документи него го ставаме во ситуација да он земе, а овој што е со пониски приходи да не земе субвенција. А кога гледаме реално, кога субвенционираме и кога даваме пари треба да им помогниме на оние граѓани кои што таа работа која што ја прават, кои што имат пониски приходи кои што може земале кредит, треба на тие граѓани да им помогниме. Овака ги ставаме сите на исто ниво и мислам дека од аспект на социјален момент мислам дека Општината имајќи ги во предвид начинот на кој што дели субвенции мислам дека го занемаруваме социјалниот момент, а мислам дека можеме да го инкорпорираме и како Општина во иднина истиот да го спроведуваме преку

мерките, субвенциите, политиките што ги застапуваме тука на Совет. Значи сум да се субвенционира поставување на фотоволтаици, меѓутоа треба да ги субвенционираме оние кои што имаат пониски приходи, кои што земале кредит, кои што се мачат едноставно да стават фотоволтаици за да имаат некаква си корист во наредниот период, а не да сите ги ставаме на исто рамниште и оној кој што има милиони и овој кој што се мачи да постави фотоволтаици да ги ставаме на исто рамниште. Јас сакам овоа како Заклучок Претседателе да го ставиш на гласање. Ви балагодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Нема проблем.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само малку Претседателе. Ама зошто грешно зборуваме ние. Вие знаете ли во која држава живеете. Ова е демократска држава бре човек. Нема сиромашен, богат, социјален. И тие што имат 3 000 000 и овие што имат 3 евра плаќат данок 0,15% данок на вредност. Значи не можеме ние да ги делиме луѓето по тој основ. Значи овоа не е социјална категорија, не е социјална мерка. Капитална инвестиција е во делот на екологијата и во делот на развојот на фотопанелите. Значи апсолутно мислам дека по тој основ не можеме да ги ставиме, не дека не сакаме. Не можиме. Па не е правно, не е уставно.Еве прочитајте, видете, огласете се. Не може ти некој да го ограничиш ако има, да нема. Тоа беше во социјализмот нели памтиш. Вака е, не е социјална мерка. Значи еколошка мерка е, со капитални инвестиции. Ама тоа е друг предлог веќе ако даваме социјална компонента за нешто друго. Социјалната компонента тука на социјално семејство и без пари да му ги даваш панелите нема да ги земе. Значи затоа што панелите се со потрошувачка на исплатливост над 500-600 kw на месечно ниво. Апсолутно значи не се работе тука за комерцијализирање или за било што. Така да не сакам пак ќе речам, не сакам да има сомнеж, а не можеме ни да ги ограничиме кој има повеќе приходи или помалку приходи, па по тој основ да ги дадиме тие кофинансирања. А пак ќе кажам јас мислам, ќе зборуваме за 6 месеци дека секој еден граѓанин ќе го удоволиме. Еве ќе го видете интересот. Испитан ни е интересот колкуе, како е. Има уште скептични луѓе на овие фотопанели кои што се стават дека се неекономски исплатливи. Ние треба да покажиме тука, да ја дигниме свеста и во екологијата и во загадувањето и во користењето на обновливи извори, а утре како Општина да успееме преку ИПАРД Програма или било што да влезиме во општини со повеќе обновливи извори за да повлечиме повеќе средства. Така да мое

мислење е дека не е уставно да ги ограничиме по примањата на приход. Ви благодарам.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Мене само една работа не ми е јасна. Зошто ние да му даваме субвенција на некој кој што може тоа сам да си го плате, кој што има милиони. Зошто. Зошто. Да го помагаме оној кој што има милион евра. Зошто него да го помагаме. Тој може и онака да си наместе сам. Идеата е да му помогниме на оние кои што не можат. Смешно е нешто. Ама на што личе ова. Раководител на сектор ти е. Нема врска. Идејата е да им помогниме ние на оние кои што имаат пониски приходи, на тие да им помогниме, на тие да им дадиме субвенција Вака сите ги ставаме во иста положба. Тоа беше мојата идеја. Зошто да субвенционираме некој кој што има високи приходи и кој што може сам да си плате фотоволтаици. А дека е тоа неуставно.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не вака. Не е неуставно. Само да ти кажам податок за да бидеш информиран. Во Општина Кавадарци има поставено фотопанели на правни субјекти од 65mw. Прва општина во Р.Македонија. Значи скоро сите фирми.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За тоа не разговараме.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не само да ти кажам. Исто разговарам јас за фотопанели, за фотоцентрали 65mw, индивидуални куќи. Досега има само 3. Значи мотивацијата е да почнат и тие што имат пари да се грижат за екологијата. Апсолутно да се грижат за екологијата. Да ги потикниме да се грижат за екологијата, да стават фотопанели. Јас мислев ќе дадиш амандман или забелешка советниците да се изземиме од коофинансирање. Јас реков советниците.Не реков советникот. Значи пак ќе потенцирам и ќе кажам. Ние како Општина коофинансираме капитални проекти, не социјални проекти. Овој не е социјален проект . Ако сакате да збориме за социјални проекти тоа е друга тема. Значи тука конкретно станува збор за фотопанели кои што имат економска исплатливост над 700, 800kw потрошувачка на месечно ниво. Тоа е едноставно што може да го кажам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Ристе Сакалиев. Повели советник.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: И кога немам збор за оваа тема начнав. јас како размислувам. Сега овој првиот круг на пари се некаде 50-60 фамилии. Дали е попаметно да бидат пола од цена, да бидат 100 фамилии. Дали треба 100 000, 90 да даваме или 45, али никако не можам да се сложам дека треба да биде прв дојден, прв услужен, ради тоа што имавме такво искуство и сега ние делиме

велосипеди и грејни тела по лотарија. Пробавме така прв дојден, прв услужен фама, притисок. Градоначалник за да го избегниш притисокот од граѓаните и од партијата на власт за тебе најдобро да биде на лотарија. Никој нема да те осуде, се извлечил.

ГРАДОНАЧАЛНИК: А бе советниче. Значи вака сега. Имаш 3 фази. Значи прво дали исполнува услови, комисија независна, не ме интересира партија, таква работа. Дај те молам. Партијата, партијата.Ако он не наместе во рок од 3 месеци отпаѓа, ако дошол прв мора да ги наместе, односно 4 месеци, да ги ставе во функција. А бе од кај знаеме советниче. Може да не ги наместе од х причини така. Значи не е сигурно дека он ако дошол прв и аплицирал дека сигурно ќе ги наместе и сигурно ќе добие. На крајот вие го гласате секој еден. А ако има сомнеж за нешто јас сум прв тука за да одговара некој. Таман работа. Не даваме сега ние чоколадо без пари.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник вака. Толку ти е тврд ставот . Ок Али толку тврд став дав имаш. Прв дојден, прв услужен. Ти си попуслив човек.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Абе човек Правилникот го земав од Министерството за економија. А како ќе биде по лотарија. Оди намести ги, па ќе видиме дали ќе ти дадиме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не така. Вака. Може да најдиме начин. Сега да немаш ти притисок од јавноста и од партијата. Значи на тебе ќе биде притисокот. Да се договориме да биде центламенски, да биде убаво за граѓаните. Ако ние направиме лотарија и дајме повеќе. Учествуваат 300 граѓани. Пред да праве и ги извлечиме 50-те луѓе да прават и комисија оде и вика од 50 исполнуваат услови 40. Уште 10 дополнително стави, пак стануваат 50. Кога сум веќе извлечен добитник, инвестирам. Тогаш немаш притисок од јавноста и немаш притисок од матичната партија. На тебе ќе биде притисокот и тоа огромен. Луѓето ќе дојдат и ќе ти вршат притисок Градоначалник. Изборна година е. Добиваме толку гласови, мораме да ја завршиме оваа работа и ти си мек ќе попуштиш. Ќе имаш притисок. Градоначалник ќе имаш притисок. На лотарија е најдобро.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко. Ристе дозволи, дали оти Вуко при неговиот говор. Чекај. Дозволи да кажам Ристе, полека. Човекот си даде предлог. Ние како Совет ќе се изјасниме. Зборот мие дали ова ти е прашање до Градоначалникот или предлог.Ристе ќе ги ставам и твојот и на Вуко на гласање.Повели советниче

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци, присутни. Мене ми е жал што не бевте на комисијата кога се разговараше за овој Правилник каде што беше детално објаснето како ќе биде. Некои не беа. Значи беше точно детално објаснето како ќе биде нели по принципот прв дојден, прв услужен. Значи на што се однесува ова. Значи во Правилникот стое дека до исцрпување на средствата. Ристе те молам. Ти кога збореше, јас си чутев. Те молам. До исцрпување на средствата ќе бидат јавно објавени сите оние лица кои што аплицирале и до која фаза се стигнати. Доколку тие првите 50 некој падне, значи автоматски се отвара место, две, три, пет колку ќе бидат за поставување на тие фотопанели. Што се однесува до социјалниот момент кој го збориш. Значи на семејство што плаќа под 3000 денари сметка, или околу 3000 денари сметка месечно за струја му е комплетно неисплатливо да поставе фотопанели. Зошто. Затоа што фотопанелите коштат 6000 евра, ако плаќа 3000 денари месечно, 36 000 годишно. За 10 години се 360 000 денари, вика 6000 евра. Таа инвестиција после 10 години е реобновливо, односно панелите кои што треба да бидат поставени, треба да бидат и заменети. Така да ако на овој принцип такво семејство поставе фотопанели ќе испадне дека за 10 унапред си ја платило струјата. Така да сметам дека овој принцип и овој Правилник сега за сега е одличен.Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Почитувани јас прво ќе го ставам предлогот на нашиот советник Вуко Мелов. Значи тоа е за измена на Правилникот за услови и начин за постапка за користење на финансиски средства од Буџетот за субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска централа за производство и користење на ел. енергија до 6kw за 23-та година токму на принципот како што ни го образложи советникот. Кој е против ставот на Вуко Мелов. 10 против. Кој е за. 7. Кој е воздржан. 1 воздржан.

Предлогот на советникот Ристо Сакалиев. Одлуката за истиот Предлог Правилник за услови и начин на постапка за користење на финансиски средства го ставам на гласање, токму да биде со принцип на лотарија, да не биде на принцип прв дојден, прв услужен. Го ставам на гласање. Кој е против. 10 против. Кој е воздржан. Никој. Кој е за. Три. Кој е воздржан. Двајца. Кој е за Предлог Правилник за услови и начин на постапка за користење на финансиски средства на буџетот на Општина Кавадарци за

субвенционирање на физички лица за купување и инсталирање на фотонапонска хидроцентрала со производство на ел. енергија од 6kw за 23-та година. Кој е за овој предлог. 11 за. Кој е против. Кој е воздржан. Нема. Во ред. Преминуваме на 30-та точка на денешниот дневен ред.

30. Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по ова точка. Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Одиме на 31 точка.

31. Предлог-Програма за Нова Година„СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА НОВАТА 2023 година„

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно за. Во ред. Одлично.

32. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Валентина, па Маневски. Ајде Вале.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Благодарам Претседателе. Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Предлог Програмата за Општина Кавадарци во областа на културата за 2023 ќе ја гласаме за, меѓутоа морам да укажам дека оваа програма е многу сиромашна. Тоа што настаните од културата се организираат од страна на компанија која е стручна за организирање на настани со делегирање на надлежноста, не е причина за оваа Програма да не биде изработена од страна на стручната служба на Општината и да личи на програма. Не ни доликува да се декларираме како една од најдобрите општини, а да имаме вакви пропусти и притоа да ја занемариме културата. Културата рефлектира онолку колку што и ние ќе вложиме и ќе ја негуваме. Поради тоа е потребно Општината да го зајакне овој сегмент. Од Програмата која е 3 странички и која не е прегледна, не е направена ниту распределбата на буџетските средства кои што се предвидуваат во висина од 10 000 000 денари по културни манифестации. Оваа Програма не ги содржи суштинските елементи за секоја културна манифестација. Сметам дека ваквата Програма треба да се доработи и збогати со содржини, кои една програма треба да ги содржи.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Вчера за време на Комисијата за култура заеднички членовите дадовме предлози да се состанува

Комисијата за култура навремено пред големи културни настани, како што се Св. Трифун, Гроздоберот се со цел да се извлечат предлози повеќе и да се оди на јавни анкети за да се мониторира мислењето на граѓаните, затоа да не се доведеме пак во ситуација како што беше во јуни за Гроздоберот, објавуваме едно, линч на медиумите и потоа се менува. Затоа благовремено да се спроведат анкети, барем тоа е лесно сега со социјалните медиуми нема да кошта ништо. Значи да добием два, три предлози за одредена манифестација, да ги дадиме на анкета за да граѓаните да си одлучат што ќе биде најприфатливо. Мислам дека така е најтранспарентно да се работи во иднина за вакви главни настани, кои што се симбол на градот. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во делот на културата и на културните манифестации во Општина Кавадарци делумно, а и можеби и поголем дел се согласувам со советничката Валентина и соПавле, кои што произнесоа дека треба на повисоко ниво да ги организираме во делот на вработените во Општина Кавадарци. Јас само би елаборирал и би кажал дека Општина Кавадарци во моментов Сектор за култура поединечно нема. Значи истиот Сектор за образование е и под сектор култура и еве ова нека биде задолжение за човекови ресурси да го издвоиме комплетно Секторот за култура. Нормално си пуштиме и оглас и интерен и јавен и си земиме соодветни лица коишто соодветно ќе ги третират таквите манифестации на Општина Кавадарци. Затоа што сепак ние и најдобрата компанија да ја земиме да ни организира, ние сме тие кои што најдобро ги знаеме потребите и менталниот склоп на нашите сограѓани. Така да забелешката ја прифаќам и до наредниот План за вработување ќе го издвоиме Секторот за култура посебно со соодветни кадри и лица за да си имаат комплетна одговорност и нормално како што кажа Павле да му биде тоа како интонирана работа прес цела година, а не да биде две недели пред настан. А инаку да те корегирам во делот на едната личност која, мислам дека тука немам одговорност позади говорница, која што ја избацивме да биде како уметник дека ќе настапува. Уште кога рековме да немавме намера да ја викниме, малку беше ПИЈАР сето тоа да го направиме за да се дигне на повисоко ниво. Медиумска збуна. Така да во тој дел знаевме дека нема да помине во медиумите пред се, во јавноста да, а таму кај што најмногу очекувавме, еве јас лично ќе се сам искритикувам. Кај што најмногу очекувавме и најмногу дадовме, најмалку добивме, а тоа ќе го именувам. Последната вечер настанот на г-динот

Бреговиќ јас очекував да биде настан, а не разбравме ништо што пееше човекот. Сега воа е мое лично мислење и на претежниот дел на граѓаните. Апсолутно јавни анкети и програма кој што ќе пее. Не воа дојди, јас ќе си пеам. Значи буквално треба за тие пари да се има и тоа што треба. Значи кај што најмногу очекувавме, најмалку добивме и така да Секторот за култура треба да го издигниме на повисоко ниво. Тука има многу за работа, имаме во Планот и во задачите дадено и за сала за венчавање на Општина Кавадарци, која што немаме соодветен простор за венчавање. Ние венчавките ги вршиме во оваа сала каде што ги одржуваме и седниците. Значи тоа може да биде со една симболика на Општина Кавадарци, со грбот на Општината, со резба од грозје, со симболика да се одвиваат тие сите работи. Така да ете забелешката е на место и службите да си превземат, да направиме тим за таа работа, културата да ја издигниме на повисоко ниво, поготово автентичноста на Општина Кавадарци. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање заедно со забелешката од советникот. Кој е за. Едногласно усвоена.

33. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Кој е за. Едногласно усвоена. Се извинувам. Кој е за. 12 за. Кој е против. 5 против.

34. Предлог- Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2023 година на правно лице;

Тоа е 34 точка. Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. 12 за. Кој е против. 5 против.

35. Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

36. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор ја ставам истата на гласање. Кој е за. 4 против, останатите за. 13 за.

37. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. Против. 5.

38. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на,, Комуникација со јавноста,, во 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Против 5 и 12 за.

39. Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. Едногласно усвоена.

40. Предлог-Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Вале.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани во однос на точката за Програмата за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта од аспект на спортско рекреативна и забавна активност е оправдана, меѓутоа во услови на енергетска криза и секојдневно апелирање да се штеди ел. енергија затоа што не произведуваме онолку колку што трошиме не е целисходна. Овие 600 000 денари предвидени за покривање на трошоците за ел. енергија за 4 месеци од декември до март за одржување на лизгалиштето е нелогично. Не е логично затоа што во Програмата стои од декември до март. Декември месец помина. Јануари учениците се на распуст и во Програмата е наведено дека за време на зимскиот распуст дека не важи. И повторно нема да се користи согласно со намерата што е во Програмата бесплатно за учениците. Уште на самиот старт од предвидените 4 месеци со Програмата ни остануваат само 2 месеци за бесплатно користење на учениците од основните и средните училишта. Програмата во најмала рака треба да гласи за два месеци. Ви благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: ..што ни ги бараат за бесплатно лизгање на учениците стои од декември до март, ама .. горе на Јасмин пошто јас сум инволвиран во таа работа, ги трошат за 15-20 дена. Значи дали ќе бидат јануар или февруар толку се тие денови и кога надминува струјата од таа бројка ние го исклучуваме игралиштето. Значи Општината само трансферира

средства до Јасмин ние само плаќаме за учениците. Нема 4 месеци че ти направат 5 000 000 струја. Значи ако не заврне снег со вода се прави мраз колешке. Од вода се праве мраз. Не мора снег да врне. Значи треба да ги одобриме парите, пошто тоа се пари за 10-15 дена, не се за 4 месеци. Толку. Какво и да е времето Градоначалник. Ако е добро времето, ако е ладно се 30 дена, ако е малку потопло се 10-15 дена. Ако е за ученици пример да оди.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас имам едно прашање до Градоначалникот. Мислам дека минатата година си превземавте обврска дека ќе го регулирате статусот на сопственост на лизгалиштето и дека тоа ќе го префрлите во користење на ЈП Јасмин. Сакам да ве прашам Градоначалник дали таа обврска која што сте ја превземале минатата година е исполнета. И зошто не е.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалник дали ќе се одговоре или ќе оде на писмено после седницата.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Вака значи со оглед на она што рековме периодот од декември до крај на февруари и советникот Ристо пошто ја познава техничката на самото лизгалиште ние го ставаме период од декември до февруари пошто не знаеме какви временски прилики ќе имаме. Значи тоа лизгалиште доколку не паднат минусни температури вечерни и дневни ниски температури нема шанси да биде во функција. Лани го искористивме некојси 10-тина дена. Монтажата и демонтажата е 20 дена, а го искористивме 10. Оваа година ако бидат вакви температурите нама воопшто да го искористиме. Лизгалиштето како лизгалиште точно е Вуко дека јас лани реков така и кажав така и стојам позади тоа. Значи лизгалиштето ќе си влезе во сопственост на Спортскиот Центар Јасмин од оваа година, значи од сега си влегува во сопственост. Договорот се спрема за донација и ќе си помине на наредниот Совет за договор за донација. Во тој случај затоа што ги гледаме временските прилики до крајот на годината нема да дозволат да има можност да се ставе лизгалиштето, а предвидувањата дека и до 15 јануари ќе биде топло, самиот Спортски Центар Јасмин ќе одлуче за неговата монтажа. Значи ние лизгалиштето ќе го испорачаме другата недела советниче Ристо во Спортскиот Центар Јасмин. Да си обезбедат простор да си го складираат заедно со лизгалките и заедно со другите обврски и Програмата ќе биде тука заклучок. Би требало да се изгласа или било што како да се доформулизира дека обврската за монтажа и пуштањето на лизгалиштето во работа и негова

демонтажа е на Спортскиот Центар Јасмин, а преминува во сопственост на Спортскиот Центар Јасмин. И во делот на струјата која што ја спомнавме. Да знаеме енергетска криза е, помалку произведуваме отколку што трошиме. Пред 2 години беше пандемија Ковид. Мора да направиме за овие дечиња нешто, малку да ги релаксираме. Јас верувам и вие како родител и како семејство сакате да децата малку се дружат, направиме малку социјална општествена категорија. Сите сме родители скоро. Еве јас и на полнолетен и на малолетни деца. Неминовно е да му направиме нешто на децата да можат малку да се релаксират, да се дружат и да се забавуваат . Да ги тргниме од оние дневни компјутери, телефони и фејсбуци, социјални категории на мрежи итн. така да не се големи средствата од 600 000 денара. Ако успееме барем 15 до 20 дена да имаме таму лизгање на самите деца во делот на спорт и образование. Ако гледаме од тој аспект базенот кој што ќе го изгради Агенцијата за млади и спорт како што кажа советникот Вуко Мелов дека во јануари ќе го распишат, одржувањето годишно, Програмата ја имам кај мене и Проектот. Одржувањето годишно на базенот кошта 60 000 000 денари, доколку ја грееме и водата, да работе 12 месеци. Така да едно е да изградиме, едно е да направиме, а друго е да одржуваме и да функционира. Општина Куманово направи базен со олимписки карактери и димензии, ама не е во функција. Така да мислам дека трошковите кои што ги создава секојдневието дека треба да бараме начин да ги акумулираме и не треба од се да се оградиме, затоа што сепак овие дечиња кои што растат денеска треба да нешто од нешто видат и надвор од учебните клупи и семејства кои што се дома. Лизгалиштето Ленче Чиркова како Правен Сектор си го спрема во делот на донација, тоа ќе си влезе за наредната година со договорот, а ќе биде наредната недела доставено со испратница во Спортскиот Центар Јасмин заедно директорката таму со кадарот и со советникот еве Ристо да си земат за обврска пратејќи ја временската прогноза за да може да се монтира, нормално ќе помогниме и ние како компанија во делот на монтажата, за да се монтира и да прва прилика, штом даде времето, тоа може ќе биде недела или две да се ставе во функција на децата. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник и ланска година кога зборевме за да го превземе лизгалиштето Јасмин дојде до една дилема дека не го сакат оти е непрофитабилно не тураш во загуба и тоа е сфатлива работа ако дадеш субвенција дека

треба да работи со загуба. Значи субвенција ти за струјата даваш, сега треба да ни даваш субвенција за кадар. Нашиот кадар е од 55 нагоре.. Децата што идат од школо имаат професори. Одговорноста е нивна. Другото време овие слободни граѓани што треба да ги пуштиме, ако скрши некој нога и завршена е работата. Значи тука е ризикот и проблемот и тука треба доста добро да размислиме дали би го прифатиле ние тоа како таков поклон. Му даваш на човек поклон пушка да се утепа. Учениците да со професори, а другото време треба да го ставиме на дискусија, на разгледување, на анализа. Учениците да, ги прифаќаме со професори. Другото време што треба да го даваме на граѓаните тоа е проблем . Проблем што може да не ставе во лоша состојба. Тој проблем како ќе го решиме Градоначалник. Кадар ние за лизгалиште, ни околу лизгалиште не може да стои, а не пак во лизгалиште да влезе. Тука само за ученици. Дали другото време имаме обврска да го даваме слободно. Претседателе ние за учениците зимаме субвенции. Граѓаните сакат да идат и да се лизгат. Тој проблем сега Јасмин моментално со овој кадар што го имаме не може да го стопанисува, не може да го реше, не може да го работе. Ние ќе гоземиме да, за учениците професори организирано другото време, слободното време за граѓаните како. Кој од нас е стручен од Јасмин да влезе на лизгалиште и да помага. Јас сум се. Јас сум и Господ. Друг менаџмент, тоа е исто човек како мене вработен и он исто ќе ти каже. И сега ставот на салата, на директорот и мојот и на третиот и на петнаесетиот човек. Ние се плашиме Градоначалник проблем да не се стори. Се плашиме Градоначалник. Ти си роден така. Тоа е друго. Да се плашиш од роѓења. Ова е проблем. Зошто да правиме проблем.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани Програмата е за учениците од основните и средните општински училишта на територијата на Општина Кавадарци. Кога ќе биде надвор од временски услови, надвор од дијапазон на ученици може да разговараме на тој поглед Ристе. Сега за учениците. Така е напишано.

Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. 6 воздржани.

41. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 46/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Едногласно усвоена.

42. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 44/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Едногласно усвоена.

43. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во постапка на медијација;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Едногласно усвоена.

44. Предлог-Одлука за одобрување на барање за исплата на побарување по основ на неисплата и помалку исплатени надоместоци од плата (барање од поранешен вработен во ТППЕ Кавадарци);

Едногласно усвоена.

45. Предлог-Одлука за примање донација – зимзелени дрва од Друштво за трговија и услуги "КАЈАК АГЕНЦИЈА" ДООЕЛ Кавадарци;

Едногласно усвоена.

46. Предлог-Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци;

Едногласно усвоена. Се извинувам. 12 за и воздржани 5.

47. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (лекување);

Повели Павле.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Како Претседател на Комисијата за здравство на вчерашната Комисија значи одржана со членовите одлучивме сумата да биде 120 000 денари, колку што максимум досега одвојувала Општина Кавадарци за ваквите случаи. Само да го потврдиме тоа сакам во однос на финансии. Дали е потврдено. Ок. Добро. Оти предлогот кај нас е со празна линија оставен. Затоа. Добро. Значи тоа останува. Благодарам....

51. Предлог-Одлука за измена на Финансиски план за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. 5 воздржани.

52. Извештај за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го ставам на гласање. Има ли. Ајде.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Постојано сите ми викате, еве и ти Градоначалник најмногу, еве постојано ме критикуваш, само критикуваш, еве сега ќе го пофалам директорот заради тоа што дознав дека директорот се откажал од бонусот кој што му следува по менаџерски договор и таков потег е за поздрав. Друга работа во однос на Извештајот ќе детектирам само што е она што јас го сметам како слабост во досегашното работење на ЈП. Ако го погледниме Извештајот она што го имавме во текот на цела година, а тоа се на пример посебно во летниот период постојани дефекти како никогаш до сега, на вода. Тоа е еден, како да кажам сериозен момент на кој што ЈП треба да работе и да виде зошто баш оваа година имаше исклучително поголем број на дефекти во однос на претходните години. Тоа е една работа и ако го гледате Извештајот е наведен санација на дефект и санација на дефекти. Значи сме имале голем број на дефекти во однос на оваа година. Во однос на атмосферската канализација спомнав дека Општина Кавадарци и процентот на застапеност, односно на покриеност на градот со атмосферска канализација мислам дека е низок и тоа го гледавме посебно во летниот период кога при некои пообемни поројни дождови имавме поплавувања на улици и тоа во централното градско подрачје, да не зборувам за руралните средини, за селата кои што се во Општина Кавадарци и сметам дека сериозно треба да се работе на тоа во периодот кој што следи. Сега знам дека тука ќе ми го спомнете ова што се прави реконструкција преку КФ Банка, меѓутоа посебно на пр. во градското подрачје каде што требаше работите да се извршуваат многу побрзо, се извршуваа 7,8, 9 месеци и уште не е завршена таа делница, а се создаваше сериозен сообраќаен метеж во централното градско подрачје, нивото во однос на комуналната хигиена имам замерка во делот на собирање на градежен шут кој што се наоѓа пред одредени градилишта, најчесто овие инвеститори кои што градат згради тука и ЈП, а и самите инвеститори треба малку повеќе да си водат грижа и сметка за начинот на кој што го фрлаат отпадот и она што е најбитно собирањето од страна на ЈП Комуналец. Сметам дека руралните средини, селата посебно, оние села кои што се поблиски до градот, мислам дека нивото на хигиена таму е на ниско ниво, и истото мислам дека и во наредниот период треба да се подобри во дел на метење, во дел на миење на улици, како и на пример во одредени делови во градското подрачје. Значи посебно во дел на градско подрачје имам забелешка во дел на собирање на овој сезонски смет од лисја од листопадни дрва

кое што мора тоа поажурно да се работе. Во однос на јавното зеленило тука сте биле, како да кажам малку духовити, заради тоа што имате наведено дека интензивно се работе на зголемување на зелените површини, а оваа година само изгубивме неколку дрвореди и во централно градско подрачје и надвор од централното градско подрачје. Ги знаете добро кои се. Беше од страна на Градоначалникот кој дава заедно изјава со партискиот ревизор на сите проекти во Општина Кавадарци спомнато дека СДСМ бил против доделување на 13-та плата во ЈП Комуналец. Не. Ние само кажавме дека сме против да во иста година се зголемуваат цени на вода 3 денари за 2022 година плус 1 денар за оваа 2023 година и да велиме дека во летниот период ЈП лошо работе и дека Владата не помагала, дека не знам што и да после неколку месеци викаме, па сега види феноменално работиме треба да му дадиме. Мислам дека тој пристап е нечесен и неискрен спрема граѓаните. И отприлика би имал толку да кажам. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели директоре на Комуналец.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: По однос на дефектажите што ги кажа сега Вуко не би се сложил јас дека има зголемено. Има зголемено да во селските подрачја и се работе повеќе за дефекти предизвикани од надворешни фактори. Што значи на пр. некој работел на некоја улица, се направил дефект. Значи мораме да ги делиме дефектите. Не настанува дефект, природен дефект, не во водоводна мрежа, него настанат е дефект дали се копало нешто, дали се работело. Од тија аспект. Инаку на пр. не е толку зголемен затоа што прво тромесечије имаме поголем број на санирање на такви дефектажи. Друго, санацијата на дефектите за подобрување на мрежата се прикажани затоа што се работе за Дреново, се работе за Бојанчиште и се работе повеќе за селските атари кај што имаме нели многу непознати причини. Имаме овчари нели, имаме таму кои што како да кажам вршат не узурпација, него напад на водоводната линија и ние ги прикажуваме тие како дефекти, ние мораме да ги санираме. Значи тука не е ништо виновен Комуналец, него има само додатна работа. Претежно се тие такви дефекти. А што се однесува на зелените површини, зелените површини се зголемуваат секоја година. Имаме зголемување, кај што имаме 15 000-17 000 м2 имаме зголемување на зелените површини. По однос на цвеќе, трава и други. Исто имаме

зголемување и на дрвни насади. Тоа на пример што се сече, тоа ќе се и обнове. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Кога станува збор за ЈП Комуналец не можам да бидам воздржан затоа што станува збор за едно од најдобрите претпријатија во државата, по негова функционалност, стабилност, ликвидност и работење. Пред малку ги дискутиравме цените на водата како се движат во другите општини се двојно најмалку поголеми од нашата цена на водата и еве може да ги кажиме. Еве да речиме во Струмица пошто ви е близок град 31,2 денара е по м3. Кај нас е 20 денара. Во Прилеп 32,65 денара. Кај нас е 20. Во Кочани 44 денара м3. Исто е и во делот на комуналната такса за износ на смет. Така да можеме тука да се пофалиме дека имамме најниска цена на водата, упола од другите општини. Пред малку зборевме, сега директорот го слушам за делот на зелени површини, во делот на дрвја вие како држава со 17 000 м3 зелена површина немате искосено на ниво на држава, а ние имаме посадено 17 000 м3. Од Скопје не можеш да си дојдиш автопатот, гранката ако го отвориш прозорот ќе ти влезе во колата. Видете ја реалната ситуација бре луѓе. Кај живеете, движите, пустите, правите. Пред малку рековме да го држиме нивото на комуникација. Некој спомна дека те викал Северџан. Сега мојот лидер ми го викаш Ревизор. Не сакам да ми го напаѓаш. Не е навредлив зборот, он е лидер на најголемата опозициона партија ВМРО ДПМНЕ . И воопшто не е Ревизор и не ревидира ништо од тоа јас што го знам во Општина Кавадарци. Сега ќе ти кажам. Значи досега тврдам одговорно ни од лидер на партија, ниту од функционер на власт, ниту од позиција, ниту од опозиција, ниту од советник, ниту имам добиено насока, ниту имам добиено притисок, ниту сум пак работел под некаква директива и така и ќе продолжиме. Мојата ревизија ја врши нашиот надзор кој го имаме избрано на тендер, во делот на работењето, а супер ревизија Државен Завод за ревизија, кој што врше ревизија. Праша која е целта на посетата на нашиот лидер. Целта на посетата на нашиот лидер е да си го виде најдобриот Градоначалник во Македонија. Дојде тука да виде еден од поубавите градови. Еве да речиме најубавите. Значи него му е гордост што ме кандидирал за Градоначалник и ме подржал и човекот мотивирано дојде да ја посете и Општина Каваадрци и за исполнување на Програмата. Зар ако бевме ние неуспешни, ќе дојде. Значи успешноста е таа која што иде. Ај сега да прашаме за посетата на Претседателот на Сојузна Република Германија. Вие ќе го наречите и него Ревизор уште малку. Немојте така. Нас луѓе ни требат кои

се влијателни, авторитетни и луѓе кои се утре претенденти за Премиери и за политичари и за се и Општина Кавадарци нема да ја оградиме од гости. Без разлика и вашиот лидер на вашата партија и Претседател на Влада дошол во Кавадарци два пати и дај боже уште еднаш и уште еднаш и уште еднаш само за позитивни моменти и моменти на доброто на Кавадарци. Никој од тука нема да биде испратен недолично. Така да за секој поканата на Општина Кавадарци е отворена. А вие што нејќете да се дружите во друштво со другите сопартијци. А јас со вас гледаш ли пак како се дружам. Иде Премиерот и јас одма до вас застанувам тука разбираш и му викам базенот до каде е. Си барам. Вие треба кога ќе дојде опозиционер да дојде, да речите абе Претседателе дај гласај за ова да помине поубаво на Влада. Значи мора да има корелација. Мора да има соработка. Така да секој е добредојден и да се навикуваме, односно да ги нарекуваме луѓето според нивните титули и според нивните професионални дејности кои што ги имат, а и партиски, политички дејности. Така да советниче јас би те замолил мојот лидер да не го викате Ревизор, пошто ставрно не беше човекот во својство на ревизија. Беше дојден за да ја виде комуналната изградба и Програмата која што ја гарантиравме и ветивме во кој правец да се движи. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака Градоначалник. Кога одиме на избори не викаме во Стумица е волку, во Прилеп е волку, во Кочани е толку цена на вода, туку викаме, јас имам исечоци на ТВ дуелот уште 2017 година кај што вие викате дека цената на водата тогаш околу 14,5 денари не е висока, меѓутоа јас сметам дека треба да се намале, али нема да ја зголемиме и тоа го кажувате јавно и после тоа од 2017 наваки ја зголемувате цената на водата, а не сте викале во Изборна програма и не сте ветувале на граѓаните дека ќе ја зголемите цената на водата. Тоа е едниот момент. Не сте го правеле тоа ни во делот на зголемување на ѓубрарнина. Не сте го правеле. Втора работа во однос на партискиот лидер. Кога некој ќе дојде да контролира нечија работа, сега вие се држите многу правно, многу формално, точно е не е правно формално ревизор, меѓутоа ви ја контролира вашата работа. Кога некој ќе дојде да гледа како работите, да посетува проекти тоа е по мене Ревизор, условно речено. Јас не мислам значи не е тоа навреда, не го навредуваме ние. А кога некој ќе ти рече Северџан или не знам што тоа е веќе навреда. И уште една работа. Како се викаше овој собирот кај што правевте отчет сите градоначалници. Партискиот.

Како се викаше тој собир. Ви текнува. Во хотел во Скопје еден. Не знаеш. Бевте ли вие присутен Градоначалник. Јас мислам дека не бевте. Јас го слушав вашиот партиски лидер, пошто јас ги слушам сите да видам што има да кажат и почнува во однос на ова што викаш ти, јас сум најдобриот во Македонија. Почнува твојот партиски лидер и вика во овој град многу добро се работе, во оној град многу добро се работе и експликација 30 минути за сите градоначалници во Република Македонија, едини кој што не си спомнат си ти, не знам зошто. Ќе ти го пуштам после.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Само едно колега советник. Во делот треба да водите сметка дека Регулаторната Комисија дава минимум и максимум на покачување на цените за вода, комунален отпад и друго. Сите покачувања во делот што се однесуваа досега беа со цените што ги дава Регулаторната Комисија. Да. Во делот на тоа што Ревизор го нарекувате нашиот лидер, добро е што нашиот лидер ги посетува. Дали вашите лидери ги посетуваат вашите градоначалници и кажуваат што сработиле. Затоа немојте. Тука не сме дојдени да ги зборуваме нашите лидери, туку работиме на делот на работата што се однесува за Општина Кавадарци. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на цената на водата точно ја утврдува Регулаторна Комисија со одредена долна и горна граница, меѓутоа врз основа на податоци доставени од ЈП за оперативните трошоци на самото претпријатие. Точно ли е тоа. Точно е. Значи Регулаторна Комисија само формира цена врз основа на она што ние ќе им го дадиме. Да не с е вадиме сега на Регулаторна Комисија. Една работа. Втора работа. Ние ставивме цена на горна граница од она што го има утврдено Регулаторна. Тоа точно ли е. Е како не е точно. Точно е, точно е.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Значи тоа што ги праве Регулаторна Комисија тие цени врз основа нели на Програмата на Комуналното претпријатие е согласно претходната година. Во 22-ра година ние имаме гориво кое што отиде 110 денара. Ние имаме репро материјали што ни се качија за 300%. Значи комплетно беше се поскапено, се отидено до плафонот. И ние не поставивме богзнае која цена. Колку што јас разговарав со Менаџментот на Комуналец значи тоа се некаде околу 400 000 денара вкупен приход со поставувањето. Значи ние не вршевме покачување на цената него ја изрегулиравме цената во границите пред предложени од Регулаторна Комисија. Ништо не направивме ние. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за.

Почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани вработени администрација во Општина Кавадарци, почитуван менаџмент на ЈП Комуналец. Сметам дека ЈП Комуналец е едно од најдобрите, ако не и најдобро во начинот на функционирање и начинот на раководење, во изминатите 5 години откога е Градоначалникот, г-динот Митко Јанчев. Со оглед на тоа дека ние во градот имаме чисти улици, чисти тротоари, немаме проблем со водоснабдување, имаме околу 90% сменета водоводна мрежа, нешто што е за пофалба, имаме апсолутно намалени губитоци за вода и можеме да кажиме дека градот е апсолутно задоволен во однос на начинот на функционирање и во однос на начинот на сервисирање на обврските према ЈП Комуналец, нормално и обврските кои ЈП Комуналец ги има кон граѓаните на Општина Кавадарци. Во тековната 22-ра година, само ќе ги зборувам сопствените средства кои беа издвоени од тоа ЈП би го поздравил фекалниот колектор 9 000 000 денари. Тоа се 600 м. на улицата Димката Ангелов Габерот во УЗ Страшо Пинџур, каде што од сопствени средства беше изграден тој фекален колектор итекако значаен на тој регион од градот, бидејќи знаеме кога река Луда Мара знае да надојде, правеше проблем на тие куќи, посебно на Наќе Лазовски и реално тоа беше голем проблем за жителите во тој регион. За 2023 година во Предлог Програмата прочитав би го пофалил еве Вуко ми спомна за грантот од КФБ Банката кој апсолутно знам дека сите сме горди на тој грант во кој што во Кавадарци ќе се реше еден децениски проблем, еднаш на 50, 60 години на одвојување на атмосферска од фекална канализација, нешто што е итекако битно. Би ги спомнал пред се колекторот тука од грантот во Ваташа, ул. 12 Другари, улица Цветан Димов , Никола Минчев, Бул. Македонија, Моша Пијаде до Западен Булевар, нешто што апсолутно е потребно и ќе биде за добробит на граѓаните во нивните средини. Од сопствените средства на ЈП Комуналец би го издвоил атмосферската и фекалната канализација во Глишиќ. Тоа е на улица 23-ти мај. Околу 450 м, нешто што е многу битна работа за тој дел.Во однос на МХЦ апсолутно пофални зборовиза мини хидроцентралите и Петтата Мини Хидро Централа ги извадивме Зелениот Пазар, нешто со што ЈП Комуналец на Општина Кавадарци во ова време на невреме на енергетска криза може да дише на полесен начин на функционирање, пред се да се сервисират долговите и обврските према граѓаните, нешто што

се покажа дека е исклучително добро. Би ги спомнал набавката на 4 комбинирани возила за товара и за патници планирани за 2023 година. Потоа од сопствени средства на ЈП Комуналец е планирана фекална канализација на двата крака од Методија Џунов Џикот и атмосферска канализација од 500 м на улица Киро Крстев. Во наредниот дел од дискусијата ќе се задржам малце и за вработените на ЈП Комуналец кои апсолутно според тоа што го работат се задоволни, меѓутоа како Општина сметам дека исплатата на К-15 е нешто што може многу да му помогне за подобра мотивација на самите вработени во тоа ЈП. Сега ќе се исплати и 13-та плата, планирана и за 2023 година. Значи нешто што е многу битно. Колку за ваша информација на секој вработен во ЈП Комуналец се исплаќа бенифициран стаж, под посебни услови за работа, имат платени прекувремени часови, имаат платена ноќна работа, имат платена работа во недела. Значи се што му следува со закон луѓето се платени и благодарение на тоа што редовно се сервисираат обврските према вработените во ова ЈП Комуналец нашиот град е почист. Во однос на покачувањето на цената на водата во текот на оваа година бевме критикувани од нашиот политички опоненет дека мнозинството во Советот на Општина Кавадарци заедно со Менаџментот и Градоначалникот ја покачуваат цената на водата за делење на повисоки менаџерски плати и за пари кои не се оправдани, а се на грбот на нашите граѓани.Почитувани присутни со покачувањето на водата од 18,97 на 20,9 м3 вода за физички лица според регулирањето на Регулаторна Комисија за енергетика годишно ЈП Комуналец добива околу 5 000 000 денари на годишно ниво покачување за 2 денари вода. А колку за ваша информација платата за еден месец на целото ЈП е 13 000 000 денара. Јас не би се сложил и не се слагам дека 5 000 000 денара на годишно ниво многу ќе значат за покачување на нивните менаџерски договори или многу ќе значат за ЈП Комуналец. Целта беше да ЈП Комуналец не се доведе во ситуација да не ги сервисира обврските на покачената цена за струја и на покачените нафтени деривати на цена на нафтени деривати. Да го усвоевте барањето на мојата партија ВМРО ДПМНЕ на централно ниво за намалување на ДДВ-то и акцизата на нафтените деривати можеби целата прикаска ќе одеше во друг правец, меѓутоа на ваква цена на нафтени деривати апсолутно сметам дека тоа е издржано и не треба ЈП да го доведиме да не може да ги сервисира обврските према граѓаните и тој висок степен на чистота да го намалиме, односно да биде полошо. Во

разговорот мој со менаџментот на ЈП Комуналец и неговото функционирање во наредниот период е една за поздравување одлука и интенција на размислување на Комуналец е дека од производството и продажбата на ел. енергија преку петте Мини Хидроцентрали кога би се одржувало тековното функционирање на ЈП Комуналец во тој случај, пред се зборам за плати на вработените, цената на сметката за струја, за вода и за комунален износ, тие пари кога би се враќале повторно на граѓаните, во инвестирање во патишта, улици, одржување на атмосферската и фекалната канализација надвор од КФБ грантот сметам дека тоа е една заложба на едно модерно размислување, кога тековното функционирање ќе го покриеме со пари од производството на струја, а парите на граѓаните се враќаат повторно во нивни добра, пред се зборуваме во инфраструктурни добра, во атмосферска, фекална и водоводна канализација. Како Претседател на Совет во текот на оваа година и како Совет имавме одлична соработка со ЈП Комуналец. Беа тука скоро на сите наши седници и не следеја до крај, беа транспарентни и отчетни. Јас се заблагодарувам до новиот Менаџмент на ЈП Комуналец. Една голема благодарност и до претходниот Менаџмент, кој итекако допринесе јавното зеленило, чистота да биде на едно високо ниво. Би ги пофалил и му дал кураж да продолжат во тој правец за добробит на граѓаните на Општина Кавадарци. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе пошто не повика мораме да ти одговориме. Добро ти ги срочиле тезите. Прва работа усогласите се. Перо Николов советникот вика дека 400 000 денара бил целиот износ. Ти викаш 5 000 000. Извини не те разбрав тогаш. Во однос на зголемување на цената. Јас добро се сеќавам дека во месец јуни или јули кога беше на Дневен ред зголемување на цена на вода излевате и викате криза е, овоа е покачено, оноа е покачено и после тоа зголемувате плати, 13-та плата, а претходно не убедувате сите дека е криза. Во кризна година тоа Претседателе не се прави како да ти кажам. Една работа. Втора работа. Во однос на централната власт. Не знам дали си информиран ти дека сите јавни претпријатија во Македонија, градинки, школи користат субвенционирана цена на ел. енергија. Точно ли е Градоначалник. Точно е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тука морам да те корегирам. Владата испадна некоректна за дел од училиштата, пошто ги натера да аплицират и оние што го испуштија повикот за апликација не добиваат за месец

декември, јануари субвенционирана струја, така да 50% од училиштата не добиваат .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи ти си го спомна како една од работите кои што централната власт, централната власт обезбедува, обезбеди субвенција за цена на струја на јавни претпријатија, на школи, на градинките, имајќи го во предвид глобалниот тренд на покачување на цена на ел. енергија и сега велиме пак не чине, мислам дека не е во ред.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Муабетот беше во правец на намалување на акцизата и ДДВ-то на нафтените деривати. Почитуван Директоре колку е трошокот за нафта на вашите возила на годишно ниво по цената пред и после кризата за иста литража...

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Цена на нафта се регулира на берза и добро знаеш дека цената на нафтата е зголемена заради воениот конфликт, кој што не е во ничија надлежност. Точно. Од мене е да.Една работа. Втора работа. Велите зошто не сте го прифанале овоа. Во април месец или во мај го дигнате цел образовен сектор, ги дигнавте сите синдикати барајќи повисоки плати. Точно ли е Претседателе. Повисоки плати во секотор образование, кај уште не, во детски градинки протестираа сите. Не си бараа. Тоа беше ваша организација. Тоа треба да го кажиш. Кога ќе поднесиш Амандман во Собрание. Тоа беше ваша организација. Од една страна велиш откажите се од акцизата, од друга страна предлагате и ги дигате синдикатите и пробувате да рушите во време на криза.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Не е точно. Знаеш зошто. Да те потсетам само. Ради најниската плата што ја покачите, затоа почнаа протестите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не е точно.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Како не е точно.Кога техничкиот персонал се израмни со некој друг. Е да ти кажам си заборавил. Го памтиш тоа само што ти одговара. Да.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Треба ти да запамтиш. И она така ми се повраќа. Извини. Проверете си во тие сектори колку се зголемени платите во 4 години и колку биле зголемени во време на 10 години на владеење на ВМРО. Бенефитот од зголемување на минималната плата во период на ВМРО ДПМНЕ во 2017 година 8900 денара. Луѓето одеа за без пари на работа плус клучните сектори кои се најподлежни на минимална плата беа исклучени. Смејте се колку сакате.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Абе не се правдајте секогаш со ВМРО . Кажујте што направивте.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Беа исклучени. Еве 18 000 денара минимална плата. Во март месец 20 000 минимална плата која што ќе ја зимат сите вработени, без разлика од кој сектор доаѓаат.
СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колку е покачувањето на животните трошоци.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Јули, јули точно е се покачи водата, но тоа водата се покачи превентивно Вуко. Зошто. Јуни, јули месец значи беше експанзијата на цена на ел. енергија и никој не знаеше како ќе се движиме до крајот на годината. Значи тоа е превентива. Значи како би биле ние менаџмент ако ние не можиме, нели дојдиме во ситуација да ние не можеме да обезбедиме плата на вработените. Значи тоа е превентивно и сервис на возилата. Што ќе се случе со градот ако ние не можеме да ги извадиме возилата надвор и да се исфрле сметот од граѓаните. Значи друго што стана збор на пример точно е субвенцијата за струјата од државата веќе од декември месец. Ние немавме претходно субвенција за струја Немаше.. Немаше, како имаше. Јас не знам за субвенционирање на струја. А точно е платата се зголеми и пак ќе речам платата се зголеми заради зголемување на минималниот личен доход. Зошто. Затоа што кај нас на пр. чистачката да речиме дојди на исто рамниште со еден мајстор.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Абе кажи Директоре. Наредната година 10 % ја зголемуваме платата во Комуналец. Кажи го и тоа да знаат..
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Дојде до дисбаланс.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Во вториот квартал ќе ја зголемиме за 10% да знаете.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: И сите ние треба да бидеме радосни кога се зголемуваат платите на вработените. Зошто. Сега ќе ти кажам зошто.Правиме оглас, никој не се јавува за износ на смет . Па дај да бидеме свесни дека никој за 18 000 и 20 000 не ти изнесува смет. И затоа даваме ние редовни к-15 и овие субвенции што ги даваме или 13 плата. Кој ќе дојде да работе. Никој не фрла ѓубре и не можеме да се доведиме како ЈП. Да ни се смириса градот. Дај сите мора да бидеме свесни за тоа дека платите треба да се покачат на луѓето. На работниците. Па ај и за 13-та плата сега да ти кажам. Работниците зимата 18 000 така. Ние ќе дадиме 32 000. Дали е една плата на работниците . Не е една плата. Плата и пол, две плати они ќе земат така. Значи за кого е. Значи за работниците е тоа. Цената на водата ја зголемивме затоа. Кој знаеше како ќе се движе цената на струјата. Парите останаа затоа што ние испаднавме од повластена тарифа. Значи тоа е пак ум на

менаџментот. Значи да испаднеш во даден момент, да знаеш да процениш колку пари ќе земиш од каде и да можеш да менаџираш со тие пари. Нормално тие пари одат пак за народот. Никој не стави ништо во џепот. И ние треба да се радуваме што ЈП Комуналец е едно и единствено претпријатие што дало се и се што е подмирено. Спомна претходно и Претседателот. Значи и к-15 дадено и 13-та плата дадено, дадено и подмирени сите давачки и недела платено како недела, прекувремено платено, празнично платено и се платено. Тоа е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не пошто влеговте во дискусија малку поопширна, не би било за право да не кажам и јас нешто што вака ме тангира. Сега цело време се натегате во времето малку во времето на ВМРО,, во времето на СДСМ. Во времето на ВМРО и времето на СДСМ народот наш остана со куси панталони и без влечки разбираш, додека вие се натегате во кое време, што време. Да за 9000 денара 2007 година како пари и како вредност на пари вредеа 3 пати повеќе него сега 18 000 . Ама баш така е. Значи 2007 година литро гориво беше 3 денари во тоа време. Литро гориво. Сега е 80,90,100. Не знаеме колку ќе биде. Исто и струјата да кажиме од 2007 до денес колку е качена струјата во домаќинствата. основните артикли. Некна на прес конференција нели тоа едно лебче му го дадија на Премиерот. 52 денара море луѓе. Значи маслото беше 57 денара во продавницата, сега е 120, 130, 140, не знам колку. Така немој да споредувате 2007 со 2009, 2010. Живејте во реалноста и видете денеска за 18 000 денара што може да купиш. Дали е нормално јас ќе те прашам тебе, двајва сопружници со фамилија да одат на работа, чесно, поштено, по 8 саата и кога ќе си дојдат да земат плата месечна и да не можат да го поминат месецот. Што се виновни тие луѓе. Двајцата одат на работа.Општи работници. Не можат да го поминат месецот со платата која што ја зимат. Не тогаш проблемот во народот. Проблемот е во државата. Оти ако не одат на работа или не дај други причини ајде да ги критикуваме. Значи ако зимат двајцата по 20 000 денара тие месецот не го поминуваат со две деца, со семејство. Ако имаат студент боже сачувај. Реално да правиме муабет. Значи платите немој да ги критикувате никогаш кога се качуваат. Јас доаѓам и од приватниот сектор. Задоволен работник, добро платен работник е лојален работник. Лојалноста и долгорочноста е најбитна работа. Денеска во ЈП Комуналец на 300 вработени, на 70 машини, ако имаш незадоволен работник или не дај боже за друго да размислуваме ќе се направе дефект од 50 000 евра и отиде се од рака. Тоа истото

значи и за приватниот сектор и за секаде. Јавната администрација како администрација видете ги бројките. И во Општина Кавадарци и во Комуналец. Немаме предмет останато повеќе од 15,20 дена незавршен, навремено одговорено, завршено. Тоа што е за критикување. Е за култура рековте дека треба да се дигне малку секторот. Да треба да се дигне. Значи нема зошто да го негираме. Така да мислам дека вредноста на парите во моментов на нашите сограѓани, кои што ги добиваат му се од мало значење. Животот е скап. Да. Не е виновна само нашата држава Македонија. Имаме глобална криза, или глобален проблем во Европа, меѓутоа треба да се усогласиме со тоа што можеме да го дадиме. 13-та плата не е политички франгирана или политички дадена во ниту еден случај. Не е. Слободно може да ти каже директорот дека 3 месеци се правеа анализи, кога ги извадовме 4-те централи на отворен пазар добивме цена од 6,2 деаара по kw на 15 денара на продажна на kw. Значи двојно повеќе приходи од хидроцентралите. Од таму е 13-та плата. Од таму ќе биде обновување на возниот парк. Од таму ќе биде и реконструкцијата на колекторот и одржувањето на целокупното на Комуналец. Не е од двата денара на граѓаните. Ви кажав дека имаме најниски цени на вода, а трошковите се зголемеии. Дали знаете дека натриум хидро хлоридот е зголемен по 4 пати, што ја филтрираме водата. Некој го спомнал тоа. Директоре тоа тие е денар најмалку по кубик. Плус никој не го спомнува, а е зголемен 4 пати. Горивото од 600 000 денара условно зборам за 10 000 литра месечно отиде на 1 200 000, 1 500 000. Мора да ги вршиме дејностите. Ниеден сегмент не го запоставивме, ниту пак ја намаливме фреквенцијата во однос на износ на смет, перењето на улици, пометувањето, косењето, кастрењето. Ние можевме и со таква карта да играеме. Не напротив хигиената на прво ниво сето друго. И миалм дека има каде да заштедиме. Еве ќе ти кажиме од каде се заштедите. Со новиот менаџмент кој што е дојден не полна година имаме 3 500 000 заштеда во делот на одржувањето на возниот парк на Комуналец. Тука веќе имаме добра заштеда. Знам кај да се заштеде уште повеќе. GPS уреди ставивме на сите возила. Знам каде треба да заштедиме уште повеќе, ама не можам јас Балтазар преку ноќ, да прерипам преку се. 300 души се таму. Како да ти кажам. Цела војска. И сега правиме план. Еве и ова ќе ти го кажам како новитет да поставиме сензори на секој контејнер, да поставиме сензори подземни, не овакви хидроулични, него со специјални кранови за дигање со GPS локација, со 3 сензори и ЈП Комуналец да има рути дневни и попладневни и утрински за исфрлањето на

контејнерите, односно да не праве непотребен трошок, ако контејнерот е само 30% полн, а во друго место имаме полн. Значи тука ќе заштедиме доста и мислам дека во тој правец се работе.И уште една работа каде што можеме да доприходоваме плус тоа е аномалија на ЈП Комуналец. Тука треба да зборуваме. Знаете во времето на социјализмот ги направиле зградите, поготово новиот центар сите броила му се во тоалетите дома. Дали има легитимно право инкасантот да влезе во тоалетот дома кај некој индивидуалец. Нема. Таму фактурирал паушал. Значи некаде околу 2000 броила, кои што не ги читаат, заради тоа што не се достапни и се во самите тоалети во семејствата, во станбените згради од претходно што се направени се фактурира паушал, а тоа паушално фактурирање мене ми створа простор дека можеме тука да заштедиме доколку ставиме водомери со далечинско читање. Е тоа е инвестиција од 3 000 000 евра. 3 000 000 евра ние ги немаме и пак аплицираме 4 фаза преку КФБ Банка и мислам дека ќе ни бидат одобрени. Со тоа ќе ја зголемиме кубикажата на наплатата на вода во тие таквите паушални фактурирања, а некаде може и ќе си остане исто. Не викам. Знаете колку значи нерационално и вода рационално да се користе. Има работи кои што може да придонесат и многу битно е што Кавадарци како Општина и како ЈП прво има еден директор. На исто ниво има општини на ЈП. Абе ти ми збореше за Владата, сега не ме интересира за другите. Ме интересира, се споредувам. Мора со некој да се споредам. Како ќе знам колку сум јас висок, ако не знам колку си ти. Да. Значи едно ЈП, еден директор. Ништо немаме дадено на приватно јавно партнерство .99, 9% користиме сопствени ресурси, скип, механизација, багер, булдужер. Апсолутно се сами. Не користиме од трети лица работи за основната дејност на ЈП што е многу голема заштеда од претходно. И на крајот од денот ЈП Комуналец догодина со новата инвестиција од 2 mw фотоволтаици и Планот за градење на Шестта Мини Хидро Централа, доколку испадне рентабилна. И трето со проектот што го работиме заедно со Институтот од Скопје да повлечиме повеќе вода на Лукар, затоа што Лукар е предвиден за 350 л., а ние носиме 305 литра. Е тука треба да не тепате. Директоре зошто носиш 305 л., 340 треба да донесиш. Значи има аномалија. Таа аномалија треба да ја исправиме. Така Директоре. Кога ќе донесиме 340 л/с тоа значи дека повеќе струја ќе произведиме, а произведувањето на повеќе струја ќе биде многу, многу повеќе од тие 2-та денари што се запнаввте. 2-та денара, 2-та, 2-та. Не се проблем 2-та денара. Проблемот е суштински и треба да се

надмине. Мислам дека во тој правец работат. Ама и пола саат ќе ти објаснувам, ако не сакаш да сфатиш. Викаш 2017 година си ги гледал емисиите таму. 2017 година Регулаторна Комисија минималната цена на водата беше 14,5, сега Регулаторна ни вика минималната цена на вода 19. Јас не можам да ја ставам 17. Си имал исечоци. Ти за кампања ли се спремаш. Рано е дете. Рано е. Ти додека ги исечиш и чуваш исечоците ќе се избришат УСБ-њата. Полека. Дај да видиме тука на граѓаните да им удоволиме, Кавадарци да го направиме поубаво. И гледајте ваму сега. Не критикувајте само. Дај те малку мотивација бе луѓе. Шо го пофали, го фироса после. Види фалење ова. Бате, бате, не ме брани. Ме пофали викаш. Какво фалење ова. Значи само тоа што го спомна директорот. Ние се соочуваме веќе со проблем со кадар. Никој нејќе општ работник да работе. Никој нејќе градежен работник да работе, никој нејќе да оде на терен. Сите сакаме да бидиме државни службеници, администрација. Воа пак за негователки кај тебе во партијата има список од 70 души, 69. Добро. Сите сакале да бидат негувателки. Зошто сакаш. Децата ги сакам. Има ли некој што не ги сака децата. Мислам нереално зборуваме луѓе. Па и јас вадам исечоци за вас. Што треба ли за кампања да ги пуштиме. Така да оваа ми е последна седница и мислам дека треба да ја завршиме вака весело, убаво и ведро, а вечер да ги удоволиме. Еве ова пошто Претседателот треба да го каже јас пак ќе избрзам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа мене ме избрале граѓаните да ги застапувам тука во Совет на Општина Кавадарци. Вака Градоначалник викаш цената на водата. Фала ти Градоначалник на нивото на дискусија. Јас пак ќе ти кажам ти имаш најголем проблем со мене. И си лобираше, таму каде што си лобираше по секоја цена да не биде Вуко. И не ти успеа. Да точно. Друга работа Градоначалник. Викаш цената на водата не била толку битна за претпријатието, пола саат трошиш време да ни го елаборираш тоа, ни кажуваш примери. Едноставно е прашањето. Зошто сте ја зголемиле ако не било битно. Зошто. Нема потреба, чим не е битно, чим не носе толку големи приходи. Зошто сте ја зголемиле. Тоа е клучното прашање. И сега немој 20 минути пак да ми кажуваш ваму приходи, наму приходи. Друга работа. Минимална плата. Ми тврдиш дека со 8000 денара 2017, 2016 година кога беше таму 8900 денара беше до 2017 година, до формирањето на новата Влада. 2017 година со две минимални плати. Што шо зборуваш. До кога. Ај кажи ми до кога е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Вуко ако ВМРО ДПМНЕ не го донесеше Дрекслермајер сега ќе бевме за никаде.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: 2017 година со две минимални плати имаш за фаќање на потрошувачката кошница, која што се гледа и која што е најрепрезентативна заа мерење на стандард од 52%. Едно четиричлено семејство по претпоставка со двајца вработени, со минимална плата зафаќа 52% од потрошувачката кошница. До пред почеток на криза со две минимални плати се исполнуваше цела потрошувачка кошница. Сега истата мислам дека изнесува 42 000 денара е зголемена 45. Добро две минимални плати. Значи негде доаѓа 70-80%. Така. Претходно била 52, меѓутоа тоа е заради кризата во Украина. Па така е. И не ме убедувате дека со 8000 денара подобро се живеело. Сега види ти како претставник од бизнис сектор ти одговара да му дадеш помалце на вработените.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Мора да одговорам. Ме повика , Ако не реплцира он. Во делот јас како претприемач работодавач сум почињал со максимална плата и секогаш сум се трудел да давам плус на вработени, никогаш со минимална. Јас воа го кажав. Многу добро знам што кажав. Пред да се воведе бруто плата 30-35% од приватните компании го злоупотребуваа плаќањето на Фондот за пензиско. А што значи тоа. И јас сум бил еден од таа компанија, ама не го кријам тоа јас, каде што сум доцнел 3 години на вработените да му платам пензиско, затоа што државата ми дала можност да доцнам. Кога се воведи бруто плата мораше се да се помине заедно, како до ден денеска и пензиско и здраство и плата. И на првиот и на последниот. Е тоа е убавината на бруто плата. Тоа го кажав кога бев кај Васко. И пак ќе го кажам истото. Нема простор сега за манипулација. Дали знаете колку луѓе отидоа во пензија, без платен стаж, затоа што претходно не беше бруто плата. Значи многу компании тоа го злоупотребуваи парите си ги насочуваа таму каде што му беше поинтересно. Еден од тија бев и јас, кој што доцнев 3 години и кога дојде бруто плата јас се исправив во секундата, ако сакаш да работш како што треба. И тоа е добар закон. Фискализацијата исто е добар закон. Да не навлеваме во таа работа. Да. Значи добрите работи не може да ги негираме. Апсолутно да и не го чарам тоа, али сум имал можност према државата да го задоцнам и да инвестирам во капацитети кои што сум ги инвестирал и во првиот момент кога се воведило бруто плата, таа може да се ускрате и имавме рок од 30 дена да ги уплатме сите и си земавме кредитче и си го плативме и пријатно, со здравје. И тука нема мрдање. Јас ти зборувам дека 36% од компаниите во цела држава

не плаќаа пензиско, него ќе му пуштат здраство за плаво картонче и плата. Тоа е реалноста. Али да не се враќаме назад, напред да одиме од таму. Одиме напред, от нашите компании денеска што ги имаме во Кавадарци, а г имаме фала богу добри компании, почнаа со 5, со 6, со 15, со 20, со 30 и со 50 вработени, па сега има и со 500. Тоа е доброто кај што се шириме и се усогласуваме според меѓународните и европските стандарди. Не ме интересирало мене никогаш минимална плата. Во мојата семејна компанија, нето просечна плата е 36 000, минимална плата не ме интересирала никогаш и никој не зима кај нас минимална плата. Него минималната плата се воведи од други причини и добро е што се воведи. Дај боже да ја дигниме и на 25, а вие сега како Влада ако имате толку храброст дигните ја на 25 000 пошто нето кошничката е 46 и јас тоа ќе го зборувам дека двајца вработени што одат на работа, а не можат да се преранат, значи треба да ја дигниме и минималната плата или да бараме субвенции.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани реално во интерес на времето веќе 16 часот е. Сметам дека. Остај ја забавата друго ми е муабетот. Во однос на точката е исцрпен дневинот претрес, така да ја ставм на гласање. Кој е за. Значи зборуваме за Програмата за работа на ЈП Комуналец за 23-та година донесена од Управниот Одбор. Кој е за. 13 за и. 4 против.

54.Финансов План за 2023 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Отварам претрес. Никој не бара збор. Кој е за. 13 за. Против. 4.

55. Извештај за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци Кавадарци за период од 01.01-30.09.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно усвоена.

56. Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Кој е за. Едногласно усвоена.

57. Финансов План за 2023 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно усвоена.

58. Одлука за распределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

За. 12 за. Против. 4. Воздржан.

59. Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и

трошоци во постапка (судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар;

ГРАДОНАЧАЛНИК: Е сега сакам да кажете тука. Еве Роска е тука колку е на физички лица камата опростено. Опростено извини одобрено да не се наплате и колку помагаме на граѓанството со оваа одлука што ја носиме во финансиска конструкција. Е ова кажи го. Милиони денари се воа не што ги ослободуваме граѓаните сега. Милиони денари се. Не се 300 000 месечно.

РОСКА КЛИНЧАРОВА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Согласно Законот за облигациони односи секое плаќање со задоцнување си носе камати, така и нашите сметки, кои што секој граѓанин, кој што же ги плате со закаснување, на наредна сметка излегува одреден износ по основ на камата. Истите и ние на пример каде што доцниме и Комуналец си плаќа камата. Согласно ако не плате во дозволениот рок согласно фактурата која што е наведена. За граѓаните да не плаќаат камати итрошоци направени во постапката по тужење, еве неколку години по ред се донесува ваква одлука и склучуваат граѓаните договори за да ги платат сметките на рати, кои што им се веќе утужени и им се дава со ова можност да не ги даваме предметите директно на извршител, туку им даваме на граѓаните уште една можност тој утужен износ за тие сметки да си го платат на рати и ратата на не биде од 1000 денари, но не повеќе од 60 рати и со тоа што се обврзуваат со договор да плаќаат редовно тековна сметка рата, тековна сметка и рата, така да во одреден период истите да си го исплатат долгот према Комуналец. Ваков одзв ние имаме кај граѓаните. Некаде годишно 200-300 договори. Е сега во поголем процент граѓаните си го почитуваат договорот и си плаќаат. Мал е процентот каде што не го почитуваат овој договор, а сепак им се излегува во пресрет и мислам дека ова е единствена ваква одлука на ниво на Р. Македонија.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Е токму ова е помошта директна на граѓанството. Значи тие социјални категории кои што задоцниле и се дале на извршување со можноста да се даде на 60 максимални рат за заостанат долг при тоа услов да секоја месечна сметка си ја плаќа редовно ЈП ги ослободува граѓаните со над 10-15 000 000 денари годишно што можеме да ги дадиме на извршување и да ги прибериме како средства. Е тоа е големината на нашето ЈП кое што по основ на камата и по основ на извршување ги ослободуваме комплетно за да ги ставиме во колосек од било кои х причини, затоа што биле задоцнети, закаснати, или може биле невработени,

па сега невработеноста е намалена и било како. Ова е поголемиот дел, него другото што го коментираме за тие двата денара.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

60. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

61. Предлог-Програма за работа на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарциза 2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Јас ќе ја искористам оваа прилика да потсетам на една моја дискусија, која беше јуни месец некаден кога направив компарација со перодот на часовите на плаќање на паркинг во Кавадарци и некои други градови и тогаш добив одговор дека ние сме виделе по Кварталниот Извештај мало зголемување на добивките и позитива на претпријатието, па бараме одма да се кратат. Затоа сакам сега да го изнесам истиот предлог и ако има опција да биде ставен како заклучок или како предлог за гласање. Значи еве повторно ќе го образложам. Куманово плаќа паркинг од 7-21 часот, сабота од 7-14 часот, Штип во работните денови плаќа паркинг од 07-19 часот, за време на сабота од 7-15 часот, Струмица работни денови од 7-21, сабота од 7-17 часот, Велес има поделено летно и зимско сметање на плажањето на часовите за паркинг, летно време од 7-23 работни денови, сабота од 7-17, зимско сметање од 7-21 во работни денови, сабота од 7-16 часот. Кавадарци плаќа паркинг секој работен ден и сабота од 7-22 часот. Сметам дека треба да направме ревидирање на часовите за плаќање паркинг и тоа во работните денови да биде од 7-21 часот, а сабота да биде од 7-14, евентуално до 15 часот. Тоа е мој предлог. Ја гледав Програмата значи, па би сакал да го ставиме како предлог. Благодарам.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Се слагам со предлогот. Тоа е добро и сакам да влезе во заклучокот. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Спомна Павле во делот на часовите на паркирање, наведи во кои градови како се. Еве Градоначалник не знам дали сакате да се споредуваме со други градови или да не се споредуваме со други градови да видиме како се цени или часови. Друга работа што е многу поважна, што е исто така важна во делот на ставање на платен паркинг. Јас мислам дека ние веќе почнуваме

да ја претеруваме работата народски кажано. Еден пријател мој вика кога и да испаднам гледам само цртат едносмерни улици и паркинзи ни стават на улицата. И тоа ниму да мислите дека го решава проблемот со паркирањето во градот. Зошто. Идејата кога се формираше ЈП беше овие атрактивни паркинг места во централното градско подрачје да се наплаќат се со цел да не дојдам јас да си ја паркирам колата и да си ја оставам два дена таму и да не се создава сообраќаен хаос во централното градско подрачје. Ние како почнуваме да се шириме граѓаните почнуваат овие понеатрактивни зони за паркирање да ги избегнуват и да паркират по улички кај што нема регулиран и платен паркинг тие стојат празни паркинг места, кои се надвор од централно градско подрачје. И што добиваме ние. Наместо да го решаваме проблемот со паркирањето, ние имаме паркирање во одредени зони кај што не се наплаќат и добиваме наместо решение на проблемот нов проблем. Да. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Во делот значи што се однесува на советниците од Коалицијата СДСМ, кога им одговара кажуваат други општини, кога не им одговара не важат тие разговори. Значи добро би било да се ориентираме на начата општина, за нашите граѓани и да продолжиме во тој терк на работа. Што се однесува во однос на намалување на цената за паркинг или времето добро би било да направе добра анализа колку тоа би било и како би било и како може да се среде. Значи не би сакал да донесувам некоја одлука за која што нема да имаме никаква анализа. Тоа што е во Штип и Куманово, тоа си е нивен проблем, не е наш. Тоа што го спомна колегата дека паркирале по споредните улички и тоа не е проблем на ЈП, односно не го ствара ЈП тој проблем, него таму треба да си решава сообраќајната полиција. Значи ако постое таму знак забрането паркирање и стопирање треба да појде сообраќајната полиција и да ги предупреде. Јас не сум да се превзимат одма ригорозни мерки, ама да се предупредат граѓаните. Најчесто сите сме такви. Јас сум еден од тија, гледаме што поблиску да бидиме до локацијата каде што треба да стигниме, никако не сакаме 5 м погоре или подоле и баш тука се паркираме за да ја завршиме работата. Од друга страна знам дека ЈП Паркинг дозволува 0 минути мислам дека беше, нека ме исправе дректорот или 15 не знам, 15 – тина минути да биде возилото паркирано без да биде платен паркинг, што значи за тија 10, 15м. да појде да си купе некои намирници што требе или да оставе некои документи до канцеларијата. Никогаш не било проблем тоа. Значи најчесто

проблемот што се јавува, ќе ја оставе колата повеќе од 3 саата, не сака да пуште една порака за да биде платен паркингот. Благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Директоре накратко твое мислење околу предлогот на советничката група на СДСМ.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, советници. Програмата која е изготвена за 2023 година се базира значи прво на податоците на искуството на 2020 година кога почнавме, 2021, 2022 година така да е изготвена да биде реална, она што можеме реално да го оствариме и да го таргетираме на основа на досегашното искуство. Во однос на она сега што кажа, што се предложи за во врска со работното време. Значи кај нас беше прво работното време на почетокот беше зимско работно време до 21 часот и летно работно време до 23 часот со тоа што после се одлучи за едно работно време од 7-22 часот, а сабота беше, прво и недела се наплаќаше, беше укинато, па се одлучивме да донесиме одлука да си биде само сабота до 22 часот, а недела да е слободно. Во тоа да се споредуваме сега во цените со другите не би навлегол во тоа, затоа ај лично знам дека прво сите претпријатија ниедно не функционира самостојно, посебно сите имат некои дополнителни дејности какво е префрлувањето и субвенционирањето во нивните претпријатија не знам, меѓутоа за нашето претпријатие значи гледаме да биде самоодржливо колку може и тоа го правиме со тоа што воведуваме дополнителни дејности во делот на обележувањето, во делот делот на одржувањето на ел. енергија. Така да сите овие работи кои како такви влегуваат во оваа програма во следната година се земени во предвид и искуството ни покажа дека со поголема ангажираност и посветеност во работата, значи на терен, надвор го зголемуваме бројот на пораките така да ако претходната година таргетот беше значи постигнат 1150 пораки, колку што беше отприлика 1100-1200 пораки дневно просечно, неколку блокатор, неколку покренати возила, оваа година таргетот го поставивме повисоко бидејќи гледаме дека сме поефикасни во работата. Тоа не значи дека сега ригорозни ќе сечиме глави, ќе колиме, меѓутоа тоа значи дека доколку успешно се работ, доколку се контролира, бројот на пораките расте, така да следната година планот за 2023 година е направен на база на просечно 1400 СМС пораки дневно, на искористување на оние 1250 станарски дозволи со повластена тарифа кои што остануваат и понатаму, тие ќе бидат следната година како такви, кои што, тоа мораме да го кажиме 1250 станарски дозволи носат носат годишен

приход од 1 000 000 денари неполн, односно дозволува паркирање за 2,7 денари дневно паркинг место што од можните 1700 места значи дневно се зафатени со 1250 станарски возила кои што не носат приход, мешутоа бидејќи е ЈП мора да работи во интерес на граѓаните мора така да биде. Знач тоа е во сите градишта. Негде се 900 денари, негде се 1200 денари, негде се 1500. Кај нас се 900 денари на годишно ниво. Понатаму Планот е базиран на 1250 возила ќе останат како такви, покренат е таргетот дека ќе имаме 300 месечни претплати з а овие лица кои што користат субвенционирана карта, она со обврзувачки договор од 1000 денари. Такви сега имаме 250, негде околу 300, користење на 200 карти за вработени. Понатаму прходи кои што се оствариле од блокмирани возила. Тоа значи некде околу 7 просекот е негде 7-8 возиила дневно. На 3 возила подигнати со пајак службата. Тоа викаме сега не е таргет да ние мораме да го оствариме, меѓутоа тоа се постулати на кои што е базиран Финансискиот план. И дополнително значи тука се влезени приходите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Се извинувам со целиот респект кон самата сеопфатна анализа, ако може ваше мислење околу предлогот на советничката група. Дали сметаш дека може финансиски да се издрже да имаш финансиска конструкција направено или предлогот може да почека. Тоа е мислењето.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ: ....

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кратко дали како советничка група го имате финансиски елаборирано и издржано врз основа на актуелните цени. Значи да имаме некоја груба претстава, еве бидејќи предлогот е нов, не е поднесен досега колку би коштало тоа отприлика како цена. Во тој аспект, за да можеме да видиме како што вика Директорот, оти ако испадне дека треба со 2- 3 000 000 денара да субвенционираме ќе испаден ѓавол и пол тоа. Значи мислам дека тоа е издржливо. Тоа е најдобро. Оти нема ниту директорот финансиска анализа, ниту пак предлагачиоте.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ: Значи вака луѓе. Од 20-22 не се оние што излегуваат од работа, кои се луксузираат. Значи тие што се адвокатари тие се до 21-22. Нема фреквенција голема, ама полни се тие места кај што се угостителските објекти, пред кафани, пред ресторани. Сега ако си ги скратиме тие во тој момент, затоа што гледаме сега тој критичниот еден час, зошто ако останеш без 200 пораки дневно...Значи ќе гледаме по саати и колку би се намалило во тој дел ако намалиме еден саат или два саати.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Секогаш кога станува збор за ЈП за паркирање имаш широка дискусија. На советникот Вуко што вика за еден мој пријател јас сретна. Јас не знам кој ти е пријателот и со кој се дружиш. Тоа е твоја работа уствари. Само бележат, само едносмерни улици, само воа, ноа. Не е така Вуко. 2020 година се направи План за функционирање на собраќајното решение на Општина Кавадарци. Тој план се правеше 2 години претходно, со броење на возила, со фреквенција на возила, категоризација на улици, сервисни, собирни, регонални, магистрални и врз основа на тија План и се постапува. Врз основа на тија план се прават и едносмерните насочни улици и двосмерните насочни улици. Сите оние кои што се спроведени се со Сообраќаен проект, одобрени врз основа на функционирањето на луѓето. Знаете дека пред 1,5 , 2 имавме пожар кај што пожарната единица не можеше да пристапе од неправилно паркирани возила од втора, трета категорија улици, ми се чине беше на Радњанска. Да. Така да пак е ваш пропуст што не бевте по урбаните заедници да се видете со вашите граѓани. Граѓаните бараат воведување на регулирање на паркирањето.Значи јас сум за добра анализа да се направе и мислам дека се работе на таа проблематика да се земе софтвер, да се автоматизира паркирањето и искористеноста на паркинг местата и сето тоа ќе ти каже каде и како движиме. Еве само еден пример ќе ви кажам. Недела не немаме паркинг, е бесплатен, а од полицијата имаме укажување дека треба да бараме начин или да бараме било што за да ставиме човек да го регулираме паркингот во недела на пазарот, пошто се ствара страшен метеж. Е бесплатно во недела така, ама се ствара страшен метеж и има неред, има доста заглавени возила и сега полицијата интервенира. Значи тоа треба заедно со сите анализи да го сработиме. Не само да кажиме ќе намалиме, ќе покачиме или било како. А тоа вие директоре што викате самоодржливоста на претпријатието. Претпријатието секако ќе има кофинансирање, од Општината ги има како кофинансирање и не се спорни тие. Затоа што културата, нивото и деградацијата на еден град е ако биде хаос, а ако имаме ние ред и поредок и секоједен нормално си паркира. Ние имаме едно ниво поголемо во делот на градскиот сообраќај, имаме еве сега две нови сообраќајни решенија со семафори, имаме предвидено нови кружни текови, имаме нови едносмерни улици, 4700 знака ставивме за 3 години. Значи одбележувањето на градот хоризонтално и вертикално и насочувањето на улиците мора да биде на ниво, а тоа ниво мора да го изградиме заеднички во соработка со Полициската станица,

со сообраќајната полиција, со потребите на граѓаните и со едукацијата на луѓето. Еве класичен пример Ило Костов улицата, со самото одбележување на улицата, бесплатен е таму паркингот, со самото одбележување се стави во ред целата улица. Значи знае кој каде да паркира. Така да не е се само во парите, него треба малку да се ставе повеќе акцент и на регулирањето на паркирањето, пошто ако ние имаме неред на паркирањето, а Кавадарци не го занемарувајте пошто по број на жители е град кој што има најмногу патнички возила. Последната бројка беше 13 700, од пред 4 години, а сега е 16 200 регистрирани автомобили во Кавадарци. Е сега замислите колкав е тија метеж и како треба да го регулираме. Така да м ислам дека треба да се земат во обзир повеќе анализи да се направат , да не биде вака воа нафрлено. Има простор тука за работа, а и тоа му е работа на крајот од денот на ЈП. Да регулира и да може да ставе ред. Вие, еве ти Вуко на 7-ми Септември ли беше. Не Цано Поп Ристов. На Блажо Алексов. Е на Блажо Алексов 3 години по ред се трудиш да направиш негативна кампања. Никако да успее. Го проширивме тротоарот, зеленило ќе нема, отидовте со пратеничката таму, ме викнавте во сабота поручек, така си, како да ти кажам само за бељи си направен. Зошто. Што убаво е сега нели гледаш. Зошто не ми реагираш на Блажо Алексов нема да го именувам сега, подоле што е браварот што има 3 коли хаварисани што има оставено на патот. Зошто не реагираш за тоа, а не воа што го збориш. Зошто го регулираме. Е за тоа го регулираме сообраќајот. Да не може секоједен да оставе било кај што сака Блажо Алексов е една од клучните улици и Димката Ангелов Габерот од другата страна кога ќе се направе, ќе биде по истиот принцип. И градот јас нема да ти дозволам да го вратиш назад, напред ќе оде. Ако си бил во Бордо, ако не ќе те однесиме. Во Бордо, во Франција. Јас таму се мерам веќе, со Бордо. Сите едносмерни улици, паркирањето е парен, непарен ден, а јас сакав тоа да го постигниме. Е с ега да ти кажам зошто е парен, непарен ден. Парен ден се паркира на лева страна, а непарен ден се паркира на десна страна за да може Комуналец да ја смете улицата, да го фрле ѓубрето, да испере. Е до таму сакам да стигниме ме разбираш. И ќе стигниме верувај ми. Само со твоја подршка молим те.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Градоначалниче значи вака. Зборувате за анализи со цел да не се создава метеж во сабота после 2 часот, значи во сабота после 2 часот не работат ниту банките во Кавадарци, ниту државни институции, централното градско подрачје кај што би се создал метежот. Значи нема основ

да се создаде метеж и овие градови што ги знам на пример и ги дадов на компарација сите имат поголем број на жители од Кавадарци. И Штип, и Велес, и Струмица. Е како нема. Ај пописот да го отвориме од 2021, ќе видиме.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Нивото на Кавадарци по број на жители, по глава на жител имаме најмногу автомобили. Јас не реков дека ќе се створе метеж, реков да направиме анализа. Значи нас метежот ние е створен во недела кога немаме регулирано паркирање на катната гаража. Тоа ни е проблем. Не реков да не се намале

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Нека се решава. Наплатните саати да се намалат во сабота и работните денови од 9-10. Од 9-10 во работните денови како ќе се создаде метеж. Каде. Ако има, нема каде.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ќе се разговара и не викам не. Само да се земат во предвид покрај финансиската конструкција, што не е најбитна што ќе ја изгубе претпријатието, да не направиме да има метеж. Тоа ми беше муабетот. Така да направите анализа комплетна.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Вака господа. Ајде излези.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не сум ги собрал јас туку самоинцијативно се собраа и ме повикаа мене и ја повкаа и пратеничката и граѓаните викат вака Види нас никој не не праша дали сакаме едносмерна улица или не. Нас никој не не праша дали сакаме велосипедска патека како што планиравте да правите. Така ли беше. Па се каравте со Раководителката што ти е на Сектор за урбанизам и комунална, како се вика. Да таа. Е таа се караше со сите 30 души и ги убедуваше колку тие не разбират, а колку она разбира. И граѓаните викат дека никој не не прашал нас дали сакаме паркинг, дали сакаме едносмерна улица, дали сакаме велосипедска патека. Јас не знам од каде ги црпите овие барања. Некња ме срекават луѓе и ми викат убава честитка сте ни дале од Општина Кавадарци да почниме и тука да плаќаме и лушето прекинуват таму да плаќаат и се паркираат по уличките. Дојди види. И така е и на други места. Таму каде што му ставаш платен паркинг почнуваат барем 30-40% да го избегнуваат тоа паркирање и да одат да се паркират по споредни улички. Тоа го зборувам јас. Идејата на јавното паркирање беше на почеток да се регулират атрактивни зони, места за паркирање. Така ли беше. Со таа идеја ли тргнавме. Не тргнавме да ставаме паркинг платен во цел град.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници Предлог- Програмата за работа на ЈП заедно со заклучокот на анализа

го ставам на гласање. Значи Предлогот. Само на кратко сега. Предлогот на Павле Маневски за анализа на работно време. Не да го намале. Да се направе анализа на барањето на советникот од страна на ЈП Паркинг.Значи. Само на кратко. Само момент советниче. На наредната анализа бидејќи точката се гласа со Заклучок. Менаџментот на Јавен Паркинг е задолжен да ни даде информација околу финансовата конструкција на барањето на советничката група на СДСМ и тогаш ќе видиме како ќе биде и што. Дали сум јасен. Ајде. Кој е за. Едногласно. Значи севкупна анализа за сабота до 14 часот и за 22-21 часот да ги нема. Значи седните и на наредната здравје боже во јануар ќе го видиме како информација. Ќе бде ставено на точка на дневен ред

62. Предлог-Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

63. Предлог-Одлука за давање на трајно користење, стопанисување и одржување на урбана опрема –автобуски постојки без надомест на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Тоа е 63 точка. Отварам претрес по 63 точка на денешниот дневен ред. Кој е за. Во ред. Нема дискусија. Едногласно.

64. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

65. Програма за работа за 2023 година со Финансов План на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Се извинувам. Колку се против. 5 против. Добро. 12 за.

66. Информација од Директорот на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Документите. Почитувани точката ја ставам на гласање.

67. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Едногласно.

68. Одлука за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. 12 за. 5 против.

69. Одлука за утврдување на Трасата на движење на автобусите за школски превоз на ученици во Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес. Едногласно усвоена.

70. Одлука за утврдување на ценовник за отстапување на рекламен простор на автобуските постојки на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно. Во ред.

Одиме на 71 точка. Би ги замолил службите од Општината да ги повикаат . Ве молам викнете ги.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Претседателе пред да дојдат службите. Приметив една работа, не знам дали тоа вака. Секогаш кога испаѓам да му дебатирам на Вуко, во меѓувреме му стигат пораки на телефонот и он има консултант што мене ме слуша однадвор и му вика одговори му вака. Значи ти не си индивидуален како советник. А со оглед на тоа дека само 16 души ја следат седницата во живо јас видов и кој е. Имаш и подобри советници не мора тија.

71. Програма за работа на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за.

72. Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани значи следна точка ни е Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј. Во споредба со претходната програма што ја имавме, значи имаме значајно зголемување на дотациите што оваа институција ги бара од

Општина Кавадарци. Значи минатата година беа 2 000 000, сега се 4 000 000 денари, а во делот на сопствени приходи и не знам дали има некоја промена, таа е минимална промена, а знаеме дека претходно значи како Совет во надлежност на Локалниот Вински Музеј ги доделивме Винотеката и Информативното Биро на плоштадот. Сметам дека овие објекти беа доделени со цел да се збогати програмата, работењето на овој Вински Музеј , на оваа институција, со што ќе можат и да си обезбедат и дополнителни приходи. Ќе имаме и следна точка каде што се менува статутот на работењето на оваа институција со што ќе се овозможи да се врши и трговија. Значи да се продават пијалоци во рамките на оваа институција, што беше едно барање на една од претходните седници. Значи да се најде начин да се обезбедуват дополнителни приходи за да може институцијата да си ги покрива своите трошоци и да не биде терет само на Општина Кавадарци, но сега со оваа Програма фактички, иако доделивме дополнителни објекти во надлежност на оваа институција, иако ќе направиме и статутарна промена на работењето наместо да имаме зголемување на приходите, намалување на дотациииите, ние имаме дуплирање на дотациите, а кај приходите немаме промена. Кога зборувавме за Планот за вработување на оваа институција уште тогаш кажав вие не бевте присутни за да ми одговорите. Во кој дел зошто се бара дополнителни 8 или вкупно се 8 вработувања. Не е битно. Значи ќе мора оваа институција значи со тие вработени што си ги има да направи таков распоред и да може да ја покрие својата работа. Затоа што приходи дополнителни од сопствени приходи нема. Значи се бараат пари од Општината и сметам дека првично сега со статутарните промени, со овие што ги добивте објекти да се потрудите како институција да докажите дека можете да остварувате дополнителни приходи, да видиме како ќе биде организирана вашата работа во иднина да побарате нови вработувања, а сега уште во старт ние да одиме да зголемуваме вработувања без да имаме можност, значи не ни планираме приходи за вработувања. Значи планираме ние само вработувања, трошоци по однос на вработувања, а во делот на приходи не гледам ефект. Значи со што тие вработувања ќе дадат придонес во работењето на оваа институција, а индиректно ќе дадат придонес и за нашата Општина. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: У делот на говорот на колешката, значи да нема забуни. Значи не се работе за нови вработувања, туку тоа се постоечки вработувања поради тоа што од Инфо Бирото

што ни е Туристичкото Биро и Винскиот дуќан, Винотека, значи таму има веќе има постоечки вработувања и тие треба да влезат во делот под капата на Винскиот Музеј. Со преземање да. Со преземање. А значи поради тоа што го менуваме Статутот на Винскиот Музеј, тоа е ради тоа што веќе Винотеката има веќе и комерцијален дел каде што може да продава вино. Тоа не значи дека Винскиот Музеј ќе има енормни приходи од продажба на вино таму. Тоа е се само заради мора да се направат тие измени таму и да си биде регуларно се како што треба. Да не биде нестатутарно. Тоа е тоа. Благодарам.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Добарден на сите. Почитуван Градоначалник, почитувани советници, останати присутни. Во делот на Програмата за работа на ЈОУ Локален ВинскиМузеј би сакала да информирам на следното и да одговорам на прашањата поставен од советничката Веса Богева.Точно е дека се зголемени во Финансискиот План дотациите, односно проектиран е буџет на 4 000 000 денари, бидејќи на една од претходните седници Советот на Општина Кавадарци на Локален Вински Музеј додели на трајно користење две Подружници. Тоа е Градската Винотека и Туристичко Информативното Биро, за што во самата програма за работа точно со план се утврдени активностите кои што ќе ги имаат овие две Подружници. Проекцијата на буџетот во тој дел знаете и сами дека во моментот во Градската Винотека и во Туристичко Информативното Биро се ангажирани 4 вработени, кои што сега се на товар на Општината и кои што Локалната институција Вински Музеј од 1-ви јануари треба да ги превземе. Сигурно не очекувате со двајца вработени да можеме да ја вршиме таа дејност. Во моментот во Локалниот Вински Музеј има вработено само двајца на неопределено време. И сега јас би сакала вас да ве прашам. Со двајца како ние да организираме работа уште на две Подружници, кои што се во состав на Локалната институција Вински Музеј Кавадарци. Еве одговорете ми. Во ставката на плати и надоместоци во тој дел се предвидени 3 000 000 денари одобрени, односно проектирани кој што Вински Музеј ги бара како дотации од Локалната Самоуправа се 4 000 000, 3 се предвидени за плати и надоместоци, 600 000 денара се предвидени за ел. енергија и само 400 000 денари за сите останати трошоци, кои што ќе бидат останати од страна на Вински Музеј и предвидовме 250 000 денари по однос да видиме како ќе тргне работата, колкава ќе биде маржата или рабатот со Тиквешки семејни винарии и кои други активности ние како институција ќе успееме да ги оствариме во наредниот

период. Знаете сите дека влезот во Вински Музеј и понатака е бесплатен, така да ние останати приходи немаме. И јас би сакала уште еднаш да ве прашам вас како планирате вие со двајца вработени, пошто потенциравте дека имаме двајца вработени да организирам работа и во Градската Винотека и во Туристичкото Информативно Биро без вработени луѓе. Како Винскиот Музеј да исплати плати во тој дел. Благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Директорке конкретно за што работни места станува збор. 8 лица што ќе работат конкретно во сите овие ваши Подружници.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Не се вкупно 8. Мислам се 8 , а во тие 2 Подружници се по двајца. Па како да организираме смена од 8 часа со 1.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Информативното Биро работе во две смени.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Информативното Биро работи од сабајле од 8-18 часот. Исто така планираме работното време од кога ќе тргнеме со продажба на вино да биде од 8-20 часот за да можеме да излезиме во пресрет на граѓаните на Општина Кавадарци и на туристите, а со цел да помогниме на развојот на винскиот туризам во Општина Кавадарци да може да купуваат вино од Градската Винотека и се со цел ние да го шириме винскиот туризам во Кавадарци. Значи Градската Винотека ќе биде со работно време од 8 сабајле до 20 часот. И сега ви е јас сакам вас да ве прашам. Како јас да организирам работно време од 8 сабајле до 20 часот навечер со еден вработен. Не објаснете ми еве.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Директорке значи вие треба да обезбедите приходи за да може да си ги покриете своите трошоци.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: И како објаснете ми. Како.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи сте си превземале обврска да ги превземите тие. Значи што е целта.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Вие гласате одлука да ги земиме и нашата дејност е проширена.Значи нас не ни е само Вински Музеј сега. Јас имам сега уште две Подружници.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Секако после месец ќе дојдите и ќе кажете дека ви требат уште вработени. Според ова сега што го кажувате. И повеќе пари ќе барате и ќе нема крај на општнскиот буџет .

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Ако ни дадете уште две институции нормално ќе имаме потреба од уште вработени.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Градоначалник што е целта што овие институции се префрлени во Локалниот Вински Музеј.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи вака сега. На претходниот Совет и со правењето на анализата на функционирање на Општина Кавадарци и со менаџирањето на сите три сродни институции, а со единствена цел подигање на винскиот туризам, подигање на туризмот воопшто во Кавадарци и гостите кои што би ги имале во Општна Кавадарци, а со тоа се стремиме нели да се покажиме како добри домаќини и да имаме каде да се видат нашите културни наследници, наследничка работа и било што одлучивме и со одлука на Совет Информативното Биро го дадовме како Подружна Единица на Винскиот Музеј и Винотеката како Винотека ја дадовме исто на Винскиот Музеј. Тоа се два објекта за да има еден менаџер, кој ќе ги менаџира. До вчера тие објекти ги менаџираше Општина Кавадарци или Секторот за култура кој што кажавме дека воопшто е слаб. И за тоа одлуката наша беше предлог да одат во Винскиот Музеј и јас сум сигурен и убеден дека со преземањето на тие вработени кои што до вчера, односно до денеска до 01.01 се под капата на Општина Кавадарци истите вработени одат во Винскиот Музеј ќе бидат многу попродуктивни, ќе бидат многу поискористени и ќе бидат консолидирани во делот на винскиот туризам и општо туризамот во Општина Кавадарци. Целта на Информативното Туристичко Биро не застанува тука. Тоа е за секој што дошол од страна, па макар нека е и од Неготино, да дојде, да праша, да виде, да се информира, може сака да посете манастир, црква, музеј. Тука е правењето на 3Д платформата која што ја направивме како единствена општина. Тука е понатамошниот развој во делот на Општината и со бесплатен велосипедизам, тука е идејата, после понатаки бесплатни електрични мопеди или веспи за изнајмување од Информативното Биро, а нормално Винскиот Музеј е врзан со сите тие туристи и овие семејни винарии што ги викаме и индивидуални винарии, да им овозможиме да бесплатно се промовираат, кои што од друга страна му даваме 2 000 000 денара подршка годишно во делот на нивното брендирање, субвенционирање на семејните винарии, да се изложат на самата Винотека и да има место за продажба, затоа што тие семејни винарии ќе ни треба сигурно уште не знам колкав период, дај боже што побрзо да влезат на полица на маркети. Значи во полица на маркети ние нашите семејни винарии ги немаме. Единствено место каде што можеме да ги купиш тие вина се во моментот винотеките и нормално како семејни винарии индивидуални се борат да се

прошират во делот на ставање на полица. За да стигниме во Тинекс да ги имаме тие вина ќе ни требаат уште 5,10 години и помошта е од таа страна да ги развиеме малите семејни винарии и ова што е проектирано и кажано е оној дел што беше Тобако во делот на киното сега со Елаборат треба да го одвоиме геодетски. Тоа е мала површина негде околу 25 квадрати, 27. Тоа ќе биде втората Винотека во Кавадарци и таа Винотека ќе има вработени луѓе кај што ќе го промовират нашето кавадаречко семејно, традиционално вино, ракија, било што и ќе може да се врше продажба одтаму нормално со регистрацијата и фискализацијата на тие Подружници. Друга цел јас не гледам никаква тука. Единствено во дигањето на винскиот туризам, општо туризмот и дигањето на нивото на култура во градот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги за институцијата Вински Музеј и ова Винска куќа и Информативното Биро доволно ги знам работите како стојат само ме интересира една работа. Многу време и пред едно време зборев за луѓето што работеа таму дали ќе земат решение и веќе двајца луѓе земаа решение. Има едно дете што оде таму во Информативното Биро, 4, 5 години неосигурано. Моето прашање е дали сме предвиделе да ги осигураме луѓето со стаж или ќе ги водиме со договор. Моето мислење е дека треба веќе да му дадеме решение и да ги стбилизираме луѓето. Тие луѓе одат на работа или да не се десе нешто друго неубаво, да распишиме оглас, па некој друг да земе место, а ова веќе 5 години одело. Тука ме интересира тоа, а иначе го оправдувам и оправдани се тие 7,8 вработувања, нормални се за тие 3 институции. Дали овие пари што директорката ги има. Дали има простор овие луѓе што се, да ги средиме со осигурување, со придонеси и со плата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Директоре дали во буџетот за 23-та е планирано трансформација на работниот однос на вработените од определено на неопределено.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Значи вака да појаснам за сите. Моментално лицата кои се ангажирани во Винотека и во Туристичко Информативното Биро се платени преку Агенција за времени вработувања од страна на Општина Кавадарци, но измена и дополнување на систематизацијата во Вински Музеј е направена и предвидени се средства во буџетот за нивно превземање во ЈЗУ Локален Вински Музеј. Па нормално како на друг начин. Нормално, мислам добиена е согласност од МИА, предвидени се во Годишниот План за вработување за 2023 , се чека постапката на конкуси и согласност од страна на Општината и ќе биде објавена

најтранспарентна постапка на оглас како што беше случајот и со двајцата кои што сега се вработени, така да ќе си биде реализирано онака како што законските прописи налагаат.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Ме интересира колку за луѓе се со договор за дело се работе. Мислам преку Агенцијата. Тие веќе не се преку Општината.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: 4.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: 4 и вие 2 6. И процесот на работа не може да се организира. Во ред. 7.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ми беше прашањето да ги регулираме, заради тоа што тие се вработени, да не испадне од тие некој.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Имаме да не ве буни ставката од 8. Имаме едно место кое што го провлекуваме цело време. Тоа е хигиеничар, кој што навиистина ни е неопходен и стално го ставаме во Годишниот План за вработување. Да. Инаку досега услугите ни ги врши Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Мене една работа не ми е јасна. Сакам да ми се објасне. Минатата година ова време кај вас директорке имаше вработено едно лице на неопределено време и две беа на определено време. Тоа се тројца. Сега има четири од двете институции, што идат. 7. А станува збор гледам таму во Програмата 8. Не ми е јасна таа работа. 7 ли се, 8 ли се. Дали ова е момент на мала врата само да влеват луѓе. Такви работи јас не би прифанал. Ви благодарам.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ: Едниот човек за кој што зборувате вие тоа сум јас. Мислам не сум на неопределено. Јас сум именувано лице. Двајцата за кои што заборувате беа по договор на дело. Четворицата кои што треба сега да ги примам се четворица кои што сега се преку Агенција за времени вработувања. Треба да ги превземиме. И едно е предвидено кое што се провлекува и го ставаме секоја година. Тоа е хигиеничар. Тоа е. Инаку во моментот се седум. Тоа е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директорке. Почитувани точката ја ставаме на гласање. Кој е за. 12 за. Против 5. Воздржан 1.

73. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Добро не е едногласно усвоена. 1 воздржан. Против. Двајца воздржани и 4 против. Веса за.

74. Статут (пречистен текст) на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

Кој е за. 14 за. 3 против. 1 Воздржан.

75. Финансов План за 2023 година на ЈОУДетска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈОУДетска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на Детската градинка не можам а да не потенцирам Градоначалник за оноа што сме гласале предходно. Во месец мај изгласавме одлука кај што Детската градинка требаше да ја ослободиме односно 150, односно од 150-170 дечиња кои што потекнуваат од семејства со приход до минимална плата требаше да бидат ослободени. Ние наместо да ги ослободиме тие, ја зголемивме Детската градинка на 2000 денара. Јас не знам Градоначалник сем во Кавадарци дали на друго место е зголемена. Една работа. Тогаш кога дебатиравме во однос на детската градинка и првиот пат кога ги ослободивме дечињата од плаќање на партиципација и вториот пат кога дебатиравте тука за зголемување на детската градинка, постојано викавте криза енергетска, оваква, таква, Владата не чине, не помага, меѓутоа пак сакам да те потсетам Градоначалник дека Владата во сите јавни претпријатија, школи, детски градинки им овозможи субвенционирана цена на струја. Тоа е со одлука на Влада.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Детските градинки не се опфанати во тоа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Опфанати се.

ГРАДОНАЧАЛНИК: А и јас сум просто изненаден од договорот тука заедно со вас се договаравме социјално категоризираните деца да одат бесплатно, комисии една, две, дури една онлајн јас на одмор бев тогаш 3 и пол дена. Како успеавте да ги покачите цените

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Па на ваш предлог.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Па на кој мој предлог.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не се слагате да има 2000 денара покачување.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Нема што јас да се слагам. Што ќе изгласате јас ќе испочитувам. Инаку предлогот беше на Директорката.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: На Директорката. Значи Директорката не чине. Кој ја поставува Директорката.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас не реков дали чине или не чине. Предлогот беше врз основа на направена анализа. А инаку јас не сум за покачување.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалниче они без ваше одобрение не смеат за еден денар да ја покачат, а не за 500 денара. Еве ќе имаш прилика на наредна седница да ја исправиш.Единствена општина во Македонија каде што детската градинка, партиципацијата за детска градинка е зголемена е Општина Кавадарци.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас имам друга информација. Единствена општина кај што не чека дете на прием за во детска градинка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да ама тоа е заради инвестициите на Министерството за транспорт и врски.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Е сега тука ќе те потсетам. Кое министерство.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За труд и социјална политика.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не е точно. Па не е точно. Тоа ти го елаборирав и прошлиот пат. 40 000 000 денара се пари од Општина Кавадарци, а 47 се пари од МТСП .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За новата детска градинка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: А бе за новата е 47, а уште колку занимални има. Па 5.5 000 000 се таму наши пари. Значи фифти-фифти ни е инвестицијата меѓу Владата и Општината. Да. Односно МТСП. И ако останеше Мила Царовска министер уште две градинки ќе направевме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. Против. 5.

76. Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци за јануари-декември за 2022, донесен од Управен Одбор на КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци Јадро;

Кој е за. На комисиската расправа беше присутна. Кој е воздржан. Значи беше присутна на Комисијата вчера. Регуларно беше поканета. Не во ред си е забелешката. Точката ја ставам на гласање. Кој е воздржан. Едногласно воздржани.

77. Годишна Програма со финансов план на Установа од областа на културата КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен Одбор на КСП„Подиум –Јадро„Кавадарци Јадро;

Кој е воздржан. Едногласно.

78. Предлог-Одлука за придружување на Општина Кавадарци кон Заложбата за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилството врз жените во политиката;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Кој е за. Никој не бара збор.

79. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ „Киро Спанцов Брко„ Кавадарци, донесен од Директорот на СОУ „Киро Спанцов Брко„ Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

80. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

81. Извештај за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

82. Програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

83. Предлог Програма за работа за 2023 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци.

Ја ставам на гласање. Тука е. Елабориреше на Комисијата. Едногласно усвоена.

84. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, ДЕЛ ОД БЛОК 6.11, „СРЦ ЈАСМИН“ КО Кавадарци Град , ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. На гласање едногласно усвоена.

85. Предлог-Одлука за примање донација – садници од Друштво за градежништво и трговија “ЖИКОЛ” ДООЕЛ експорт импорт Струмица.

И последната точка е за примање на донација од страна на Жикол. Кој е за. Едногласно усвоена.

Почитувани советници бидејќи е исцрпен дневниот ред ја затворам седницата.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов